

Прирачник за постапување
на судовите во постапките за

# ЗАШТИТА ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО



ESE

Прирачник за постапување на судовите во постапките за

# ЗАШТИТА ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

# БЛАГОДАРНОСТ

Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ изразува посебна благодарност на Проектот на УСАИД за јакнење на судството за финансиската поддршка и на судиите од основните судови кои учествуваа во подготовката на овој прирачник:

Андон Атанасов од Основен суд Радовиш,
Габриела Гајдова од Основен суд Велес,
Стојан Михов од Основен суд Штип,
Лила Цветаноска од Основен суд Штип,
Зора Треневска од Основен суд Скопје II
и Оља Ристова од Основен суд Скопје I.

# СОДРЖИНА

1. ВОВЕД . . . . . 7

2. РАЗБИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ . . . . . 9
- 2.1. Митови и факти за семејното насилство. . . . . 10
- 2.2. Облици на семејно насилство . . . . . 13
- 2.3. Динамика на семејното насилство . . . . . 13
- 2.4. Карактеристики на сторителите и жртвите на семејно насилство. . . . . 15
- 2.5. Последици од семејното насилство . . . . . 17
- 2.6. Децата како сведоци на континуирано насилство во семејството . . . . . 18
- 2.7. Ефикасно помагање на децата изложени на семејно насилство . . . . . 20

3. ДЕФИНИРАЊЕ И РЕГУЛИРАЊЕ НА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО ВО МАКЕДОНИЈА . . . . . 23
- 3.1. Дефинираност и начин на регулирање на семејното насилство . . . . . 23
- 3.2. Мерки за заштита на жртвите од семејно насилство . . . . . 24
  - 3.2.1. Цел на мерките за заштита . . . . . 25
  - 3.2.2. Видови, содржина и начин на спроведување на мерките за заштита . . . . . 25
  - 3.2.3. Институции и граѓански организации кои обезбедуваат мерки за заштита . . 28
- 3.3. Привремени мерки за заштита од семејно насилство . . . . . 29
- 3.4. Казненоправна заштита од семејно насилство . . . . . 30

4. ПОСТАПУВАЊЕ ВО СЛУЧАИ НА ИЗРЕКУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ЗА ЗАШИТА (ПМЗ) . . . . . 31
- 4.1. Целта на изрекувањето на привремените мерки за заштита . . . . . 31
- 4.2. Видови, содржина и постапка за изрекување, извршување и следење на привремените мерки за заштита . . . . . 31

5. ПОСТАПУВАЊЕ ВО СЛУЧАИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО . . . . . 39
- 5.1. Цел на казненоправната заштита . . . . . 39
- 5.2. Кривични дела под кои можат да се поведат случаи на семејно насилство . . . . . 40
- 5.3. Кривична постапка во случаи на семејно насилство . . . . . 44

6. КОРИСТЕНИ ЗАКОНСКИ АКТИ И ЛИТЕРАТУРА . . . . . 77

7. АНЕКСИ . . . . . 79



# 1. ВОВЕД

Прирачникот за постапување на судиите во случаите на семејно насилство е подготвен со крајна цел зголемување на степенот на судска заштита на жртвите на семејно насилство во граѓанските и кривичните судски постапки. Во истиот се вклучени детални информации за природата, карактеристиките, законската регулираност на семејното насилство, постапувањето на судиите во заштитата на жртвите и санкционирањето на насилното однесување на насилниците. Прирачникот е наменет за граѓанските и кривичните судии кои одлучуваат по предмети поврзани со семејното насилство и истиот може да се користи со цел соодветно применување на законските одредби кои налагаат заштита на жртвите на ова поле.

Впрочем, појдовна основа за подготовката на овој прирачник е фактот дека граѓанскоправниот и кривичноправниот систем на заштита претставуваат значаен механизам за заштита на жртвите на семејно насилство, при што од соодветната примена на законските одредби во пракса зависи сигурноста и безбедноста на жртвата и третманот на овој проблем во нашето општество. Истовремено, се упатува јасна порака кон насилниците за недозволивоста на нивното однесување и можноста за санкционирање и изрекување на законски предвидените казни. Од друга страна судиите можат активно да ги застапуваат интересите на жртвата и со тоа да повикаат на повисок степен на соработка и координација помеѓу останатите институции вклучени во системот на заштита, како што се обвинителството, полицијата, центрите за социјална работа и др.

Поконкретно, во постапките за изрекување на привремените мерки за заштита од семејно насилство, судот има значајна улога во однос на заштитата на жртвата од идно насилство и превенирање на насилното однесување на

насилникот. Почитувањето на начелото на итност на постапката за изрекување на привремените мерки за заштита и земањето предвид на потребите и безбедноста на жртвата од страна на судиите се клучни при постапувањето во овие судски постапки.

Во кривичните постапки поврзани со семејното насилство судот има главна улога во повикувањето на кривична одговорност на сторителите на семејно насилство и применување на законски предвидените казни за нивното насилно однесување. Впрочем, земајќи ја предвид сериозноста на семејното насилство, законодавецот пропишал построга казнена политика за сторителите на овој вид криминалитет. Затоа од особено значење за улогата на судот во овие постапки е напуштањето на досегашната практика на изрекување на поблаги казни и користењето на одредбите од Кривичниот законик во однос на ублажувањето на казната. Со изрекувањето на условни осуди или парични казни судот ги занемарува последиците од претрпеното насилство по жртвата и истовремено не му упатува порака на насилникот дека неговото однесување е недопустливо и неприфатливо.

На крај, преку спроведување на предвидената политика за заштита на жртвите, вклучувајќи ја и казнената политика кон насилниците, судиите праќаат јасна порака до целата општествена јавност дека семејното насилството претставува сериозен општествен проблем и дека насилниците се повикуваат на одговорност. На овој начин судиите може да ја промовираат нетолеранцијата на насилството, значително да ја зајакнат целокупната општествена реакција кон проблемот и во континуитет да ја обезбедуваат потребната заштита на жртвите на семејното насилство.



# 2. РАЗБИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ

За соодветно постапување во судските постапки за заштита од семејно насилство неопходно е согледување на вистинската природа, димензии и карактеристики на овој општествен проблем. Оттаму, во делот кој следи содржани се информации за различните облици на семејното насилство, начинот на нивно манифестирање, последиците од претрпеното насилство, карактеристиките на жртвите и сторителите, динамиката и циклусот на семејното насилство. Посебно внимание е посветено на децата како жртви на семејно насилство и можностите за нивна помош и поддршка.

Суштинско прашање кое се поставува при иницирање на судска постапка за заштита од семејно насилство е безбедноста на жртвата. Судиите при оценувањето на доказите и одлучувањето треба да земат предвид дека конкретниот настан заради кој е иницирана судската постапка не претставува изолиран инцидент кој треба да се цени исклучиво врз основа на приложените факти и докази во конкретниот случај. Она што е карактеристично за семејното насилство е неговото повторување, односно вршење на насилство во континуитет во подолг временски период. Ваквиот пристап од страна на судиите ќе овозможи соодветно да се процени случајот, но и да се оцени степенот на ризик по животот и здравјето на жртвата.

Од аспект на судското постапување, одлучување и одмерување на казната, информациите содржани во оваа глава можат да послужат за тоа кои околности може да се сметаат за отежнителни, односно што не треба да се земе предвид како олеснителна околност. Позитивните примери на судска пракса ги сметаат следните околности како отежнителни: рецидивот и долготрајноста на насилството, видот и интензитетот на насилството, ранливоста на

жртвата, злоупотребата на општествената позиција и авторитет, намерното одолговлекување на постапката, користењето на оружје при насилството и др. Истовремено како олеснителна околност при одлучувањето во случаите на семејно насилство не треба да се земат каењето на насилникот и променетиот став на жртвата во текот на постапката.

Дел од информациите содржани во оваа глава се преземени од претходно објавени публикации на Здружението ЕСЕ кои се однесуваат на постапувањето на професионалните структури во случаите на семејно насилство[1].

## 2.1. Митови и факти за семејното насилство

Во недостаток на вистински факти за проблемот, помеѓу пошироката јавност се застапени одредени уверувања или митови во однос на семејното насилство кои придонесуваат за негова појава и опстојување во нашата држава. Истовремено, овие верувања придонесуваат за: минимизирање на значењето на проблемот, префрлање на одговорноста на самата жртва, изнаоѓање на надворешни причини за насилното однесување на насилниците, како и прифаќање на состојбите какви што се од страна на жртвата. Оттука неопходно е да се обезбедат податоци кои ќе овозможат согледување на вистинска природа, димензиите и карактеристиките на семејното насилство. Ова е од особено значење за донесувањето на одлука од страна на судиите во граѓанските и кривичните постапки за заштита од семејно насилство, односно фактите наведени подолу треба да бидат земени предвид при донесувањето на судските одлуки и одмерувањето на казната.

Во делот кој следи опишани се фактите наспроти доминантните митови во однос на семејното насилство кои овозможуваат согледување на неговите вистински димензии и последиците кои настануваат како резултат на истото.

МИТ: Застапеноста на семејното насилство е претерано нагласена, тоа и не е така голем проблем.

ФАКТ: Без оглед на статистичките податоци, семејното насилство е доста застапено.

Податоците за пријавените случаи на семејно насилство не ја одразуваат реалната застапеност на овој проблем во нашата држава. Податоците од истражувањата за застапеноста или „темната бројка“ на семејното насилство укажуваат на неговата широка распространетост во нашето општество, која е доста поголема доколку се направи споредба со пријавените случаи.

[1]Овие публикации можете да ги најдете на веб страната на Здружението ЕСЕ www.esem.org.mk

Треба да се земе предвид дека поради низа причини[2] жртвите не се одлучуваат да го пријават семејното насилство и да се обратат за помош.

МИТ: Насилството во семејството помеѓу партнерите е приватна работа.

ФАКТ: Семејното насилство претставува сериозен општествен проблем.

Последиците од семејното насилство ги погодуваат различните сегменти од социјалниот живот, како што се зголемените трошоци за здравствени услуги, зголемените трошоци за службите во рамките на ЦСР, судството итн. Понатаму, последиците од насилството не се одразуваат само врз жртвата, туку и врз децата сведоци на насилството за кои постои поголема веројатност да го продолжат циклусот на насилството.

МИТ: Ако жртвата го напушти насилникот насилството ќе престане.

ФАКТ: Повеќето од жртвите се во поголема опасност откако ќе го напуштат насилникот.

Според истражувачки податоци повеќе од половина од пријавените случаи на семејно насилство ги извршиле партнери кои претходно биле напуштени од страна на жртвите. Овој податок укажува на тоа дека тогаш жртвите се похрабри да го пријават насилството во полиција или други институции, меѓутоа истовремено постои голема веројатност насилството да продолжи по напуштањето на насилникот. Оттука, во случај кога е иницирана граѓанска или кривична постапка за заштита на жртвите на семејно насилство, неопходно е судовите да посветат доволно внимание на прашањето за безбедноста на жртвите.

МИТ: Жртвата го предизвикува насилството. Жртвата „сама си го барала" насилството.

ФАКТ: Насилникот го предизвикува насилството и тој е одговорен за своето насилно однесување.

Овој мит се темели на уверувањето дека нешто не е во ред со жената жртва на семејно насилство (на пр. таа е неуредна, не ги завршила домашните обврски, постојано приговара нешто) и дека на некој начин таа го заслужува насилството. Овде спаѓаат уверувањата дека насилникот бил насилен само затоа што бил испровоциран од жртвата. Ова уверување придонесува вината за насилството кое се случило да биде префрлена на самата жртва. Меѓутоа, она што треба да се знае е дека не е пресудно што прави жртвата, туку насилникот е тој кој што се однесува насилно и настапува од позиција на моќ во однос на жртвата. Повеќето жртви на семејно насилство прават се за да го сопрат насилството, меѓутоа насилниците се оние кои не го променуваат своето насилно однесување.

[2] Страв, финансиска зависност, срам од околината, грижа за децата, немањето на поддршка од страна на заедницата итн.

МИТ: На децата им е неопходен таткото иако тој е насилник. Жената за доброто на децата треба да остане со насилниот партнер.

ФАКТ: Растењето на децата во таква средина ги учи и тие да бидат насилни.

Ова е едно од типичните уверувања поради кои жените предолго остануваат во насилните врски и поради кои не ја добиваат неопходната поддршка од заедницата за напуштање на насилната заедница. Неспорно е дека на децата им е потребен татко, меѓутоа растењето во насилна средина резултира во низа штетни последици по емоционалниот и социјалниот развој на децата. Оттука, во судските постапки за заштита од семејно насилство семејниот статус на насилникот не треба да биде земен како олеснителна околност при донесувањето на судската одлука. Единствено отстапување од ова е можно само во ситуација кога станува збор за изолиран инцидент на насилство и кога децата не биле сведоци на насилството, и тоа во ситуација кога насилникот е единствениот издржувач на семејството.

МИТ: Мажот кој само се заканува дека ќе ја повреди својата жена, не е насилник.

ФАКТ: Заканата претставува специфичен облик на малтретирање.

Без сомнение заканата претставува облик на емоционално малтретирање и влијае на создавање на односи кои се темелат на страв и послушност на жените. Оттука, во судските постапки за заштита од семејно насилство заканите треба сериозно да се земат предвид при оценувањето на фактите поврзани со насилството. Ова е од особено значење за правилно согледување на степенот на ризик по животот и здравјето на жртвите на семејно насилство.

МИТ: Физичкиот напад е изолиран настан и веројатноста од негово повторување е многу мала.

ФАКТ: Физичкото насилство во партнерските односи најчесто се повторува.

Некој ќе рече „Па и мажот може еднаш да изгуби трпение" или „Под голем притисок е, сигурно нема да го повтори насилството", сепак фактите не одат во прилог на овие констатации. Напротив, податоците укажуваат на тоа дека доколку насилникот не побара стручна помош, најчесто насилството се повторува. Оттука, неопходно е судиите во граѓанските и кривичните постапки за заштита на жртвите на семејно насилство да земат предвид дека семејното насилство се случува во континуитет подолг временски период и истото треба да се оценува како отежнителна околност при донесувањето на одлука. Исто така, одредени специфични форми на физичкото насилство, како што се давењето и употребата на оружје треба да бидат земени како посебно отежнувачки околности од страна на судот.

## 2.2. Облици на семејно насилство

Семејното насилство претставува родово засновано насилство кое согласно дефиницијата усвоена во нашето законодавство подразбира психолошко, физичко, сексуално и економско насилство. Од особено значење за разбирање на проблемот е да се напомене дека основа за појава и опстојување на семејното насилство се нееднаквите односи помеѓу мажот и жената во бракот и семејството, при што најчесто во улога на жртва се јавуваат жените. Насилството исто така може да биде насочено кон децата или други лица кои живеат во заедничко домаќинство.

**Психолошкото насилство** е најзастапената форма на семејното насилство во нашата држава. Како резултат на широката прифатеност на традиционалните и патријархални ставови во нашето општество, постои тенденција за минимизирање на сериозноста на психолошкото насилство и покрај штетните последици по животот и здравјето на жртвата. Оваа форма на семејното насилство најчесто се манифестира преку: контрола на жртвата и инсистирање да знае каде е цело време, изолирање и забрана на контакти со роднините и пријателите, претерана љубомора, заплашување, заканување дека ќе ја повреди, понижување итн.

**Физичкото насилство** подразбира употреба на физичка сила или закана дека истата ќе биде употребена. Овој облик на семејното насилство се манифестира преку: туркање, влечење, удирање на шлаканици, фрлање на предмети, користење на оружје при насилството, нанесување на изгореници.

**Сексуалното насилство** кое честопати се одвива паралелно со физичкото насилство се манифестира преку: силување, несакан сексуален однос, понижувачки сексуален однос, присила на гледање на порнографски филмови и подведување.

**Економското насилство** најчесто се манифестира преку скратување и/или одземање на финансиските средства, неплаќање на алиментација, како и преку сите други облици на одземање на средствата за живот.

## 2.3. Динамика на семејното насилство

Кај случаите на долготрајно семејно насилство утврдени се одредени карактеристики кои се однесуваат на динамиката, односно на циклусот на семејното насилство. За судиите кои одлучуваат во предмети поврзани со семејното насилство од особено значење е да ја разберат динамиката на насилството, со цел соодветно согледување на неговите вистински димензии и одмерување на казната.

Поединечните акти на насилство врз жената не се изолирани и случајни настани на губење контрола. Напротив, тие епизоди се дел од сложен, континуиран образец на однесувања, во кој насилството е составен дел на динамиката на релациите. Малтретирачкиот однос е примарно обележан со моќ и контрола. Насилните партнери сметаат дека имаат право на потполна моќ врз жената, при што начините на постигнување моќ и контрола се претходно опишани. Сосема спротивно, ненасилните релации претставуваат почитување, доверба, поддршка, искреност, партнерство и одговорно родителство.

Со текот на времето насилството не се намалува. Напротив, станува сè почесто и побрутално. Насилството и малтретирањето можат да почнат со развојот на врската, по стапувањето во брак, по раѓањето на првото дете или дури по неколку години заеднички живот.

Насилниците што еднаш извршуваат насилство врз жртвите, најчесто така и продолжуваат. Доколку нивното насилно однесување не предизвика за нив негативни последици, насилството, неговата зачестеност и интензитет ќе се засилуваат. Во случаите на долготрајно семејно насилство се забележува дека постои циклус од три фази, кои се разликуваат во траењето и интензитетот на насилството.

## Циклус на семејното насилство

### Прва фаза: Растечка напнатост

Напнатоста меѓу партнерите расте и жената е свесна дека нападот е неизбежен. Оваа фаза ја карактеризира појава на помали инциденти и обиди на жената да ја смири ситуацијата.

### Втора фаза: експлозија (настанување) на насилство

За време на насилството, чие траење може да биде различно, доаѓа до неконтролирано ослободување на напнатоста акумулирана во првата фаза. Потоа кај жената се јавуваат шок, негација и неверување. Таа обично во оваа фаза не бара помош, освен ако не е тешко повредена и вообичаено се враќа кај партнерот веднаш по применатa помош.

### Трета фаза: Жалење и извинување

Дел од насилниците во оваа фаза покажува згрозување и каење поради своите постапки. Често своето однесување го оправдуваат со нервоза поради работата, пиењето, однесувањето на децата и сл. Подготвени се да се заколнат дека насилството нема никогаш да се повтори. Оттука, каењето на насилникот или

променетиот став на жртвата не треба да се зема како олеснителна околност при одлучувањето на судиите во постапките за заштита од семејно насилство.

## 2.4. Карактеристики на сторителите и жртвите на семејно насилство

За соодветен одговор на семејното насилство, судиите треба да ја имаат предвид специфичната состојба во која се наоѓаат жртвите, а која е последица на континуираното трпење на насилството. Исто така, треба да се земе предвид дека постојат различни типови на насилници од кои секој има воспоставено шема на однесување. Жртвите и насилниците споделуваат многу заеднички обележја – од ниско самопочитување до низа ирационални уверувања. Нагласувањето на сличностите нема за цел да се намали одговорноста на сторителите на семејно насилство, туку има за цел општественото делување да го насочи не само кон жртвата, туку и кон насилниците. Тие треба да бидат поттикнати да ја преземат одговорноста за своето насилно однесување и да усвојат ненасилни начини за изразување на емоциите и покажување на сопствената моќ.

### Карактеристики на жените жртви на семејно насилство

- Ниско самопочитување со потценување на сопствените способности да преземат нешто;
- Веруваат во сите митови за насилните односи;
- Имаат ирационални ставови за родовите улоги во семејството;
- Веруваат дека можат да го спречат бесот на насилникот и ја прифаќаат одговорноста за неговите постапки;
- Покажуваат сериозни стресни реакции и психосоматски тешкотии;
- Го користат сексот како начин на воспоставување на блискост;
- Веруваат дека никој не може да им помогне во решавањето на тешката ситуација;
- Долготрајно поднесуваат страдање, фрустрираност, пасивно го прифаќаат однесувањето на насилникот со насочување на лутината кон себе;
- Имаат неограничена трпеливост во очекување на „волшебна комбинација“ за решавање на брачните проблеми и насилство;
- Постепено влегуваат во социјална изолација, вклучувајќи и загуба на контактот со семејството и пријателите;

- Безуспешни се во уверувањето на партнерот за својата лојалност и немоќни се пред обвинувањата дека се однесуваат „заводливо“;
- Постепено го губат чувството за сопствените граници, неспособни се за процена на заканата, прифаќаат вина;
- Веруваат дека привременото прифаќање на насилството води до долготрајно решавање на проблемот;
- Имаат претходна историја на малтретирање во семејството, како очевидци или како директни жртви;
- Учествуваат во воспоставување на хиерархија при определувањето кое е прифатливо ниво на насилство и за какви „пропусти“;
- Често размислуваат за самоубиство, имаат историја на обиди за самоубиство, чести желби партнерот да е мртов, изложеност на убиство во самоодбрана;
- Прифаќаат децата да се заложници на односите, имаат чувство на немоќ да ги заштитат децата.

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА СТОРИТЕЛИТЕ НА НАСИЛСТВО:

- Веруваат во сите митови за насилни односи;
- Уверени се во и ги застапуваат традиционалните ставови за машката супериорност, стереотипен поглед на машката улога во семејството;
- Ги обвинуваат другите за сопственото однесување;
- Манифестираат сериозни стресни реакции, за соочување со стресот користат алкохол и насилство;
- Често го користат сексуланиот однос како акт на насилство;
- Сметаат дека заради насилството не треба да трпат никакви негативни последици;
- Манифестираат слаба контрола на импулсите, низок праг на фрустрации, експлозивни се и непредвидливи, лесно „влегуваат“ во бес, постојано ја изразуваат, но и прикриваат лутината;
- Не се способни за одложување на задоволството, поради што се силно ориентирани на „сега“;
- Го опишува контактот со партнерот како најблизок од кога и да е, останува во контакт со своето семејство;
- Нагласено се љубоморни, контролирачки, често обвинуваат за неверство, искажуваат нагласен страв од отфрлање или „неверство“;
- Ги рушат личните граници на партнерката, отфрлаат одговорност за брачните, семејните или работните неуспеси или своето насилно однесување, немаат чувство на вина;
- Веруваат дека заканувачкото однесување го чува семејното јадро и дека тоа го прават за доброто на семејството;

- Имаат претходна историја на насилство во семејството, како деца сведоци на насилството на татковците или и самите биле жртви;
- Учествуваат во воспоставувањето на хиерархијата на насилството;
- Воспоставуваат контрола над партнерката со закани дека ќе се самоубие кога таа се обидува да го напушти;
- Често ги користат децата како заложници и начин на контрола во врската.

## 2.5. Последици од семејното насилство

Семејното насилство сериозно го погодува психичкиот и физичкиот интегритет на жртвата и последиците од насилството земаат загрижувачки димензии. Од аспект на судското постапување во случаите на семејно насилство, од особено зачење е судиите да бидат запознаени со последиците од психолошкото насилство, односно да ја земат предвид посебната психолошка состојба во која се наоѓа жртвата на семејно насилство.

### Психолошки последици од насилството

Семејното насилство како и секое друго доживување на насилство може да има исклучително штетни психолошки последици за жртвата. Најчести знаци што укажуваат на можно малтретирање се:

- напнатост, немир, чувство на слабост;
- доживување на страв (за себе, за својот живот, за животот на саканите луѓе);
- чувство на срам;
- чувство на вина;
- самозапоставување;
- губење самодоверба;
- невротски реакции (депресивност, анксиозност, напади на паника);
- нарушувања на спиењето (несоница, ноќни кошмари);
- нарушувања во исхраната (анорексија, булимија, дехидрираност);
- злоупотреба на алкохол и дроги;
- проблеми со концентрацијата;
- дезориентираност и чувство на расеаност.

## 2.6. Децата како сведоци на континуирано насилство во семејството

Децата кои растат во семејства во кои се случува семејно насилство, секогаш се жртви, без оглед дали биле директно изложени на насилство или биле сведоци на континуирано насилничко однесување. Изложеноста на насилството кое се одвива помеѓу родителите директно влијае на развојот на детето и се рефлектира преку низа непосредни и долгорочни последици и тешкотии во животното приспособување на детето. Најчести непосредни последици се анксиозноста и депресивноста, тешкотии во текот на школувањето, агресивност, кражби, злоупотреба на дроги, ниско самопочитување. Кај овие деца, значително почесто се присутни психосоматски и соматски тешкотии: главоболки, мокрење в кревет, различни инфекции и сл., кои неретко доведуваат до хоспитализација.

Ефектите од изложеноста на насилство се менуваат во зависност од возраста на детето. Кога детето е сведок на малтретирање на мајката, тоа има намалено чувство за сопствената вредност, анксиозно е и уплашено, а светот го доживува како несигурно и непријателско место. Во зависност од возраста и степенот на развој, со таквата ситуација, детето ќе се соочува на различни начини:

**Дете на претшколска возраст**, не умее детално да го вербализира насилството на кое било сведок, поради што треба да се внимава на други знаци:

- телесни симптоми (болки во стомакот, главоболки);
- нагласена вознемиреност во ситуации на разделување од мајката;
- мокрење в кревет, несоодветно за возраста;
- нарушување на спиењето (несоница, зголемен страв од темница, отпор да се оди на спиење);
- забавен телесен развој;
- повлеченост;
- недостаток на доверба во возрасните;
- страв од определена личност или определен пол;
- автодеструктивно однесување и агресивност;
- во интеракциите доминира темата на моќ и контрола;
- претерана услужливост и желба да се угодува;
- страв и одбивање на добронамерен допир.

**Детето на школска возраст**, во зависност од степенот и зачестеноста на насилството на кое било сведок, како и во зависност од неговата позиција во семејството, може да покажува:

- постојани жалби за телесни болки;
- однесувања за кои бара одобрување;

- повлеченост, пасивност, потполна послушност;
- ниска толеранција на фрустрации или бесконечна трпеливост;
- пречесто делува како „мајкин мал помошник“ или „помошник на наставникот“;
- испади на бес;
- зачестени судири со браќата/сестрите или врсниците во училиште;
- агресивно малтретирање на други деца.

Децата кои се изложени на насилство можат да покажуваат крајно спротивни однесувања. Некои од нив може да имаат одлични постигнувања на училиште, перфекционистички стандарди (развиени како последица на стравот од неуспех), претерана одговорност („стар-мали“ деца) - овие карактеристики најчесто се забележуваат кај најстарото дете во семејството. Од друга страна, во исти околности, некои деца може да покажуваат сосема спротивни однесувања, како периоди на нарушена концентрација и слаб успех на училиште, невештост, наклонетост кон незгоди и повреди, покажуваат страв од одење на училиште и развиваат слика за себе како неуспешни ученици.

**Во адолесценцијата**, најчести последици, како и знаци на изложеност на насилство помеѓу родителите се:

- бегство во дрога или алкохол;
- бегање од дома (или поминување многу малку време во домот);
- суицидални мисли или обиди;
- хомицидални мисли или обиди;
- криминални дела, кражби или продавање дрога;
- песимизам во поглед на задоволување на базичните потреби за сигурност, љубов и припаѓање;
- ниско самопочитување;
- тешкотии во релациите со врсниците;
- намалено сочувствување со жртви;
- тешкотии во когнитивното и училишното функционирање;
- бегство во рана бременост.

Доживувањето на насилство во детството, често придонесува кон насилничко однесување во подоцнежниот период. Децата кои биле сведоци на насилство помеѓу родителите кога ќе пораснат почесто се насилни кон своите партнери или кон сопствените деца. Освен тоа, изложеноста на насилство во семејството има големо влијание на развојот на родовиот идентитет, при што, момчињата лесно се идентификуваат со улогата на насилник, а девојчињата со улогата на жртви.

Изложеноста на насилство врз мајката влијае и на развивање на различни уверувања кои придонесуваат кон пренесување на насилството од генерација на генерација. Утврдено е дека детето кое е сведок на малтретирање врз мајката или друга значајна женска личност (баба, тетка, маќеа) најверојатно ќе смета дека:

- прифатливо е мажите да ги удираат жените;
- насилството е делотворен начин за решавање на проблемите;
- во ред е да се удри некој ако си лут или вознемирен;
- нерамноправноста во односите е нормална - машките се јаки и имаат моќ и контрола над жените кои се слаби;
- негативните последици од насилството се мали или не постојат;
- тоа (детето) е одговорно за малтретирањето и треба да се чувствува виновно;
- тоа е одговорно да го сопре малтретирањето со тоа што ќе ја „заштити" мајката или ќе се „спротивстави" на таткото.

## 2.7. Ефикасно помагање на децата изложени на семејно насилство

Во целост гледано, податоците упатуваат на заклучок дека децата кои растат во насилно семејно опкружување и самите стануваат насилни како возрасни. Виктимизацијата во детството го зголемува ризикот од малтретирање на сопствените деца, но исто така истражувањата покажале и дека патот помеѓу овие две точки не е ниту рамен, ниту неизбежен. Околностите кои можат да придонесат кон прекинување или продолжување на меѓугенерациският синџир на малтретирање, најнапред се однесуваат на социјалната поддршка која личноста, малтретирана во детството, ќе ја добива кога ќе стане возрасна во своето потесно и пошироко опкружување. Ова се однесува на поддржувачки брачен партнер, економска сигурност во семејството, припадност кон верските заедници, помалку стресни доживувања во животот, како и користење на советување или психотерапија. Многу е важно како се реагира кога ќе се открие дека детето е изложено на насилство врз мајката и што се презема за да му се обезбеди искуство на емоционално поддржувачки релации.

За да се овозможи успешно помагање и зајакнување на децата што биле сведоци на семејно насилство потребно е:

- да им се обезбеди простор во кој ќе се чувствуваат безбедно да зборуваат за тоа што им се случило. Помалите деца често имаат тешкотии во вербалното изразување на емоциите, поради што најчесто цртежот е облик што им се нуди за полесна експресија. Детето не смее да се присилува да зборува, тоа ќе го направи тоа, но во време кое нему ќе му одговара. Потребно е да

се креира атмосфера на доверба во која детето со текот на времето ќе си дозволи да ги изрази емоциите;

- не треба да се даваат ветувања дека „ќе се чува тајна“ за она што детето ќе го каже, бидејќи може да се случи детето и самото да било изложено на насилство и тогаш „тајната“ не смее да се чува. Наместо тоа, на детето му се кажува дека со терапевтот е сигурно и дека ако има нешто за што сака да зборува, терапевтот ќе може да му помогне;
- на детето му се кажува дека тоа не е виновно за случувањето на семејното насилство;
- доколку детето покажува насилно однесување, многу е важно терапевтот да заземе став против насилството, во сите можни облици и форми. Треба да се има предвид дека повеќето деца што страдаат од пост-трауматско стресно нарушување ќе имаат изливи на неконтролирана агресија, и оттука, нивното „насилство“ не е знак дека и „тие се насилни како нивните татковци“. Во такви случаи, потребно е на детето да му се овозможи простор да ги изрази својата лутина и други чувства на безбеден начин. На овие деца не им е потребно да се „дисциплинираат“, туку имаат потреба да бидат разбрани;
- потребно е на детето да му се остави одредено време за отворено споделување на искуството, имајќи предвид дека неговата доверба е сериозно нарушена поради случувањата во домот и
- исто така, терапевтот треба да умее да препознае кога на некое дете што било сведок на семејно насилство му е потребна помош од други професионалци и да му ја овозможи таквата помош.



# 3. ДЕФИНИРАЊЕ И РЕГУЛИРАЊЕ НА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО ВО МАКЕДОНИЈА

## 3.1. Дефинираност и начин на регулирање на семејното насилство

Семејното насилство е дефинирано во Кривичниот законик и Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство.

### Кривичен законик на РМ, чл. 122 ст. 17

Под семејно насилство се подразбира малтретирање, грубо навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психичко или физичко насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, спрема брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема поранешен брачен другар или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи.

Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, чл. 3

Под семејно насилство се подразбира малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психолошко, физичко или економско насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, вклучувајќи и закани за такви дејствија, спрема брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема сегашен или поранешен брачен другар, вонбрачен партнер или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи, без оглед дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не.

Во оваа одредба се наведени и лицата жртви на семејно насилство: брачен другар, родители, деца, други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, поранешен брачен другар, вонбрачен партнер или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи.

По својата природа семејното насилство е родово засновано насилство кое се манифестира како: физичко, психичко, сексуално и економско насилство (иако изразите во законот се однесуваат на лица од машки и женски пол).

Системот за заштита од семејно насилство во нашата држава го сочинуваат две компоненти: едниот од нив е системот кој ги обезбедува мерките за заштита на жртвите, вториот е правниот систем за заштита. Неопходно е нивното координирање и меѓусебно поврзување со цел соодветно справување со семејното насилство и обезбедување на помош и заштита на жртвите.

## 3.2. Мерки за заштита на жртвите од семејно насилство

Мерките за заштита се соддржани во новиот Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство кој стапи на сила на 01.01.2015 година. Преку мерките за заштита и се обезбедува примарна поддршка на жртвата на семејно насилство која излегла од насилната заедница и го пријавила насилството. Во законот се инкорпорирани и обврските на секој од релевантните чинители во однос на обезбедувањето на мерките за заштита на жртвите на семејно насилство: Центарот за социјална работа, Министерството за внатрешни работи, здравствените установи, единиците на локалната самоуправа и здруженијата на граѓани. При одлучувањето во судски предмети поврзани со семејното насилство,

од особено значење е судиите да бидат запознаени со мерките на заштита, односно со обврските на сите останати институции во однос на поддршката која е неопходно да и биде обезбедена на жртвата на семејното насилство паралелно со водењето на судската постапка за нејзина заштита.

### 3.2.1. Цел на мерките за заштита

Основна цел на мерките за заштита е обезбедување на примарна помош и поддршка на жртвата и одговарање на нејзините потреби кои настанале како резултат на живеењето во насилна заедница. Со мерките на заштита се штити физичкиот и психолошкиот интегритет на жртвата и се овозможува нејзино зајакнување, односно осамостојување.

### 3.2.2. Видови, содржина и начин на спроведување на мерките за заштита

Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство ги предвидува следните мерки за заштита на жртвите на семејно насилство:

- обезбедува нужно сместување на лицето жртва на семејно насилство;
- обезбедува соодветна здравствена заштита;
- психосоцијална интервенција и третман;
- ги упатува во соодветно советувалиште;
- помош на семејството за редовно школување на дете;
- обезбедува правна помош и застапување;
- економско јакнење на жртвата преку нејзино активно вклучување на пазарот на труд.

Во делот кој следи обезбедени се повеќе информации во однос на содржината и начинот на спроведување на мерките за заштита.

#### Обезбедување на нужно сместување на лицето жртва на семејно насилство

Сместувањето во центар за лица жртви на семејно насилство се презема како мерка за заштита во случај кога за лицето жртва на семејно насилство е утврдено

дека постои сериозна опасност и закана за животот и здравјето, поради примена на физичка сила, закана или заплашување од друг член од семејството, а при отсуство на ресурси во семејната средина за прифаќање на жртвата и нејзините деца. Спроведувањето на мерката се врши согласно со заклучокот на стручниот тим и решението на месноналежниот центар за социјална работа за упатување на лицето жртва на семејно насилство во центар за лица-жртви на семејно насилство.

Сместување на лицето жртва на семејно насилство во центар за лица жртви на семејно насилство го спроведува стручен работник од центарот за социјална работа, кој покрај решението за сместување, доставува и наод и мислење на стручен тим и план за индивидуална работа со лицето.

По сместувањето на лицето жртва на семејно насилство во центар за лица жртви на семејно насилство, стручниот работник изготвува план за преземање на други мерки за заштита, како би се создале услови за што побрзо враќање на сместеното лице во неговата претходна средина.

## Обезбедување на соодветна здравствена заштита

Соодветна здравствена заштита за лицето жртва на семејно насилство се обезбедува од страна на стручното лице во центарот за социјална работа, со тоа што на жртвата и се помага да го оствари правото на здравствено осигурување, односно здравствена заштита и доколку е потребно и соодветен медицински третман.

Доколку лицето жртва на семејно насилство е сместено во засолниште, обезбедувањето здравствена заштита вклучува обезбедување документација за обезбедување здравствена заштита, тековно следење на здравствената состојба преку контролни прегледи на секои 3 месеци, придружба до здравствена установа заради итни медицински интервенции. Здравствен преглед и на влез и на излез.

Доколку лицето жртва на семејно насилство не е сместено во засолниште, обезбедувањето здравствена заштита вклучува упатување во медицинска установа со службена белешка од стручен работник од ЦСР или, по потреба, (се проценува од случај до случај) придружување до медицинска установа (претставник од ЦСР или пак соодветно лице од мрежата на поддршка), обезбедување на медицинска документација во најкус можен рок, но не подолго од 8 дена.

Кога лицето жртва на семејно насилство не е здравствено осигурано и нема средства за егзистенција, стручното лице презема мерки лицето жртва на семејно насилство да добие еднократна парична помош согласно со Законот за социјалната заштита, како би можело да обезбеди соодветна здравствена заштита.

## Психосоцијална интервенција и третман

Мерката на заштита психосоцијална интервенција и третман на лицето жртва на семејно насилство се спроведува преку давање на првична кризна интервенција за помош на жртвата на семејно насилство, советодавна помош од стручен работник и советувалишна интердисциплинарна тимска работа. Советодавната помош вклучува информирање за можностите за вклучување во системот на заштита во смисла на законските можности и постоечките ресурси.

Советувалишна работа подразбира континуирана и структурирана работа со жртва според принципи и методи за работа со жртва. Стручните работници од ЦСР и другите организации кои обезбедуваат психосоцијални услуги, советувалишната работа ја реализираат соодветно на капацитетите, професионална подготовка/соодветна обука за советувалишна работа со жртви на семејно насилство.

## Упатување во соодветно советувалиште

Мерката на заштита во соодветното советувалиште се спроведува со упатување на лицето жртва на семејно насилство во советувалиште, со негова согласност и по утврдена потреба за специфична стручна помош и третман во соодветното советувалиште, согласно со утврдената листа од страна на Министерството за труд и социјална политика.

Лицето жртва на семејно насилство се упатува со решение (упатница) со назнака за тоа кој ги сноси трошоците.

## Помош на семејството за редовно школување на дете

За спроведување на оваа мерка центарот за социјална работа презема потребни мерки детето да се вклучи или да продолжи да посетува редовно образование, обезбедува училишен прибор и презема други дејствија потребни во оваа насока.

## Обезбедување на правна помош и застапување

Правна помош на лицето жртва на семејно насилство се обезбедува со советување за правата и законските постапки кои можат да се покренат за надминување и спречување на семејното насилство, од страна на стручно лице во центарот за социјална работа или во организациите кои се вклучени во спроведувањето на мерките за заштита.

Стручното лице може да и обезбеди на жртвата на семејно насилство остварување на правна помош и застапување од здружение на граѓани кое е регистрирано во Министерството за труд и социјална политика и работи на давање на правна помош и застапување на жртви на семејно насилство.

Кога е потребно да се заштити личноста, правата и интересите на лицето жртва на семејно насилство или друг член на семејството, со спроведување на надзор над вршењето на родителското право, заштита на правата и интересите на лице ставено под старателство и на посвоените лица, мерката на заштита се спроведува со покренување постапка пред надлежен суд согласно со Законот.

### 3.2.3. Институции и граѓански организации кои обезбедуваат мерки за заштита

#### Центар за социјална работа

Центарот за социјална работа има директна законска надлежност за спроведување на горенаведените мерки за заштита. Притоа ЦСР е должен мерките за заштита да ги преземе веднаш или најдоцна во рок од 24 часа од добиените информации за случајот на семејно насилство. ЦСР има законски мандат да направи примарна проценка на потребите на жртвите и да подготви индивидуален план за работа врз основа на видот, интензитетот на насилство, контекстот во кој се случило насилството, здравствениот статус на жртвата и др. Согласно природата на секоја од мерките, ЦСР воспоставува соработка и координација со останатите релевантни институции или организации. На пр. мерките за економско јакнење на жртвите се преземаат во соработка со Агенцијата за вработување на Р. Македонија.

#### Министерство за внатрешни работи (МВР)

Во случај кога семејното насилство е пријавено полицијата има директна законска обврска да излезе на место на настанот и да направи проценка на ризикот по животот и здравјето на жртвата, како и на ризикот од повторување на насилството. Во случај кога е потребно тоа, полицијата е должна да обезбеди жртвата веднаш да добие соодветна здравствена заштита. Доколку насилникот поседува оружје, полицијата е должна привремено да му го одземе и да поведе постапка за одземање на дозволата за истото. Надлежностите на МВР во однос на привремените мерки за заштита се опишани подолу во овој прирачник.

### Здравствени установи

Од особено значење е законската одредба која налага ослободување на жртвите од плаќање на трошоци за извршена медицинска услуга и документација[3]. Во оваа насока, здравствените работници имаат законска обврска веднаш да извршат преглед и друг медицински третман на жртвата и да и ја издадат соодветната документација.

### Здруженија на граѓани

Здруженијата на граѓани обезбедуваат дел од мерките за заштита на жртвите на семејно насилство самостојно или во соработка со центрите за социјална работа. Во нашата држава дел од здруженијата на граѓани кои работат со жртвите на семејно насилство обезбедуваат правна помош и застапување, психосоцијална помош и поддршка, советување и останати мерки за заштита.

### Единици на локалната самоуправа

Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да обезбедат заштита на жртвите во локалните заедници, преку поддршка и основање на сервиси за оваа категорија на граѓани. Воспоставувањето на центри за згрижување, советувалишта и други форми за поддршка на жртвите се во надлежност на општините. Покрај ова, општините се должни за воспоставување на соработка и координација помеѓу сите релевантни чинители на локално и регионално ниво.

## 3.3. Привремени мерки за заштита од семејно насилство

Привремените мерки за заштита имаат за цел заштита на жртвите од идно насилство, а она што е најважно при тоа, не ја оневозможуваат заштитата обезбедена од казненото законодавство. Во оваа смисла тие се третираат како паралелен, помалку наметлив (во смисла на оставање на диспозиција на жртвата да решава за реакцијата/репрекусиите) и позитивен (има, пред се, превентивна функција, односно промена на однесувањето на насилникот) начин на заштита, односно обезбедување сигурност на жртвата.

[3] Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, чл. 31, ст. 3

Основно е овие привремени мерки за заштита да овозможат непосредна и брза помош на жртвата, во зависност од ескалацијата, односно обемот и видот на насилството. Така, доколку постои сериозна повреда или серија од инциденти придружени со голем интензитет, привремените мерки за заштита и кривичното гонење заедно можат да постигнат најефикасни резултати.

Видот, содржината и постапката за изрекување, следење и извршување на привремените мерки за заштита е детално опишана во посебна глава во овој прирачник.

## 3.4. Казненоправна заштита од семејно насилство

Она што е карактеристично за казненоправниот систем на заштита е издвојувањето на семејното насилство како посебен вид на криминал и пропишување на построга казнена политика за овие кривични дела. Во нашиот кривичен законик пропишани се построги казни за кривичните дела сторени како резултат на семејно насилство споредбено со основните кривични дела и кривичните постапки по однос на нив се иницираат по службена должност.

Кривичните дела поврзани со семејното насилство, како и кривичната постапка се детално опишани во посебна глава во овој прирачник.



# 4. ПОСТАПУВАЊЕ ВО СЛУЧАИ НА ИЗРЕКУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ЗА ЗАШИТА (ПМЗ)

## 4.1. Цел за изрекување на привремените мерки за заштита

Цел на привремените мерки за заштита е итно обезбедување на сигурност и заштита на жртвите и членовите за семејството, помош за надминување на последиците и создавање услови за реинтеграција во социјалната средина, како на жртвата така и на сторителот. Преку изрекувањето на ПМЗ судот му укажува на насилникот дека неговото однесување е недозволиво и дека доколку продолжи со истото, ќе следи негово понатамошно санкционирање, вклучувајќи и кривично гонење.

## 4.2. Видови, содржина и постапка за изрекување, извршување и следење на привремените мерки за заштита

Согласно Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, заради запирање на насилството, отстранување на последиците од извршеното

насилство и преземање на ефикасни мерки кон сторителот на насилството, заради елиминирање на причините за вршење на натамошно семејно насилството, на сторителот на семејното насилство може да му се изречат следниве привремени мерки за заштита:

| | |
|---|---|
| 1. | забрана да се заканува дека ќе стори семејно насилство;<br>- спроведува МВР |
| 2. | забрана да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин комуницира со член на семејството, директно или индиректно;<br>- спроведува МВР |
| 3. | забрана да се приближува на растојание помало од 100 метри до живеалиштето, училиштето, работното место или определено место кое редовно го посетува друг член на семејството;<br>- спроведува МВР |
| 4. | отстранување од домот без оглед на сопственоста;<br>- спроведува МВР |
| 5. | забрана да поседува огнено или друго оружје или истото да му биде одземено;<br>- спроведува МВР |
| 6. | задолжително да ги врати предметите кои се потребни за задоволување на секојдневните потреби на семејството;<br>- се спроведува согласно со законот |
| 7. | задолжително законско издржување на семејството;<br>- се спроведува согласно со законот |
| 8. | задолжително да посетува соодветно советувалиште;<br>- спроведува ЦСР (советувалиште за сторители на семејно насилство) |
| 9. | задолжително лекување на сторителот, доколку злоупотребува, алкохол, дрога и други психотропни супстанции или има психичко заболување;<br>- спроведува Министерство за здравство |
| 10. | задолжително да ги надомести медицинските и другите трошоци настанати од семејното насилство;<br>- се спроведува согласно со законот |
| 11. | изрекување на која било друга мерка која судот ќе ја смета за неопходна за да се обезбеди сигурност и добросостојба на другите членови на семејството.<br>-се спроведува согласно со законот. |

Привремените мерки за заштита се изрекуваат од страна на судот, врз основа на претходно поднесен предлог за нивно изрекување од страна на:

- Министерството за внатрешни работи;
- Центарот за социјална работа;
- родител или старател (доколку жртвата е малолетно лице);
- жртвата лично.

Постапката за изрекување на привремени мерки за заштита која се иницира по поднесен предлог од страна на Министерството за внатрешни работи е посебно уредена во законот и истата се однесува на привремените мерки за заштита отстранување од домот и забрана за приближување до истиот. Имено, законот предвидува посебна постапка заради отстранување на непосредна и сериозна опасност по животот и физичкиот интегритет на жртвата и членовите на нејзиното семејство, врз основа на претходно направена проценка на ризик од страна на полициски службеник кој е излезен на лице место на настанот. Постапката за изрекување на привремени мерки за заштита која се иницира од страна на МВР е посебно разработена во овој прирачник.

Во делот кој следи опишана е постапката за изрекување на привремени мерки за заштита од страна на судот, почнувајќи од поднесувањето на предлогот, постапувањето и спроведувањето на изречените мерки од страна на судот.

## ПРЕД ДА СЕ ПОДНЕСЕ ПРЕДЛОГОТ

Неопходно е прибирање на доказите од надлежните органи за да се обезбеди брза и ефикасна заштита, со оглед на тоа дека секој орган во рамките на својата надлежност составува записници, полициски извештаи, службени белешки, соодветна медицинска документација, изјави од жртва, сторител, фотодокументација, посебен извештај и сл.

## ПРИ ПОДНЕСУВАЊЕТО

Предлогот за заштита треба да ги содржи доказите за насилството и задолжителна согласност на жртвата ако постапката се води преку ЦСР. Жртвата и сама може да биде подносител на предлогот за заштита или тоа можат да го сторат во нејзино име родителот, односно старателот.

Во оваа постапка постапува судија поединец.

Се пристапува кон претходно испитување на предлогот (чл. 98 од ЗПП в.в. чл. 222 од Закон за семејството). Доколку тоа не е случај – в.в. 222 од Законот потребно е да се уредува според одредбите од ЗПП. Тоа ја забавува постапката и остварувањето на целта на мерката.

Се отфрла доколку уредувањето не биде сторено во законскиот рок, односно рок од 8 дена од прием на писменото за уредување на предлогот. Доколку се уреди во наведениот рок се закажува рочиште, за кое до странките се доставуваат покани преку доставна служба.

При доставувањето на поканите потребно е да бидат внесени напомени:

- доказ за платена судска такса за предлогот;
- сите докази според ЗПП во зависност од доставениот предлог.

Рочиштето се одржува независно дали е присутен противникот, согласно чл. 280 од ЗПП. Со оглед на итноста на постапката доколку се исполнети законските претпоставки се донесува и објавува донесената одлука – решение.

Во прибирањето на доказите кога предлогот го поднесува ЦСР постапуваат во корелација овластените органи на МВР и ЦСР со вклучување на жртвата и сторителот. При ова се вклучуваат во зависност од стореното дејствие и надлежни органи и институции: Министерството за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за правда, единиците на локалната самоуправа, институциите кои вршат дејност од областа на социјалната заштита, детската заштита, внатрешните работи, здравството, вработувањето и образованието, кои преземаат мерки за заштита на жртвата и спречување на насилство, остваруваат меѓусебна соработка и координација.

ПРЕДЛОГОТ (кој ги содржи и мерките чие изрекување се бара) треба да одговара на содржината на дејствието заради кое се бара заштита.

## ПОСТАПУВАЊЕ

Судот по предлогот на жртвата или центарот за социјална работа за изрекување на привремена мерка за заштита, ќе постапи веднаш, а најдоцна во рок од седум дена од денот на приемот на барањето ќе донесе одлука. Исклучок од оваа законска обврска има доколку постапката за изрекување на ПМЗ е иницирана по поднесен предлог од страна на МВР, при што е утврден рок од 24 часа за изрекување на предложените мерки (види повеќе во делот „Поднесување на предлог од страна на МВР за отстранување од домот и забрана за приближување до истиот“).

## ДОКАЗИТЕ треба да соодветствуваат со предлогот за изрекување на мерките.

При поднесување на предлог мерка за забрана да се заканува дека ќе стори семејно насилство, потребно е предлагачот да ги достави следните докази: изјава на жртвата, полициски извештај, соодветна медицинска документација

за констатираната повреда, извештај од ЦСР за преземените мерки за заштита, изјава на сведок пред кој е упатена заканата или предлог за негово сослушување со обезбедување присуство на рочиштето, или ако е во писмена форма или електронска форма со достава на писмениот, односно електронскиот доказ, изјава од децата доколку насилството е сторено во нивно присуство (да се одбегне нивно повикување во судот).

Доколку предлогот се однесува на мерка за забрана да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин комуницира со член на семејството, директно или индиректно се доставуваат погоре наведените докази како и податоци од служба за евиденција за телефонски повици-листинг и сл.

Ако предлог мерката се однесува за забрана да се приближува до живеалиштето, училиштето, работното место или определено место кое редовно го посетува друг член на семејството, доказите се како и претходно наведените и доказите со кои се утврдува однесувањето на сторителот на наведените места и потребата од спречување на тие дејствија.

Ако предлог мерката е за отстранување од домот без оглед на сопственоста, до донесување на конечна одлука од надлежниот суд, доказите кои ја оправдуваат потребата од изрекување на мерката.

Во однос на предлог мерката за забрана да поседува огнено или друго оружје, или истото да му биде одземено, потребно е потврда од надлежен орган доколку е издадена или изјава од самиот сторител дека поседува оружје, сведок дека сторителот се заканил со оружјето кое и сведокот непосредно го забележал.

Ако предлог мерката е за задолжително издржување, доказите се податоци за приходи, имот и сл.

Ако предлог мерката се однесува на посетување соодветно советувалиште, доказите се претходно наведените, медицинска документација или вештачење.

Ако предлог мерката е за наредување задолжително лекување, доколку е корисник на алкохол и други психотропни супстанци или има некое заболување, потребно е покрај наведените докази и медицинска документација која постои.

Ако предлог мерката се однесува за задолжување да ги надомести медицинските и другите трошоци настанати од семејното насилство, доказите се сметки за надоместоци од извршени здравствени услуги и лекарско уверение.

Одлуката судот ја донесува во форма на решение.

РЕШЕНИЕТО ги содржи мерките кои се изрекуваат на сторителот, нивното времетраење, кој ги спроведува **(Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство)** како и укажување на последиците од непочитувањето на Решението (претставува кривично дело согласно чл. 377 ст. 5 од КЗ), правна поука за рок за жалба.

Жалбата која се поднесува во рок од три дена од приемот не го задржува извршувањето на решението. Во изреката се наведуваат надлежните органи за негово спроведување. Решението се доставува задолжително до странките, ОЈО, ЦСР и надлежната институција за спроведување во зависност од изречената мерка.

Привремените мерки се со траење од 3 месеци до 1 година, со исклучок на привремените мерки отстранување од домот и забрана за приближување до домот кога за истите е поднесен предлог од страна на МВР.

## Поднесување на предлог од страна на МВР за отстранување од домот и забрана за приближување до истиот

Министерството за внатрешни работи се јавува во улога на подносител на предлог за изрекување на привремените мерки за заштита отстранување од домот и забрана да се приближува до истиот, врз основа на претходно направена проценка на ризик по животот и телесниот интегритет на жртвата по излегување на лице место на настанот.

Судот веднаш, а **најдоцна во рок од 24 часа** по приемот на предлогот од Министерството за внатрешни работи и полицискиот извештај, без да одржи рочиште ќе одлучи за изрекување на привремена мерка за заштита - отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот од член 34 од овој закон.

Привремена мерка за заштита - отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот се изрекува во траење од најмалку 10 а најмногу до 30 дена. Одлуката за изречена привремена мерка за заштита - отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот, судот во рок од 6 часа од одржаното рочиште ја доставува до надлежната полициска станица по местото на извршување, која веднаш а најдоцна во рок од 12 часа по приемот на одлуката, ја доставува до сторителот на семејното насилство.

Во случај кога доставата не може да се изврши во рокот од став 1 на овој член, судот по добиеното известување од Министерството за внатрешни работи, одлуката ја објавува на огласна табла на судот, со што се смета дека доставата е уредна.

Министерството за внатрешни работи е должно да го отстрани сторителот од домот во рок од два часа, сметано од моментот кога му е врачена одлуката за изречената привремена мерка за заштита - отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување, во случај кога не сака доброволно да го напушти домот.

Примерок од одлуката за привремена мерка за заштита - отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот, судот ја доставува до јавниот обвинител и центарот за социјална работа.

Судот може да побара известување од Министерството за внатрешни работи за начинот на спроведување и почитување на изречената привремена мерка за заштита - отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот.

## ВИДИ АНЕКС 1: Примери од образци од граѓански судски постапки за заштита од семејно насилство:

ОБРАЗЕЦ НА РЕШЕНИЕ за изрекување на привремени мерки за заштита

Примери:

- Се усвојува,
- Се одбива.



# 5. ПОСТАПУВАЊЕ ВО СЛУЧАИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

## 5.1. Цел на казненоправната заштита

Цел на казненоправната заштита е санкционирање на насилното однесување на сторителите на семејно насилство, при што од особено значење е применувањето на пропишаната построга казнена политика од страна на судиите при одмерувањето на кривичните казни. Притоа треба да се има предвид целта на казнувањето, односно специјалната и генералната превенција која треба да се постигне преку изрекувањето на казната. Со изрекувањето на соодветна казна за сторено кривично дело како резултат на семејно насилство, судиите го санкционираат насилното однесување и му укажуваат на насилникот на недозволивоста на истото. Истовремено, преку ефективното кривично санкционирање на семејното насилство судиите влијаат врз целокупната јавност и придонесуваат да се намали толерантноста кон овој општествен проблем и жртвите да го пријават насилството.

# 5.2. Кривични дела под кои можат да се поведат случаи на семејно насилство

Во делот кој следи наведени се кривичните дела кои ги регулираат посебните облици на семејното насилство: психолошкото, физичкото и сексуалното насилство.

## I. Психичкото насилство е санкционирано со кривичните дела:

**I-1. Присилба од чл. 139 ст. 2 од КЗ**, за кое законодавецот запретува казна затвор од 6 месеци до 3 години.

Ова кривично дело го врши тој што со сила или со сериозна закана ќе присили друг да стори или да не стори или да трпи нешто. Ваквото битие на ова кривично дело јасно зборува дека во конкретниот случај насилникот со сериозна закана влијае на формирањето на волјата на жртвата на семејно насилство или врз нејзината реализација па жртвата на семејно насилство како резултат на ваквата сериозна закана се одлучува да направи нешто или прави нешто надвор од својата волја и доколку од страна на насилникот немало сериозна закана врз жртвата на семејно насилство, истата таквите одлуки немала да ги донесе.

Како резултат на сериозната закана жртвата на семејно насилство од страна на насилникот може да биде принудена и да трпи нешто.

**I-2. Противправно лишување од слобода од чл. 140 ст. 2 од КЗ**, за кое законодавецот запретува казна затвор од 6 месеци до 3 години.

Ова кривично дело го врши тој што друг противправно ќе го затвори, ќе го држи затворен или на друг начин ќе му ја одземе или ограничи слободата на движење. Насилникот го врши ова кривично дело врз жртвата на семејно насилство со затворање на истата против нивната волја или со држење на жртвата на семејно насилство затворена или ќе и ја одземе или ограничи слободата на движење односно доколку жртвата на семејно насилство користи помагала за свое движење најчесто насилникот и ги одзема таквите помагала па истата не е во состојба да се движи или пак насилникот на жртвата на семејно насилство и ја ограничува слободата на движење на начин што најчесто не и дава жртвата на семејното насилство да ги посетува своите најблиски, најчесто родители, браќа и сестри или пак блиски пријатели и пријателки од нивната работна средина - насилникот и диктира на жртвата со кого да се дружи а со кого не.

**I-3. Загрозување на сигурноста од чл. 144 ст. 2 од КЗ,** за кое законодавецот запретува казна затвор од 3 месеци до 3 години.

Ова кривично дело го врши тој што ќе ја загрози сигурноста на жртвата на семејно насилство со сериозна закана дека ќе нападне врз животот и телото на жртвата на семејното насилство или врз животот и телото на нејзино блиско лице. Битно за кривичната одговорност на насилникот со преземените дејствија е насилникот кај жртвата на семејно насилство со својата сериозна закана да предизвика чувство на несигурност и страв по нивниот телесен интегритет или по телесниот интегритет на нивни блиски лица.

## II. Физичкото насилство е санкционирано со кривичните дела:

**II-1 Убиство чл. 123 ст. 2 т. 2 од КЗ,** за кое законодавецот запретува казна затвор од најмалку 10 години или доживотен затвор.

Ова кривично дело го врши „Тој што друг ќе лиши од живот при вршење на семејно насилство".

Ова кривично дело законодавецот го дефинира со употреба на општа формулација, како лишување од живот друг, при вршење на семејно насилство. Истото преставува квалифициран вид на убиство.

Дејствие на извршување на ова кривично дело е секое дејствие на насилникот, со кое се предизвикува смрт на жртвата на семејно насилство.

Последица од извршување на ова кривично дело се состои од настапување на смрт на жртвата на семејно насилство. Делото е доврешено со моментот на настапување на смртта. Помеѓу дејствието на извршување и последицата - смртта, треба да постои причинска врска. Кривичното дело се врши со директна или евентуална умисла. Мотивот за извршување на кривичното дело не е составен дел на битието на ова кривично дело, меѓутоа истиот може да преставува отежнувачка околност при одмерување на казната према строрителот.

**II-2. Убиство на миг чл. 125 од КЗ,** за кое законодавецот запретува казна затвор од една до пет години.

„Тој што друг ќе лиши од живот на миг, доведен без своја вина во состојба на силна раздразнетост, со напад или со тешко навредување или како последица на семејно насилство од страна на убиениот".

Ова кривично дело спаѓа во групата на привилигирано убиство. Посебна околност што на ваквиот вид на убиство му дава привилигиран вид е последната субјективна состојба на раздразнетост на жртвата на семејно насилство, која раздразнетост е предизвикана од страна на насилникот. Се работи за ситуација

на активен придонес на насилникот - поводот за убиството потекнува од него. Во основот за поблаг третман е посебната психичка состојба во која запаѓа жртвата на семејно насилство како последица на однесување на насилникот.

Битието на ова кривично дело се состои во лишување од живот на друг - жртвата на семејно насилство го лишува од живот насилникот. Жртвата на семејно насилство го лишува насилникот во состојба на силна раздразнетост. Жртвата на семејно насилство е доведена во таква состојба без своја вина, со напад или тешко навредување од страна на насилникот - убиениот.

Блиско на ситуација на „Убиство во миг“, е убиство извршено со пречекорување на границата на нужна одбрана. Основна разлика е во истовременоста на нападот и одбраната кај нужната одбрана, а додека кај убиството на миг, лишување од живот на насилникот од страна на жртвата на семејното насилство може да следи и по нападот. Кај убиството на миг не мора да постои пропорционалност помеѓу интензитетот на нападот и реакцијата на жртвата на семејно насилство. Кога сите објективни и субјективни елементи на пречекорување на нужната одбрана и убиството на миг се поклопуваат, делото ќе се квалификува како убиство на миг, а ќе се применат и одредбите за пречекорување на нужна одбрана.

Кривичниот прогон за овој вид на кривично дело се врши по службена должност, делото се врши со умисла.

**II-3. Телесна повреда чл. 130 ст. 2 од КЗ,** за кое законодавецот запретува казна затвор од 6 месеци до 3 години.

Ова кривично дело го врши тој што друг телесно ќе повреди или ќе му го наруши здравјето. Најчесто насилникот физички ја напаѓа жртвата и ѝ нанесува телесни повреди или пак ја омаловажува, навредува, игнорира и слично, при што жртвата запаѓа во една посебна психичка состојба односно се нарушува нејзиното здравје. За ваквото поведение законодавецот предвидува парична казна или казна затвор до 3 години.

**II-4. Тешка телесна повреда од чл. 131 ст. 2 од КЗ,** за кое законодавецот запретува казна затвор од 1 до 5 години.

Овде кривично дело го врши тој што друг тешко телесно ќе повреди или здравјето тешко ќе му го наруши - насилникот на жртвата на семејно насилство и нанесува тешка телесна повреда или тешко нарушување на здравјето на жртвата на семејно насилство.

**II-5. Тешка телесна повреда од чл. 131 ст. 6 од КЗ,** за кое законодавецот запретува парична казна или казна затвор до 3 години.

Во кривичното дело од чл. 131 ст. 6 од КЗ, законодавецот ја повластува жртвата на семејно насилство доколку истата посегне по насилникот во состојба на силна раздразнетост предизвикана во миг без вина на жртвата на семејното насилство и доколку жртвата тешко телесно го повреди насилникот. Законодавецот јасно им

става на знаење на насилниците дека доколку истите вршат семејно насилство, жртвата на семејно насилство може да биде доведена во една состојба на силна раздразнетост и во таква состојба истата може да превземе дејствија со кои насилникот ќе биде тешко телесно повреден, меѓутоа во таков случај жртвата на семејно насилство нема да одговара за основниот вид на кривичното дело тешка телесна повреда од чл. 131 ст. 1 од КЗ, туку ќе одговара за такаречен привилегиран вид на овој вид на кривично дело.

## III. Сексуалното насилство е санкционирано со кривичното дело:

### III-1. Силување од чл. 186 од КЗ

Во битието на ова кривично дело е предвидено дека жртвата на семејно насилство е слободна при одлуката за полово општење или други полови дејствија и доколку жртвата на семејно насилство не сака да има обљуба со својот сопруг или вонбрачен другар таквата нивна одлука од сопствениот брачен или вонбрачен другар треба да биде почитувана а доколку насилникот не ја прифатил таквата волја на жртвата на семејно насилство чини кривично дело силување од чл. 186 од КЗ.

**III-2. Посредување при вршење на проституција од чл. 191 ст. 4 од КЗ,** за кое законодавецот запретува казна затвор од најмалку 10 години.

Ова кривично дело го врши „Тој што врбува, наведува, потикнува, или намамува лице на проституција или тој што на кој и да е начин учествувал во предавање на лице на друг заради вршење на проституција, заради заработувачка му овозможи на друг користење на сексуални услуги, заради заработувачка со сила или сериозна закана за употреба на сила ќе присили или со измама ќе наведе друг на давање сексуални услуги при вршење на семејно насилство“.

Жртвите на семејно насилство индиректно законодавецот ги штити од семејно насилство и со кривичното дело **„Неизвршување на судска одлука“ од чл. 377 ст. 5 од КЗ** за кое законодавецот запретува казна затвор од една до пет години.

Ова кривично дело го врши одговорно службено лице или лице задолжено за тоа со судска одлука кое нема да постапи по прависилна судска одлука донесена во постапка за извршување наредба за заштита на права.

# 5.3. Кривична постапка во случаи на семејно насилство

## ПРЕДИСТРАЖНА И ИСТРАЖНА ПОСТАПКА

### - Кривична пријава

Јавниот обвинител и правосудната полиција за сторено кривично дело дознаваат со непосредно забележување, по допрен глас или по примена кривична пријава.

Секој може да пријави кривично дело за кое се гони по службена должност.

Кривичната пријава се поднесува до надлежниот јавен обвинител. Кривичната пријава може да биде поднесена писмено или усно, преку телефон, по електронски пат или со употреба на други технички средства и начини.

Ако пријавата е поднесена усно, јавниот обвинител ќе состави записник. Во тој случај јавниот обвинител ќе го предупреди пријавувачот за последиците од лажно пријавување на кривично дело.

Ако пријавата е поднесена телефонски, преку електронски пат или со употреба на други технички средства или начини, јавниот обвинител ќе состави службена белешка.

Доколку пријава за сторено кривично дело е поднесена до полицијата, во тој случај полицијата без одлагање писмено ќе го извести надлежниот јавен обвинител. Ако е пријавено во полиција кривично дело за кое е предвидена казна затвор во траење од најмалку четири години или постојат причини за итност, полицијата известувањето ќе го даде до јавниот обвинител веднаш по усмен пат, а на ова усно известување ќе следи без одлагање и писмено известување.

### - Дејствија на јавниот обвинител по поднесена кривична пријава

По приемот на кривичната пријава јавниот обвинител, самиот или преку правосудната полиција ќе ги собере известувањата потребни за одлучување по кривичната пријава.

За таа цел јавниот обвинител може да го повика подносителот на пријавата, како и други лица за чии сознанија смета дека можат да придонесат за оцена на веродостојноста на наводите во пријавата или за кои смета дека можат да бидат сведоци во постапката.

Имено, во случаи на поднесени пријави за кривични дела во врска со сторено семејно насилство, јавниот обвинител ќе ја повика жртвата и истата ќе ја испита.

При ова доколку кривичното гонење се презема по предлог, задолжително жртвата-оштетениот ќе се праша за тоа дали е заинтересирана осомничениот кривично да се гони.

Исто така јавниот обвинител ќе повика и лица за кои е веројатно дека ќе можат да дадат известување за кривичното дело, за сторителот и за други важни околности.

Повикувањето се врши со доставување на писмена покана и секое лице повикано во својство на сведок е должно да се јави на поканата.

Жртвите и сведоците, лицата кои поради старост, болест или тешки телесни маани не можат да се јават на поканата можат да бидат испитани во својот дом или на друго место каде се наоѓаат.

Ако уредно повиканото лице не се јави на поканата или очигледно избегнува да ја прими поканата, а неговото присуство е неопходно за разјаснување на околности битни за одлуката дали да се поведе истражна постапка или не за кривично дело за кое е предвидена казна затвор во траење повеќе од пет години, тоа лице може присилно да се доведе со наредба за присилно доведување издадена од судијата на претходна постапка.

Јавниот обвинител може да го повика и осомничениот.

За прибавените известувања јавниот обвинител ќе состави записник.

Доколку се работи за сексуални деликти веднаш ќе се нареди телесен преглед на обвинетиот и жртвата и ќе се нареди земање на примероци за ДНК анализа, а заради споредување со биолошки траги или други ДНК профили, а за што не е потребна согласност од лицето.

Кога врз основа на сите претходно преземени дејствија, постои основано сомневање дека одредено лице сторило кривично дело за кое се гони по службена должност или по предлог, надлежниот јавен обвинител ќе спроведе истражна постапка во која се собираат докази и податоци што му се потребни на јавниот обвинител за да може да одлучи дали ќе поднесе обвинение или ќе се откаже од кривичното гонење и се изведуваат доказите за кои постои опасност дека не ќе можат да се изведат на главната расправа или дека нивното изведување би било сврзано со тешкотии.

Во текот на истражната постапка јавниот обвинител е должен да собира докази кои одат како на товар на осомничениот, така и во негов прилог.

Јавниот обвинител донесува наредба за спроведување на истражна постапка. Пред да ја донесе оваа наредба надлежниот јавен обвинител може да го испита лицето против кое се бара спроведување на истражната постапка.

Во текот на истражната постапка, јавниот обвинител може согласно со одредбите

од овој закон да ги преземе следниве истражни дејствија:

- претрес,
- привремено обезбедување и одземање на предмети или имот,
- испитување на осомничениот,
- испитување на сведоци,
- определување вештачење,
- увид и реконструкција и
- посебни истражни мерки.

Кај кривичните дела сторени при вршење на семејно насилство доколку со кривичното дело било нарушено здравјето на жртвата јавниот обвинител ќе издаде наредба за психијатриско вештачење со кое тоа ќе биде утврдено. Доколку со кривичното дело била нанесена телесна или тешка телесна повреда на жртвата, јавниот обвинител ќе нареди судско медицинско вештачење со кое ќе се утврди видот и карактерот на повредите на жртвата и начинот, механизмот на нивното настанување.

Кај кривичните дела при вршење на семејно насилство јавниот обвинител ќе прибави и Извод од Казнена евиденција за осомничениот и Известување од Граѓанскиот суд и надлежниот Центар за социјални работи за изречени привремени мерки спрема осомничениот и успешност во нивната реализација.

Истражни дејствија може да се преземат и пред поведувањето на истражната постапка доколку постои опасност од одлагање, под услови и во постапка уредени со Законот за кривична постапка.

Јавниот обвинител е должен на погоден начин да го извести бранителот, оштетениот и осомничениот за времето и за местото на извршувањето на истражните дејствија на кои тие можат да присуствуваат, освен кога постои опасност од одлагање.

Ако осомничениот има бранител, јавниот обвинител по правило, ќе го извести само бранителот.

Ако лице до кое е упатено известување за истражно дејствие не е присутно, дејствието може да се изврши и во негово отсуство.

Лицата кои присуствуваат на истражните дејствија можат да му предложат на органот што ја води постапката, заради разјаснување на работите да им постави определени прашања на осомничениот и вештакот, а по дозвола од органот што ја води постапката и тие можат непосредно да поставуваат прашања. Овие лица имаат право да бараат во записникот да се внесат и нивни забелешки во однос на извршувањето на одделни дејствија.

Јавниот обвинител ја завршува истражната постапка кога ќе оцени дека состојбата на работите е доволно разјаснета за да може да подигне обвинение или да ја запре истражната постапка.

Истражната постапка треба да заврши во рок од шест месеци од денот на донесување на наредба за спроведување на истражна постапка. Вишиот јавен обвинител во сложени предмети може овој рок да го продолжи за уште шест месеци. По исклучок, овој рок може да се продолжи уште за три месеци од страна на јавниот обвинител на Република Македонија.

Пред истекот на рокот од шест месеци јавниот обвинител е должен на осомничениот и бранителот да им достави известување за завршување на истражната постапка од страна на јавниот обвинител. Пред завршувањето на истражната постапка јавниот обвинител, ако тоа не го сторил претходно, е должен да го испита осомничениот.

Известувањето содржи краток опис на кривичното дело за кое било постапувано, правната квалификација, со назначување дека сите списи од спроведената истражна постапка се дадени на чување во архивата на јавното обвинителство и дека осомничениот и неговиот бранител имаат право да ги прегледуваат списите и доказите и да составуваат препис.

Известувањето содржи поука дека осомничениот има право во рок од 15 дена од приемот на известувањето да поднесе исправи или други докази, списи од дејствијата на одбраната или да бара од јавниот обвинител да собере определени докази.

Јавниот обвинител е должен да го запознае обвинетиот со доказите што во истражната постапка ги прибавил против него, како и да му ги открие доказите за кои дознал, а кои можат да бидат од полза за одбраната.

Во случај кога јавниот обвинител по барање на осомничениот или неговиот бранител собира определени докази, е должен тоа да го заврши во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето.

По завршувањето на истражната постапка, јавниот обвинител е должен во рок од 15 дена да поднесе обвинение или истражната постапка да ја запре.

## - Сведоци и жртви во својство на сведоци и нивно испитување од страна на јавниот обвинител

Сведокот се повикува со писмено доставена покана. Ако сведокот кој уредно е повикан не дојде, а не го оправда изостанокот или без одобрение или оправдана причина ќе се оддалечи од местото каде што треба да биде испитан, може со судска наредба да се доведе присилно, а Судот може и да го казни со парична

казна од 200 до 1200 евра во денарска противвредност. Со оваа парична казна ќе се казни сведокот и ако дојде, но без законска причина не сака да сведочи, иако е предупреден за последиците.

При повикувањето на лица во својство на сведоци особено треба да се има во предвид дека не може да биде сведок:

- лице кое со својот исказ би ја повредило должноста на чување државна или воена тајна, додека надлежниот орган не го ослободи од таа должност;
- бранител на обвинетиот за она што му го доверил обвинетиот како на свој бранител, освен ако самиот обвинет го бара тоа;
- лице кое со својот исказ би ја повредило должноста за чување деловна тајна во однос на тоа што го дознало во вршењето на своето занимање (верски исповедник, адвокат и лекар), освен ако е ослободено од таа должност со посебен пропис или со писмено, односно со дадена изјава на записник на лицето во чија корист е востановено чувањето тајна, односно со таква изјава на неговиот правен наследник;
- малолетно лице кое со оглед на својата возраст и душевна развиеност не е способно да го сфати значењето на своето право дека не мора да сведочи освен ако самиот обвинет го бара тоа и лицето кое поради својата душевна или телесна болест, односно својата возраст воопшто не е во состојба да сведочи.

При сослушувањето на лица во својство на сведоци треба особено да се има во предвид дека ослободени од должноста да сведочат се:

- брачниот и вонбрачниот другар на обвинетиот;
- роднините на обвинетиот по крв во права линија;
- роднините во странична линија заклучно до трет степен и
- роднините по сватовство заклучно до вториот степен и посвоеник и посвоител на обвинетиот.

Лицето кое е ослободено од должноста за сведочење спрема еден од обвинетите е ослободено од должноста да сведочи и спрема другите обвинети, ако неговиот исказ според природата на работите не може да се ограничи само на другите обвинети.

Ако како сведок е повикано лице кое не може да биде сведок или лице кое не мора да сведочи, а за тоа не е предупредено или изречно не се откажало од тоа право или ако предупредувањето и откажувањето не е забележано во записникот или ако е испитан малолетник кој не може да го сфати значењето на правото дека не мора да сведочи или ако исказот на сведокот е изнуден со сила, со закана или со друго слично забрането средство, врз таквиот исказ на сведокот не може да се заснова судската одлука.

Кога јавниот обвинител испитува сведоци истите ќе ги испитува одделно и по правило усно. Јавниот обвинител претходно ќе го опомене сведокот дека е

должен да зборува вистина и дека не смее ништо да премолчи од тоа што му е познато, дека давањето на лажен исказ претставува кривично дело, како и дека не е должен да одговара на прашања ако е веројатно дека со тоа би се изложил себеси или својот близок роднина на тежок срам, значителна материјална штета или кривично гонење. Овие предупредувања јавниот обвинител ќе ги внесе на записник.

При испитувањето на сведокот не е дозволено служење со измама ниту поставување на сугестивни или капциозни прашања.

Ако сведокот е глув, писмено ќе му се поставуваат прашања, а ако е нем, ќе се повика писмено да одговара. Ако испитувањето не може да се изврши на овој начин ќе се повика како толкувач лице кое може да се разбере со сведокот.

Ако толкувачот не е порано заколнат, ќе положи заклетва дека верно ќе ги пренесе прашањата што се упатуваат до обвинетиот и изјавите што тој ќе ги дава.

Јавниот обвинител може од сведокот да бара да положи заклетва само ако постои страв дека поради болест или од други причини не ќе може да дојде на главната расправа. Причината поради која е положена заклетва ќе се наведе во записникот. Не смеат да положат заклетва: лица кои во моментот на испитувањето немаат наполнето 18 години и лица кои поради својата душевна состојба не можат да го сфатат значењето на заклетвата.

Жртвата-оштетениот и сведокот за кој органот што ја води постапката ќе утврди дека со оглед на возраста, здравствената состојба, природата или последиците од кривичното дело, односно поради други околности на случајот се посебно ранливи, малолетно лице жртва на насилство или сексуална злоупотреба и дека испитувањето во просториите на органот што ја води постапката би имало штетни последици по нивното психичко или физичко здравје ќе се испитаат на следниот начин:

Кога јавниот обвинител ќе оцени дека тоа е потребно заради помош на оштетениот или сведокот ќе му постави полномошник за време на испитувањето.

Прашањата на оштетениот и сведокот можат да се поставуваат само преку јавниот обвинител, кој спрема таквото лице треба да се однесува со посебно внимание за да се избегнат штетните последици на кривичната постапка врз неговата личност, телесното и душевното здравје.

Испитувањето на жртвата и сведокот може да се врши со помош на психолог, социјален работник или друго стручно лице.

Јавниот обвинител може да одлучи лицето да се испита со употреба на технички средства за пренос на слика и звук, без присуство на странките и другите учесници во постапката во просторијата во која се наоѓа оштетениот или сведокот, така што странките, бранителот и лицата кои имаат право да му поставуваат прашања,

тоа го прават со посредство на јавниот обвинител, психолог, педагог, социјален работник или друго стручно лице.

При испитувањето на жртвата или сведокот пред Судот, Судот може да ја исклучи јавноста.

Жртвата или сведокот не смеат да се соочуваат со обвинетиот, а со другите сведоци само по нивно барање.

### Жртвата на кривично дело извршени како акт на семејно насилство ги има следниве права:

- да учествува во кривичната постапка како оштетен со приклучување кон кривичниот прогон или за остварување на имотноправното барање за штета;
- на посебна грижа и внимание од страна на органите и субјектите кои учествуваат во кривичната постапка и
- на делотворна психолошка и друга стручна помош и поддршка од страна на органи, установи и организации за помош на жртви за кривични дела. Полицијата, јавниот обвинител и судот постапуваат со посебна грижа спрема жртвите на кривични дела, давајќи им поуки и се грижат за нивните интереси при донесувањето на одлуки за кривично гонење против обвинетиот, односно при преземањето на дејствија во кривичната постапка во која жртвата мора лично да присуствува, за што се составува службена белешка или записник.

Во согласност со посебните прописи, жртвата на кривично дело за кое е пропишана казна затвор од најмалку четири години има право на:

1) советник на товар на буџетските средства пред давањето на исказ, односно изјава или поднесување на имотноправно барање, ако има тешки психофизички оштетувања или потешки последици од кривичното дело и

2) надоместок на материјална и нематеријална штета од државен фонд под услови и на начин пропишан со посебен закон, доколку надоместокот на штета не може да се обезбеди од осудениот.

### Посебни права на ранливи категории жртви:

Жртвите имаат право на посебни мерки на процесна заштита при давањето исказ и испитувањето во сите фази на постапката, ако:

- во времето на давањето на исказот се на возраст под 18 години;
- со давањето исказ или одговор на определено прашање би се изложиле себе си или блиско лице на сериозна опасност по животот, здравјето или физичкиот интегритет (загрозени жртви) и
- заради возраста, природата и последиците на кривичното дело, физичкиот или психичкиот инвалидитет или друга од значење здравствена состојба,

општественото и културното минато, семејните околности, религиозните уверувања и етничката припадност на жртвата, однесувањето на обвинетиот, членовите на семејството или пријателите на обвинетиот кон жртвата би имало штетни последици по нивното психичко или физичко здравје или негативно ќе влијае врз квалитетот на дадениот исказ (посебно чувствителни жртви).

Посебните мерки на процесна заштита ги определува судот по предлог на јавниот обвинител или на жртвата или по сопствена оцена кога е потребно да се заштитат загрозените и посебно чувствителните жртви.

При одлучувањето за определување на посебните мерки за процесна заштита судот мора да ја земе предвид волјата на жртвата.

Судот мора да определи посебна мерка на процесна заштита и тоа:

- кога детето жртва има потреба од посебна грижа и заштита или
- кога детето е жртва на семејно насилство или сексуална злоупотреба.

Во овие случаи судот мора да определи поединечно или заедно со друга посебна мерка на заштита, видео и тонски запис на исказот и испитувањето на детето за да се користи како доказ во постапката. Во исклучителни случаи, заради нови околности на случајот, судот може да нареди повторно испитување на детето жртва најмногу уште еднаш преку користење на технички средства за комуникација.

Спроведувањето на посебните мерки на процесната заштита на децата жртви е уредено со посебен закон.

## Посебни права на жртвите на кривични дела против половата слобода и половиот морал, човечноста и меѓународното право

Жртвата на кривични дела против половата слобода и половиот морал, покрај претходно наведените правата, ги има и следниве права:

- пред испитувањето да разговара со бесплатен советник или со полномошник, доколку во постапката учествува како оштетен;
- да биде испитувана од лице од ист пол во полицијата и во јавното обвинителството;
- да не одговори на прашања што се однесуваат на личниот живот на жртвата, а не се поврзани со кривичното дело;
- да бара испитување со помош на визуелно-тонски средства на начин определен во ЗКП и
- да бара исклучување на јавноста на главната расправа.

Судот, јавното обвинителство и полицијата се должни да ја поучат жртвата за нејзините права, најдоцна пред нејзиното прво испитување за што составуваат службена белешка или записник.

## Жртва која не е известена за своето право во постапката да учествува како оштетена

Жртвата која не е известена за своето право во постапката да учествува како оштетена има право да се пријави пред полицијата или јавното обвинителство како оштетена до поднесување на обвинението, а пред судот до завршување на главната расправа.

Пријавата на жртвата како оштетена ќе се отфрли ако е очигледно дека е неоправдана или е дадена со задоцнување.

## Права на оштетениот како жртва на семејно насилство

Во кривичната постапка оштетениот ги има следниве права:

- да биде запознаен со своите права;
- да го употребува својот јазик и писмо и право на помош од преведувач, односно толкувач доколку не го разбира јазикот на кој се води постапката;
- да стави предлог за остварување на имотноправното барање;
- да има полномошник;
- да укажува на факти и да предлага докази;
- да присуствува на доказното рочиште;
- да присуствува на главната расправа и да учествува во доказната постапка, како и да се произнесе по имотноправното побарување и по кривичноправниот настан;
- по завршување на истражната постапка да ги разгледа списите и предметите што служат како доказ;
- да поднесе жалба под условите предвидени со овој закон;
- да поднесе предлог за гонење и приватна тужба согласно со одредбите на Кривичниот законик;
- да биде известен за непреземање или за секое откажување од кривично гонење од страна на јавниот обвинител;
- да изјави жалба до повисокиот јавен обвинител против одлуката на јавниот обвинител со која тој се откажува од кривично гонење, под условите предвидени со овој закон;
- да побара враќање во поранешна состојба;
- да му се почитува правото на приватност и
- да учествува во постапката за медијација на начин и под услови определени со овој закон.

### - Испитување на осомничениот од страна на јавниот обвинител

Кога се испитува осомничениот прв пат ќе се праша дали го разбира јазикот на кој се води постапката, за името и презимето, за прекарот ако го има, за името и презимето на родителите, за моминското презиме на мајката, местото на раѓање, местото на живеење, денот, месецот и годината на раѓање, единствениот матичен број, за припадноста на заедница, државјанството, занимањето, семејните прилики, образованието, имотната состојба, дали, кога и зошто е осудуван, дали и кога ја издржал изречената казна, дали против него се води постапка за некое друго кривично дело, а ако е малолетен кој му е законски застапник.

Осомничениот ќе се поучи дека е должен да се јави на поканата и веднаш да ја соопшти секоја промена на адресата или намерата да го промени живеалиштето односно престојувалиштето, а ќе се предупреди и за последиците ако не постапи по тоа. Ако обвинетиот нема постојано живеалиште, односно престојувалиште во Република Македонија или се работи за странец, ќе се поучи дека е должен во рок од осум дена да определи адреса или лице во Република Македонија за доставување на писмена и одлуки, а ќе се предупреди дека доколку самиот не определи адреса или лице за примање на писмената, органот што го повикува ќе го истакне писменото на огласната табла во судот и со истекот на осум дена од денот на истакнувањето се смета дека е извршено доставувањето.

Пред секое испитување обвинетиот задолжително ќе се информира и поучи: зошто се обвинува и кои се основите на сомневањето што стојат против него; дека не е должен да ја изнесе својата одбрана, ниту да одговара на поставените прашања, но доколку даде изјава таа може да се користи во постапката против него; дека може да земе бранител по свој избор со кого може насамо да се советува и кој може да присуствува на испитувањето; дека може да се изјасни за делото кое му се става на товар и да ги изнесе сите факти и докази кои му одат во полза; дека има право на увид во списите и да ги разгледува предметите кои се одземени; дека има право на бесплатна помош на преведувач, односно толкувач ако не го разбира или зборува јазикот кој се користи при испитувањето и дека има право на преглед од лекар при потреба од медицински третман или заради утврдување на евентуални полициски пречекорувања.

Обвинетиот може доброволно да се откаже од некое од овие права, но неговото испитување не може да започне доколку изјавата дека се откажува од некое од правата не се забележи писмено и додека не биде потпишана од него.

Лицето не може да се откаже од правото на бранител доколку одбраната е задолжителна согласно со овој закон.

Ако нема свој адвокат или не може да стапи во контакт со него, на обвинетиот ќе му се достави листата на дежурните адвокати изготвена од Адвокатската комора на Република Македонија.

Доколку обвинетиот прво не сакал бранител, но подоцна изрази желба да земе бранител, испитувањето ќе се прекине и повторно ќе продолжи кога обвинетиот ќе добие бранител, со кого може да се советува.

Ако е постапено спротивно на горенаведеното, исказот на обвинетиот не може да се користи во текот на судската постапка.

Пред започнувањето на првото испитување, обвинетиот ќе се информира и за правото на спогодување за вината со јавниот обвинител.

Испитувањето на обвинетиот од страна на јавниот обвинител или во негово присуство може да се снима со апарат за визуелно-тонско снимање. За снимањето обвинетиот посебно ќе се поучи, при што ќе се опомене за тоа дека снимените изјави можат да се користат во постапката. За секој прекин во испитувањето во снимката ќе се назначат причините и времетраењето на прекинот, како и времето на продолжување и завршување на испитувањето.

За испитувањето ќе се изработат три примероци, од кои по еден примерок за јавниот обвинител и обвинетиот и еден примерок се запечатува и се предава на судијата на претходната постапка. Јавниот обвинител ќе изработи писмен препис од снимката и тој препис се приложува во списите на предметот. Оваа снимка не смее да се објавува, емитува и користи за намени и цели надвор од кривичната постапка.

Откако ќе се поучи за правото на молчење и другите права, на обвинетиот треба да му се поставуваат прашања јасно, разбирливо и прецизно, така што да може наполно да ги разбере. При испитувањето не смее да се поаѓа од претпоставката дека обвинетиот признал нешто што не признал, ниту смеат да му се поставуваат прашања во кои е веќе содржано како треба на нив да се одговори. Спрема обвинетиот не смее да се употреби измама за да се дојде до негова изјава или признание.

Предметите што се во врска со кривичното дело или што служат како доказ ќе му се покажат на обвинетиот заради препознавање, откако претходно ќе ги опише. Ако овие предмети не може да се донесат, обвинетиот може да се одведе на местото каде што се наоѓаат тие.

По поуката за правата обвинетиот ќе се праша што има да наведе во своја одбрана. При испитувањето на обвинетиот треба да му се овозможи во непречено излагање да се изјасни за сите околности што го товарат и да ги изнесе сите факти што му служат за одбрана. Обвинетиот се испитува усно и при испитувањето на обвинетиот може да му се дозволи/ да ги користи своите забелешки. Кога обвинетиот ќе го заврши својот исказ, ќе му се поставаат прашања доколку е потребно да се пополнат празнините и да се отстранат противречностите или неразбирливоста во неговото излагање.

Спрема обвинетиот не смеат да се употребат сила, закана или други слични средства за да се дојде до негова изјава или признание.

Обвинетиот може да биде испитан во отсуство на бранител само ако изречно се одрекол од тоа право, а одбраната не е задолжителна или ако во рок од 24 часа од моментот кога е поучен за ова право самиот не обезбеди бранител, освен во случај на задолжителна одбрана.

Ако е постапено спротивно на ова, исказот на обвинетиот не може да се користи во постапката.

Ако обвинетиот не го разбира и зборува македонскио јазик испитување на обвинетиот ќе се изврши преку овластен судски преведувач-толкувач.

Ако обвинетиот е глув, писмено ќе му се поставуваат прашања, а ако е нем, ќе се повика писмено да одговара. Ако испитувањето не може да се изврши на овој начин ќе се повика како толкувач лице кое може да се разбере со обвинетиот. Ако толкувачот не е порано заколнат, ќе положи заклетва дека верно ќе ги пренесе прашањата што се упатуваат до обвинетиот и изјавите што тој ќе ги дава.

## ДОКАЗНО РОЧИШТЕ

Кога постојат конкретни околности што укажуваат дека сведокот-оштетениот е изложен на насилство, закана, ветување на пари или друга корист за да не сведоичи или јавно да сведочи, јавниот обвинител може да предложи во текот на истражната постапка оддржување на доказно рочиште, со барање кое се доставува до судијата во претходна постапка (член 312-318 од ЗКП).

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА ОБВИНЕТИОТ И ОШТЕТЕНИОТ КАКО ЖРТВА НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

### Право на предлагање докази, увид во списи и други права

Оштетениот има право во текот на постапката да укажат на сите факти и да предлага докази што се од важност за утврдување на кривичната одговорност и имотноправното барање.

На главната расправа тие имаат право да предлагаат докази, да им поставуваат прашања на обвинетиот, на сведоците и на вештаците, да изнесуваат забелешки и објасненија во поглед на нивните искази да даваат други изјави и да ставаат други предлози.

Оштетениот и приватниот тужител имаат право да ги разгледуваат списите и да ги разгледуваат предметите што служат како доказ. На оштетениот може да му се забрани разгледувањето на списите додека не биде испитан како сведок.

Јавниот обвинител и судот ќе го запознаат оштетениот за претходно наведените права.

## Малолетник како оштетен

Ако оштетениот е малолетник или лице наполно лишено од деловна способност, неговиот законски застапник е овластен да ги дава сите изјави и да ги презема сите дејствија за кои според ЗКП е овластен оштетениот. Оштетениот кој наполнил 18 години е овластен самиот да дава изјави и да презема дејствија во постапката.

## Полномошник на оштетениот

Оштетениот, како и нивните законски застапници своите права во постапката можат да ги вршат и преку полномошник.

## Должност за известување за промената на адресата

Оштетениот, како и нивните законски застапници и полномошници, се должни за секоја промена на адресата или на престојувалиштето, односно живеалиштето да го известат судот.

## Права на обвинетиот

Секој обвинет ги има следниве основни права:

- да биде навремено и детално информиран, на јазик што го разбира, за делата за кои се товари и за доказите против него,
- да има доволно време и можности за подготвување на својата одбрана, а особено да има увид во списите и да биде запознаен со доказите против него и во негова корист, како и да комуницира со бранител по сопствен избор,
- да биде суден во негово присуство и да се брани лично или со помош на бранител по сопствен избор, а доколку нема средства да плати бранител, да добие бесплатен бранител кога тоа го бараат интересите на правдата,
- да ја изнесе својата одбрана,
- да не биде присилен да даде исказ против себе или своите блиски или да признае вина,
- да има можност да се изјасни за фактите и доказите што го товарат и да ги изнесе сите факти и докази што му одат во прилог,
- самиот или преку бранител да ги испита сведоците против него, како и да му се обезбеди присуство и испитување на сведоците во негова корист под исти услови, како и сведоците против него и

- во текот на главната расправа да се советува со својот бранител, но не може да се договара како ќе одговори на поставено прашање.

## Право на бранител

Секое лице осомничено или обвинето за кривично дело има право на бранител во текот на целата кривична постапка против него.

Обвинетиот пред првото испитување или пред друго дејствие за кое таа обврска е предвидена со овој закон мора да се поучи дека има право на бранител по свој избор со кого може насамо да се советува и дека бранителот може да присуствува на неговото испитување.

Бранител на обвинетиот можат да му обезбедат и неговиот законски застапник, брачниот, односно вонбрачниот другар, роднина по крв во права линија, посвоител, посвоеник, брат, сестра и хранител, освен ако обвинетиот на тоа изречно се противи.

Бранител може да биде само адвокат.

За кривични дела за кои може да се изрече казна затвор во траење од најмалку десет години, бранител може да биде адвокат со искуство од најмалку пет години по положување на правосудниот испит.

Бранителот е должен да поднесе полномошно до органот пред кој се води постапката. Обвинетиот може на бранителот да му даде и усно полномошно на записник пред органот пред кој се води постапката.

## Задолжителна одбрана со бранител и бранител по службена должност

Ако обвинетиот е нем, глув или неспособен самиот успешно да се брани, или ако против него се води кривична постапка за кривично дело за кое во законот е пропишана казна доживотен затвор, мора да има бранител уште при првото испитување.

Обвинетиот мора да има бранител ако против него е определен притвор за времето додека трае притворот.

По поднесениот обвинителен акт поради кривично дело за кое со закон е пропишана казна затвор од десет години или потешка казна затвор, обвинетиот мора да има бранител во времето на доставувањето на обвинителниот акт.

Во текот на постапката за преговарање и спогодување со обвинителот за признавање на вината, обвинетиот мора да има бранител.

Обвинетиот на кој му се суди во отсуство мора да има бранител веднаш по донесеното решение за судење во отсуство.

Ако обвинетиот во случаите на задолжителна одбрана од претходните ставови на овој член не земе бранител сам, претседателот на судот ќе му постави бранител по службена должност за натамошниот тек на кривичната постапка до правосилноста на пресудата. Кога на обвинетиот ќе му се постави бранител по службена должност по поднесениот обвинителен акт, за тоа ќе се извести обвинетиот заедно со доставувањето на обвинителниот акт.

Бранителот е овластен во корист на обвинетиот да ги презема сите дејствија што може да ги преземе обвинетиот. За подготовка на одбраната бранителот може да бара известувања од граѓани.

## ОБВИНИТЕЛЕН АКТ И ОЦЕНА НА ОБВИНИТЕЛНИОТ АКТ

По завршување на истражната постапка кога јавниот обвинител ќе утврди дека постојат доволно докази од кои може да очекува донесување осудителна пресуда, го подготвува и поднесува обвинителниот акт до надлежниот суд.

### Надлежност за оцена на обвинителниот акт

Во случаите кога јавниот обвинител ќе утврди дека постојат доволно докази од кои може да очекува донесување осудителна пресуда за сторено кривично дело за кое е предвидена казна затвор до десет години, надлежен за вршење на оцена на обвинителниот акт е судијата за оцена на обвинителниот акт (судија поединец).

Во случаите кога се работи за сторено кривично дело за кое е предвидена казна затвор од десе години или потешка казна, надлежен за вршење на оцена на обвинителниот акт е советот за оцена на обвинителниот акт.

### Доставување на обвинителниот акт

Судијата или советот за оцена на обвинителниот акт му го доставува обвинителниот акт на осомничениот кој е на слобода без одлагање, а ако се наоѓа во притвор во рок од 24 часа од приемот на обвинителниот акт кај судијата или советот за оцена на обвинителниот акт.

Судијата или советот за оцена на обвинителниот акт му го доставува обвинителниот акт на осомничениот со поука за право на приговор против обвинителниот акт.

### Постапување на осомничениот по приемот на обвинителниот акт

По приемот на обвинителниот акт осомничениот:

- може да поднесе приговор против обвинителниот акт. во рок од осум дена од прием на обвинителниот акт, или
- може да поднесе изјава за признавање на вината или
- доставува листа на докази кои предлага да се изведат на главната расправа.

Листата на докази, судот без одлагање ја доставува до јавниот обвинител. Обвинителниот акт влегува во правна сила со денот на донесувањето на решението за негово одобрување, односно со впишување на клаузулата за одобрување на обвинителниот акт.

Обвинителниот акт, решението за негово одобрување, доставените материјални докази и листата на докази кои странките предлагаат да се изведат, се доставуваат до надлежниот суд.

Записниците и снимките од испитувањето на лица се враќаат на јавниот обвинител.

## ГЛАВНА РАСПРАВА

Претседателот на советот со наредба го определува денот, часот и местото на главната расправа.

Претседателот на советот ќе ја закаже главната расправа најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на обвинителниот акт во судот, а за дела од организираниот криминал најдоцна во рок од 60 дена од денот на приемот на обвинителниот акт во судот. Ако во овој рок не ја закаже главната расправа претседателот на советот писмено ќе го извести претседателот на судот за причините поради кои главната расправа не е закажана. Претседателот на судот по потреба ќе преземе мерки главната расправа да се закаже.

Главната расправа се одржува во седиштето на судот и во судската зграда.

На главната расправа ќе се повикаат обвинетиот и неговиот бранител, тужителот и оштетениот и нивните законски застапници и полномошници, како и толкувач. На главната расправа ќе се повикаат и сведоците, вештаците и техничките советници кои се предложени од тужителот во обвинителниот акт, односно обвинетиот во приговорот против обвинителниот акт или во посебен поднесок.

Поканата до обвинетиот мора да се достави така што меѓу доставувањето на поканата и денот на главната расправа да остане доволно време за подготвување на одбраната, а најмалку осум дена. По барање од обвинетиот или тужителот, а

по согласност на обвинетиот, овој рок може да се скрати.

Оштетениот што не се повикува како сведок судот ќе го извести во поканата дека главната расправа ќе се одржи и без него, а дека ќе се прочита неговата изјава за имотно-правното барање.

Главната расправа е јавна.

На главната расправа може да присуствуваат само полнолетни лица.

Лицата кои присуствуваат на главната расправа не смеат да носат оружје или опасно орудие, освен судската полиција, полицијата и службата за спровод и обезбедување на обвинетиот на казнено-поправните установи.

Од отворањето на заседанието па до завршувањето на главната расправа советот може во секое време по службена должност или по предлог на странките или оштетениот да ја исклучи јавноста од дел на главната расправа или од целата главна расправа, ако тоа е потребно заради чување на државна, воена, службена или важна деловна тајна, чување на јавниот ред, заштита на приватниот живот на обвинетиот, сведокот или оштетениот, заштита на безбедноста на сведокот или жртвата и/или заштита на интересите на малолетникот.

Исклучувањето на јавноста не се однесува на странките, на оштетениот, нивните законски застапници и полномошници, како и на бранителот, освен во случаи определени со закон.

Главната расправа се одржува непрекинато и тече според редот што е определен во овој закон. Во случаите кога не е можно главната расправа да се заврши на едно рочиште, претседателот одлучува главната расправа да продолжи наредниот работен ден.

Странките и сите присутни во судницата го дочекуваат советот стоејќи.

Откако ќе се утврди идентитетот на обвинетиот претседателот на советот ќе ги упати сведоците на место коешто за нив е одредено каде што ќе причекаат додека не бидат повикани заради испитување. Вештаците можат да останат да го следат текот на главната расправа.

Сите обвинети остануваат во судницата во текот на целата главна расправа.

Главната расправа започнува со држење воведни говори. Прво зборува тужителот, а потоа бранителот или обвинетиот.

Обвинетиот има право да не одржи воведен говор.

Во своите говори странките можат да изнесат кои решавачки факти имаат намера да ги докажуваат, да ги изложат доказите што ќе ги изведуваат и да ги определат правните прашања по коишто ќе расправаат. Во говорите не смеат да се изнесуваат факти за поранешна осудуваност на обвинетиот.

Странките во воведниот говор не можат да се изјаснуваат за наводите и понудените докази на спротивната странка.

Ако оштетениот или неговиот полномошник се присутни, предјавуваат имотноправно барање.

По воведниот говор на тужителот, претседателот на советот ќе го праша обвинетиот дали разбира за што е обвинет и доколку се увери дека обвинетиот не разбрал за што е обвинет, накратко ќе ја изнесе содржината на обвинението на начин најразбирлив за обвинетиот.

Претседателот на советот ќе го поучи обвинетиот за правото да молчи или да даде свој исказ и ќе го советува внимателно да го следи текот на главната расправа, при што ќе му укаже дека може да изнесува докази во своја одбрана, да им поставува прашања на сообвинетите, сведоците и вештаците, и да става забелешки во поглед на нивните искази.

Потоа претседателот на советот ќе го повика обвинетиот да се произнесе во однос на сите кривични дела на обвинението дали се чувствува за виновен или не.

По поуката за правата на обвинетиот без оглед на природата и тежината на кривичното дело за кое се води постапката, обвинетиот може доброволно да ја признае вината во однос на едно или повеќе кривични дела од обвинението.

По даденото признание за вината, судијата поединец, односно претседателот на советот е должен да испита дали признанието е доброволно, дали обвинетиот е свесен за правните последици од признавањето на вината, за последиците сврзани за имотноправното побарување и трошоците на кривичната постапка.

По спроведувањето на дејствијата од страна на судот, во доказна постапка ќе се изведат само оние докази што се однесуваат на одлуката за санкцијата.

Во однос на пресудата или делот од пресудата што е донесена како резултат на признавањето на вината на обвинетиот во текот на главната расправа, обвинетиот не може да поднесе жалба поради погрешно утврдена фактичка состојба.

Доказите се изведуваат по следниов редослед, и тоа:

- докази на обвинението и докази врзани со имотноправното барање;
- докази на одбраната;
- докази на обвинението за побивање на доказите на одбраната (реплика) и
- докази на одбраната како одговор на побивањето (дуплика).

Во текот на главната расправа секоја од странките може со согласност на другата странка, да се откаже од изведување на доказот кој бил предложен.

При изведување на доказите дозволено е директно, вкрстено и дополнително испитување.

Директното испитување го врши странката која го предложила сведокот, односно вештакот или техничкиот советник.

Вкрстеното испитување го врши спротивната страна.

Дополнителното испитување го врши повторно страната која го повикува сведокот, односно вештакот и прашањата што се поставуваат при ова испитување се ограничени на прашањата поставени во текот на испитувањето на спротивната страна.

По завршувањето на испитувањето на странките, претседателот и членовите на советот можат да поставуваат прашања на сведокот, односно вештакот.

По предлог на одбраната се врши испитување на обвинетиот.

Испитувањето започнува со прашања на бранителот, а потоа прашања поставуваат обвинителот, оштетениот и сообвинетите.

Доколку на главната расправа обвинетиот не даде исказ или даде поинаков исказ за одделни факти или околности, јавниот обвинител може да бара да се прочита или репродуцира исказот на обвинетиот даден претходно во постапката.

По завршувањето на доказната постапка, судот ќе ги повика тужителот, оштетениот, бранителот и обвинетиот да го дадат својот завршен збор.

По завршните зборови, претседателот на советот ќе објави дека главната расправа е завршена и во записникот ќе внесе во колку часот расправата завршила.

Потоа советот ќе се повлече на советување и гласање заради донесување пресуда.

# СКРАТЕНА ПОСТАПКА, ПОСТАПКА ЗА ИЗДАВАЊЕ КАЗНЕН НАЛОГ, ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕСУДА ВРЗ ОСНОВА НА СПОГОДБА НА ЈАВНИОТ ОБВИНИТЕЛ И ОСОМНИЧЕНИОТ И ПОСТАПКА ЗА ПРИМЕНА НА МЕРКИТЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ

## СКРАТЕНА ПОСТАПКА

За кривични дела за кои како главна казна е пропишана парична казна или затвор до пет години, пред судот што суди во прв степен се води скратена постапка. Во Кривичниот законик, такви кривични дела сторени при вршење на

семејно насилство или како последица од семејно насилство се: Телесна повреда од чл. 130 ст. 2 од КЗ, Тешка телесна повреда од чл. 131 ст. 2 од КЗ, Присилба од чл. 139 ст. 2 од КЗ, Противправно лишување од слобода од чл. 140 ст. 2 од КЗ, Загрозување на сигурноста од чл. 144 ст. 2 од КЗ, Силување од чл. 186 ст. 5 в.в. ст. 1 од КЗ, Тешка телесна повреда од чл. 131 ст. 6 од КЗ и Убиство на миг од чл. 125 од КЗ. Како посебна заштита на жртвите на семејно насилство, може да се смета и кривичното дело Неизвршување на судска одлука од член 377 став 5 од КЗ.

За сите овие кривични дела, кривичното гонење се презема по службена должност од страна на надлежниот јавен обвинител, освен за кривичното дело Телесна повреда од чл. 130 ст. 2 од КЗ, за кое законодавецот предвидел дека кривичното гонење се презема по предлог од оштетениот-жртвата.

Законодавецот предвидел за кривичното дело Телесна повреда од чл. 130 ст. 2 од КЗ, кривичното гонење од страна на надлежниот јавен обвинител да се презема само кога за тоа постои предлог од оштетениот. Тоа значи дека оштетениот-жртвата треба да даде предлог сторителот кривично да се гони и да одговара за стореното кривично дело.

Предлогот за кривично гонење се поднесува до надлежниот јавен обвинител во рок од три месеци од денот кога лицето овластено за поднесување на предлогот узнало за кривичното дело или за сторителот (чл. 58 ст. 1 од ЗКП). Доколку наместо предлог за гонење, овластеното лице поднело кривична пријава до надлежниот јавен обвинител, и таа има третман на предлог за кривично гонење.

Ако како жртва-оштетен се јавува малолетник или лице кое е наполно лишено од деловна способност, предлог за кривично гонење поднесува нивниот законски застапник.

Ако жртвата умре во текот на рокот за поднесување на предлог, право да поднесат предлог за кривично гонење имаат неговиот брачен односно вонбрачен другар, децата, родителите, посвоениците, посвоителите, браќата и сестрите. Овие овластени лица предлогот можат да го поднесат во рок од три месеци по смртта на жртвата.

Ако жртвата умре во текот на постапката, неговиот брачен односно вонбрачен другар, децата, родителите, посвоениците, посвоителите, браќата и сестрите можат да дадат изјава дека ја продолжуваат постапката, во рок од три месеци по смртта на жртвата.

Ако со кривичното дело се оштетени повеќе лица, има повеќе жртви, гонењето ќе се преземе, односно ќе продолжи по предлог од секој оштетен-жртва посебно.

Оштетениот-жртвата може со своја изјава до судот пред кој се води постапката да се откаже од предлогот за кривично гонење, до завршување на главната

расправа. Доколку жртвата се откаже од предлогот за гонење до започнување на главната расправа судот со решение ќе ја запре постапката, согласно чл. 62 ст. 2 од ЗКП, а доколку жрвата се откаже од предлогот за гонење од започнување до звршување на главната расправа, судот ќе донесе одбивателна пресуда согласно чл. 402 ст. 3 од ЗКП.

Во случај кога оштетениот-жртвата ќе се откаже од предлогот за гонење, во тој случај тој го губи правото повторно да поднесе предлог.

Во случај кога постапката е запрена поради откажување од предлогот за гонење од страна на оштетениот-жртвата, оштетениот-жртвата ќе ги плати трошоците на кривичната постапка ако обвинетиот не изјави дека тој ќе ги плати, согласно чл. 106 ст. 4 од ЗКП.

## СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Кривичната постапка, како скратена постапка, се поведува со поднесување на Обвинителен предлог на јавниот обвинител, во доволен број примероци за судот и обвинетиот. Обвинителниот предлог треба да содржи: име и презиме на обвинетиот со лични податоци, краток опис на кривичното дело, означување на судот пред кој ќе се води главната расправа, предлог кои докази треба да бидат изведени на расправата и предлог обвинетиот да се огласи за виновен и да се осуди според законот.

По приемот на Обвинителниот предлог, доколку судијата утврди дека судот е надлежен да постапува и дека не постојат услови за отфрлање на обвинителниот предлог, веднаш ќе закаже главна расправа.

На расправата судијата ги повикува јавниот обвинител, обвинетиот, неговиот бранител, оштетениот-жртвата, неговиот законски застапник, полномошникот, сведоците, вештаците и толкувачот.

На обвинетиот со поканата му се доставува и примерок од Обвинителниот предлог со предложените докази, а во поканата обвинетиот ќе се поучи дека на главната расправа може да дојде со докази во своја одбрана, дека главната расправа ќе се одржи во негово отсуство, ако за тоа постојат услови, дека има право да земе бранител по свој избор, но дека доколку неговиот бранител не се јави на главната расправа, или доколку тој ангажира бранител на самата расправа, истата нема да се одлага кога одбраната не е задолжителна. Доколку обвинетиот лично и навремено ја примил поканата со вака наведените поуки, нема да дојде до одлагање на главната расправа ако обвинетиот не се јави на расправата, а има услови за одржување на главната расправа во негово отсуство или ако обвинетиот се јави без бранител.

Главната расправа се одржува во присуство на јавниот обвинител и обвинетиот.

За кривични дела за кои е пропишана парична казна или казна затвор до три години, ако обвинетиот не дојде на главната расправа, иако уредно е повикан, или поканата не можела да се врачи поради очигледно одбегнување на обвинетиот да ја прими поканата, судот може да ја одржи главната расправа без присуство на обвинетиот.

Главната расправа започнува со читање на обвинението.

Ако на главната расправа, по поуката за правата, обвинетиот даде изјава со која ја признава вината, судијата е должен да испита дали признавањето е доброволно, дали обвинетиот е свесен за правните последици од признавањето на вината, за последиците од имотно правното побарување и трошоците на постапката. По ова во доказна постапка се изведуваат само оние докази кои се однесуваат на одлуката за санкцијата и се носи пресуда врз основа на признание на вина, против која обвинетиот не може да поднесе жалба поради погрешно утврдена фактичка состојба.

Доколку обвинетиот не даде изјава за признавање на вина, главната расправа ќе продолжи и ќе се доврши по можност без прекинување. Во случај кога главната расправа не може да се заврши на едно рочиште, судијата одлучува главната расправа да продолжи наредниот работен ден.

На расправата се изведуваат доказите по следниов редослед:

1. Докази на обвинението и докази врзани за имотно правното барање
2. Докази на одбраната
3. Докази на обвинението за побивање на доказите на одбраната (реплика)
4. Докази на одбраната како одговор на побивањето (дуплика)

Доколку жртвата-оштетениот одбива да даде исказ во присуство на обвинетиот или ако околностите покажуваат дека жртвата-оштетениот во присуство на обвинетиот нема да ја зборува вистината, судијата може да одлучи обвинетиот привремено да се оддалечи од судницата. Откако обвинетиот ќе се врати во судницата, на обвинетиот ќе му биде прочитан исказот на жртвата-оштетениот.

Доколку како жртва се јавува дете, во тој случај за негово сослушување во текот на постапката се применуваат одредбите од Законот за правда на децата.

Ако не бидат ставени предлози за дополнение на доказната постапка или ако предлозите бидат одбиени, со тоа доказната постапка завршува, па свои завршни зборови ќе дадат јавниот обвинител, оштетениот, бранителот и обвинетиот, по што судијата објавува дека главната расправа е завршена.

По заклучувањето на главната расправа судот веднаш ќе ја изрече пресудата и ќе ја објави со суштествените причини. Пресудата мора писмено да се изработи во рок од 8 дена од денот на објавувањето.

Против пресудата е дозволена жалба во рок од 8 дена од доставувањето на преписот на пресудата.

## - ОДМЕРУВАЊЕ НА ВИДОТ И ВИСИНАТА НА КРИВИЧНА САНКЦИЈА

При одредувањето на видот и одмерувањето на висината на казната, судијата, согласно Правилникот за начинот на одмерување на казните, прво ќе го определи нивото на конкретното кривично дело согласно Табелата, со оцена на следните критериуми:

- кривичната одговорност на сторителот,
- тежината на стореното кривично дело и
- околностите под кои е сторено делото.

При ова судијата ќе има во предвид дали кривичното дело е сторено во поврат и дали поранешното дело е од ист вид, дали се работи за продолжено кривично дело, дали постои исклучително висок степен на противправност, при што во секој случај, доколку на сторителот му биле изречени најмалку две осуди, независно од изречената кривична санкција, судијата ќе определи повисоко ниво, а доколку на сторителот му биле изречени најмалку две осуди на казна затвор од кои барем едната осуда е за потешко кривично дело, судијата ќе определи трето ниво на кривичното дело.

Откако ќе го определи нивото на кривичното дело, судијата ќе ја одмери казната по вид и висина во рамките на распонот на казната во определеното ниво, при што ќе ги има во предвид околностите поврзани со кривичното дело и со личноста на сторителот, а особено: придонесот на жртвата во извршувањето на кривичното дело, поранешниот живот на сторителот, неговите лични прилики, неговото однесување по стореното кривично дело и други околности за личноста на сторителот. При одмерувањето на казната, судијата за појдовна основа ќе ја има средната вредност на казната од распонот на определеното ниво согласно Табелата, од која со оцена на соодносот на олеснувачките/отежнувачките околности ќе се движи кон долната или горната граница на распонот на определеното ниво.

1. Согласно Табелата за кривични дела **за кои е предвидена казна затвор од три месеци до три години**, а тоа е кривичното дело - **Загрозување на сигурноста од Член 144 ст. 2:**

- Првото ниво е казна затвор од 3 месеци до 1 година, со средна вредност од 7 месеци,
- Второто ниво е казна затвор во траење од десет месеци до две години со средна вредност од 1 година и 5 месеци и
- Третото ниво е казна затвор во траење од 1 година и 8 месеци до 3 години или средна вредност од 2 години и 4 месеци.

2. Согласно Табелата за кривични дела **за кои е предвидена казна затвор од шест месеци до три години**, а тоа се следните кривични дела **Телесна повреда од чл. 130 ст. 2 од КЗ, Присилба од чл. 139 ст. 2 од КЗ и Противправно лишување од слобода од чл. 140 ст. 2 од КЗ:**

- Првото ниво е казна затвор од од 6 месеци до 1 година и 3 месеци, со средна вредност од 10 месеци,
- Второто ниво е казна затвор во траење од 1 година до 2 години со средна вредност од 1 година и 6 месеци и
- Третото ниво е казна затвор во траење од 1 година и 9 месеци до 3 години или средна вредност од 2 години и 4 месеци.

3. Согласно Табелата за кривични дела **за кои е предвидена казна затвор од 6 месеци до пет години,** а тоа е кривичното дело **Силување од чл. 186 ст. 5 в.в. ст. 1 од КЗ:**

- Првото ниво е казна затвор од 6 месеци до 2 години, со средна вредност од 1 година и 3 месеци,
- Второто ниво е казна затвор во траење од 1 година и 6 месеци до 3 години и 6 месеци со средна вредност од 2 години и 6 месеци и
- Третото ниво е казна затвор во траење од 3 години до 5 години или средна вредност од 4 години.

4. Согласно Табелата за кривични дела **за кои е предвидена казна затвор од една до пет години**, а тоа се следните кривични дела **Тешка телесна повреда од чл. 131 ст. 2 од КЗ, Противправно лишување од слобода од чл. 140 ст. 2 од КЗ, Тешка телесна повреда од чл. 131 ст. 6 од КЗ и Убиство на миг од чл. 125 од КЗ, Неизвршување на судска одлука од член 377 став 5 од КЗ**

- Првото ниво е казна затвор од 1 година до 2 години и 6 месеци, со средна вредност од 1 година и 9 месеци,
- Второто ниво е казна затвор во траење од 2 години до 3 години и 6 месеци со средна вредност од 2 години и 9 месеци и
- Третото ниво е казна затвор во траење од 3 години до 5 години или средна вредност од 4 години.

Со Правилникот не се ограничува правото на Судот под условите предвидени со законот наместо казна затвор или парична казна да изрече алтернативна мерка предвидена во чл. 48-а од КЗ.

Доколку обвинетиот ја признае вината на главната расправа, Судот може да изрече казна која може да биде во рамките на долната граница од распонот на определното ниво на кривичното дело. Доколку судот се определил за најниското ниво на кривичното дело може да изрече казна и под границата пропишана со закон, но најмногу до границите на ублажувањето на казната предвидени во чл. 41 од КЗ.

### Условна осуда со заштитен надзор

На сторителот може да му биде изречена условна осуда со заштитен надзор, кога судот ќе најде дека условната осуда нема доволно да влијае врз сторителот повеќе да не врши кривични дела, а околностите поврзани со личноста на сторителот или средината во која живее го прават оправдано очекувањето дека целта на условната осуда ќе се постигне ако се определат и мерки на помош, грижа, надзор или заштита.

Судот при изрекувањето на мерките треба да ги има предвид одредбите од член 55 до 58 од Кривичниот законик. Во пресудата со која се изрекува условна осуда со заштитен надзор судот ќе го определи времетраењето и институција која ќе ја извршува мерката.

## ПРЕСУДА – ВИДОВИ ПРЕСУДИ

Пресудата се изрекува и јавно се објавува во името на граѓаните на Република Македонија.

Пресудата може да се однесува само на лицето кое е обвинето и само на делото што е предмет на обвинението содржано во поднесениот, односно на главната расправа изменетиот или проширениот обвинителен акт.

Судот не е врзан за предлозите на тужителот во однос на правната оцена на делото.

Судот ја заснова пресудата само врз фактите и доказите што се изнесени на главната расправа.

Судот е должен совесно да го оцени секој доказ поединечно и во врска со другите докази и врз основа на таква оцена да изведе заклучок дали некој факт е докажан.

Со пресудата обвинението се одбива или обвинетиот се ослободува од обвинението или се огласува за виновен.

Пресуда со која се одбива обвинението судот ќе изрече, ако:

- за пресудување судот не е стварно надлежен;
- постапката е водена без барање на овластен тужител;
- тужителот од започнувањето па до завршувањето на главната расправа се откажал од обвинението;
- немало потребен предлог, одобрение или ако надлежниот државен орган се откажал од предлогот, односно одобрението или ако оштетениот се откажал од предлогот;
- обвинетиот за истото дело е веќе правосилно осуден, ослободен од обвинението или постапката против него е правосилно запрена со решение и

- обвинетиот со акт на амнестија или помилување е ослободен од гонењето или кривичното гонење не може да се преземе поради застареност, или ако постојат други околности што го исклучуваат кривичното гонење.

Пресуда со која обвинетиот се ослободува од обвинението судот ќе изрече, ако:

- делото за кое се обвинува не е кривично дело според законот;
- има околности што ја исклучуваат кривичната одговорност и
- јавниот обвинител или тужителот не докажал надвор од разумно сомневање дека обвинетиот го сторил делото за кое се обвинува.

Во пресудата во која обвинетиот се огласува за виновен судот ќе изрече:

- за кое дело се огласува за виновен, со назначување на фактите и околностите што претставуваат обележје на кривичното дело, како и на оние од кои зависи примената на определена одредба од Кривичниот законик;
- законски назив на кривичното дело и кои одредби од Кривичниот законик се применети;
- на каква казна се осудува обвинетиот или се ослободува од казна според одредбите од Кривичниот законик;
- одлука за алтернативна мерка;
- одлука за мерките на безбедност, конфискацијата на имот и имотната корист и одземање предмети;
- одлука за засметување на лишување од слобода, на притвор или на веќе издржаната казна и
- одлука за трошоците на кривичната постапка, за имотноправното барање, како и за тоа дека правосилната пресуда треба да се објави преку печатот, радиото или телевизијата.

Ако обвинетиот е осуден на парична казна, во пресудата ќе се назначи рокот во кој треба да се плати паричната казна и начинот на кој да се изврши замена на паричната казна во случај паричната казна да не може да се наплати ни по присилен пат.

Откако судот ќе ја изрече пресудата, претседателот на советот веднаш ќе ја објави. Ако судот не е во можност да ја изрече пресудата истиот ден по завршувањето на главната расправа, ќе го одложи објавувањето на пресудата најмногу за три дена и ќе го определи времето и местото на објавувањето на пресудата.

По објавувањето на пресудата, претседателот на советот ќе ги поучи странките за правото на жалба, како и за правото на одговор на жалбата.

Ако на обвинетиот му е изречена условна осуда, ќе биде предупреден од претседателот за значењето на условната осуда и за условите кон кои мора да се придржува.

Претседателот на советот ќе ги предупреди странките до правосилното окончување на постапката за секоја промена на адресата да го известат судот.

Пресудата што е објавена мора писмено да се изготви во рок од 15 дена по објавувањето, а во сложени предмети по исклучок во рок од 60 дена, рокови кои не можат да бидат пречекорени.

Пресудата ја потпишуваат претседателот на советот и записничарот.

Заверен препис од пресудата ќе се достави до странките и другите лица според ЗКП со поука за право на редовен правен лек.

## ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕСУДА ВРЗ ОСНОВА НА СПОГОДБА НА ЈАВНИОТ ОБВИНИТЕЛ И ОСОМНИЧЕНИОТ

До поднесување на обвинение јавниот обвинител и осомничениот можат да поднесат предлог-спогодба со која бараат од судијата на претходната постапка да примени кривична санкција определена според видот и висината, во законски определените рамки за конкретното кривично дело, но не под границите за ублажување на казната определени со Кривичниот законик.

Во тој случај јавниот обвинител е должен кон предлог-спогодбата, заедно со сите докази да приложи и писмена изјава потпишана од оштетениот во однос на видот и висината на имотноправното побарување.

Јавниот обвинител и осомничениот имаат право да се спогодат за видот и висината на кривичната санкција што ќе се предложи во предлог-спогодбата, а ако осомничениот се согласи, предмет на спогодување може да биде и имотноправното побарување од оштетениот.

Предлог-спогодбата се поднесува до судијата на претходна постапка и истата мора да содржи:

1. податоци за јавниот обвинител, осомничениот и неговиот бранител;
2. опис и правна квалификација на кривичните дела опфатени со предлог-спогодбата;
3. предложената кривична санкција според видот и висината;
4. видот и висината на имотноправното побарување и начинот на негово остварување, ако осомничениот дал согласност;
5. изјава на осомничениот дека свесно и доброволно ја прифаќа предлог-спогодбата и последиците што произлегуваат од неа;
6. изјава од јавниот обвинител и осомничениот дека се откажуваат од правото на жалба доколку се донесе пресуда со која се прифаќа предлог-спогодбата;

7. трошоците на постапката;
8. потпис на јавниот обвинител, осомничениот и неговиот бранител и
9. датум и место на склучувањето на предлог-спогодбата.

Осомничениот мора да има бранител од моментот на започнувањето на постапката за спогодување.

Осомничениот избира бранител по сопствен избор.

Ако самиот не избере бранител, претседателот на надлежниот суд му поставува бранител по службена должност.

Судијата на претходната постапка не смее да учествува во постапката за спогодување меѓу јавниот обвинител и осомничениот и неговиот бранител.

По приемот на предлог спогодбата судијата на претходна постапка во рок од три дена, закажува рочиште за оцена на предлог-спогодбата.

На рочиштето ги повикува подносителите на предлог-спогодбата.

На рочиштето судијата на претходна постапка должен е да испита дали таа доброволно е поднесена, дали осомничениот е свесен за правните последици од нејзиното прифаќање, за последиците сврзани за имотно-правното побарување и трошоците на кривичната постапка.

Јавниот обвинител, осомничениот и неговиот бранител во текот на рочиштето не смеат да поднесат барање за утврдување кривична санкција различна од кривичната санкција содржана во предлог-спогодбата. Доколку јавниот обвинител или осомничениот и неговиот бранител поднесат вакво барање, се смета дека се откажале од предлог-спогодбата. Во тој случај судијата на претходната постапка донесува решение со кое ја одбива предлог спогодбата и списите ги доставува до надлежниот јавен обвинител.

Јавниот обвинител, осомничениот и неговиот бранител имаат право до донесување на одлуката да се откажат од предлог-спогодбата.

Прифаќањето на предлог-спогодбата се смета за откажување на странките од правото на жалба на донесената пресуда врз основа на предлог-спогодбата.

Ако судијата на претходната постапка утврди дека прибавените докази за фактите важни за избор и одмерување на кривичната санкција не го оправдуваат изрекувањето на предложената кривична санкција, односно дека јавниот обвинител, осомничениот и неговиот бранител во текот на рочиштето поднеле барање за утврдување кривична санкција различна од кривичната санкција содржана во предлог-спогодбата, донесува решение со кое ја одбива предлог-спогодбата и списите ги доставува до јавниот обвинител. Против ова решение не е дозволена жалба.

Ако судијата на претходната постапка ја прифати предлог-спогодбата изрекува пресуда со која не смее да изрече кривична санкција различна од кривичната санкција содржана во предлог спогодбата.

Пресудата се објавува веднаш, а се изготвува во писмена форма во рок од три дена од објавувањето.

Пресудата без одлагање им се доставува на јавниот обвинител, осомничениот и неговиот бранител.

Примерок од пресудата без одлагање му се доставува и на оштетениот. Ако оштетениот не е задоволен од одлуката за видот и висината на досуденото имотноправно побарување, своето право оштетениот може да го остварува во парнична постапка.

## ПОСТАПКА ЗА ИЗДАВАЊЕ КАЗНЕН НАЛОГ

За кривични дела во надлежност на судија поединец, а тоа се кривични дела за кои како главна казна е пропишана парична казна или затвор до пет години, кога за тоа се располага со доволно докази, јавниот обвинител може да поднесе Предлог за издавање на казнен налог.

Предлогот треба да содржи лични податоци на обвинетиот, опис на кривичното дело, правна квалификација на делото, доказите со кои располага обвинителството и видот и висината на кривичната санкција или друга мерка која му се предлага на судот.

Ако судијата поединец се согласи со предлогот, ќе издаде казнен налог со пресуда за издавање на казнен налог.

Пресудата со која е издаден казнениот налог се доставува до обвинетиот и бранителот, кои имаат право во рок од осум дена од приемот на пресудата да поднесат приговор против истата.

Доколку судијата не го отфрли приговорот, ќе закаже главна расправа по одредбите за скратена постапка, со што се смета дека пресудата за издавање на казнен налог воопшто не е донесена.

Ако судијата не се согласи со предлогот на јавниот обвинител за издавање на казнениот налог или ако против пресудата за издавање на казнениот налог биде поднесен приговор, па судијата поединец закаже главна расправа, судијата поединец не е врзан за предложените кривични санкции или други мерки содржани во предлогот на јавниот обвинител.

# ПОСТАПКА ЗА ПРИМЕНА НА МЕРКИ НА БЕЗБЕДНОСТ

Ако обвинетиот сторил кривично дело во состојба на непресметливост, јавниот обвинител ќе поднесе до судот Предлог да изрече мерка на безбедност задолжително психијатриско лекување и чување на сторителот во здравствена установа, односно Предлог за задолжително психијатриско лекување на сторителот на слобода ако за изрекување на таква мерка постојат условите предвидени со Кривичниот законик.

Со мерката на безбедност Задолжително психијатриско лекување и чување на сторителот во здравствена установа и Задолжително психијатриско лекување на сторителот на слобода, судот може да определи привремена забрана на вршење професија, дејност или должност или забрана на управување со моторно возило.

Кога до судот од страна на надлежниот јавен обвинител ќе биде доставен предлог за изрекување на мерка на безбедност Задолжително психијатриско лекување и чување на сторителот во здравствена установа, односно предлог за Задолжително психијатриско лекување на сторителот на слобода, обвинетиот мора да има бранител. Ако обвинетиот не земе бранител по свој избор, бранител ќе му биде поставен по службена должност од страна на Судот.

По приемот на предлогот за примена на мерка на безбеност, Судот веднаш закажува главна расправа, на која покрај јавниот обвинител, обвинетиот, бранителот, оштетениот и сведоците ќе се повикаат како вештаци и лекари психијатри од здравствената установа на која и било доверено вештачењето во однос на пресметливоста на обвинетиот.

Обвинетиот ќе се повика ако неговата состојба е таква да може да присуствува на главната расправа.

За главната расправа ќе се извести брачниот, односно вонбрачниот другар на обвинетиот и неговите родители, односно старателот, а според околностите и други блиски роднини.

Ако судот, врз основа на спроведените докази, утврди дека обвинетиот сторил определено кривично дело и дека во време на извршувањето на кривичното дело бил непресметлив, ќе одлучи дали на обвинетиот, врз основа на испитувањето на повиканите лица и наодите и мислењата на вештаците, ќе му изрече мерка на безбедност Задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа, односно Задолжително психијатриско лекување на слобода.

При одлучувањето која од мерките на безбедност ќе ја изрече, судот не е врзан за предлогот на јавниот обвинител. Ако од изведените докази, судот утврди дека обвинетиот во време на сторување на кривичното дело не бил непресметлив ќе ја запре постапката за примена на мерките на безбедност.

Против решението на судот со кое е изречена мерка на безбедност право на жалба имаат јавниот обвинител, обвинетиот и бранителот, во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

Кога судот ќе му изрече казна на лицето кое извршило кривично дело во состојба на битно намалена пресметливост, со истата пресуда може да ја изрече и мерката на безбедност Задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа или Задолжително психијатриско лекување на слобода или Задолжително лекување на алкохоличари или наркомани, ако утврди дека за тоа постојат законски услови.

Правосилната одлука со која е изречена мерката на безбедност Задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа, односно Задолжително психијатриско лекување на слобода, Судот ја доставува до судот што е надлежен да одлучи за лишување од деловна способност (Вонпарничниот суд), а за одлуката ќе се извести и органот за старателство.

Во одлуката судот може да стави задолжение на лекарот, односно институцијата во определен рок да го известуваат судот за текот на лекувањето на обвинетиот.

Ако врз основа на известувањето на здравствената институција или лекарот Судот утврди дека престанала потребата од лекување и чување на сторителот во таа установа, Судот може по службена должност или по предлог од здравствената установа или од органот за старателство, а по испитување на јавниот обвинител, да ја запре оваа мерка и да определи отпуштање на сторителот од здравствената установа, а може да определи и Задолжително психијатриско лекување од слобода.

Кога од здравствената установа се отпушта сторителот чија пресметливост била битно намалена, а во таа установа поминал помалку време отколку што изнесува казната затвор на која е осуден, Судот е должен со решение за отпуштање да одлучи дали тоа лице ќе го издржи остатокот од казната или ќе биде пуштено на условен отпуст. На сторителот кој се пушта на условен отпуст може да му се изрече и мерка на безбедност Задолжително психијатриско лекување на слобода ако за тоа постојат законски услови.

Кога спрема сторителот била изречена мерка Задолжително психијатриско лекување од слобода, ако судот утврди дека сторителот не се подложил на лекување или самоволно го напуштил лекувањето или дека и покрај лекувањето останал толку опасен за својата околина што е потребно негово чување и лекување во здравствена установа, Судот може по службена должност или по предлог од управата на здравствената установа во која обвинетиот се лекувал или требало да се лекува, а по испитувањето на јавниот обвинител, на сторителот спрема кој е применета мерка на безбедност Задолжително психијатриско лекување на слобода да му изрече мерка на безбедност Задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа.

Пред донесувањето на одлуката судот по потреба ќе прибави и мислење од лекар, а обвинетиот ќе се испита ако неговата состојба го дозволува тоа.

За примена на мерката на безбедност Задолжително лекување на алкохоличари и наркомани судот одлучува откако ќе прибави наод и мислење од вештак. Вештакот треба да се изјасни и за можностите за лекување на обвинетиот. Ако при изрекувањето на условна осуда на сторителот му е наложено лекување на слобода, а тој не се подложил на лекување или самоволно го напуштил, судот може, по службена должност или по предлог од установата во која сторителот се лекувал или требало да се лекува, а по испитувањето на јавниот обвинител и на сторителот, да определи отповикување на условната осуда или присилно извршување на изречената мерка задолжително лекување на алкохоличари или наркомани во здравствена установа или во друга специјализирана установа. Пред донесувањето на одлуката судот по потреба ќе прибави и мислење од лекар.

## ОТПОВИКУВАЊЕ НА УСЛОВНА ОСУДА

Кога од страна на Судот е донесена пресуда со која обвинетиот како сторител на кривично дело во врска со семејно насилство е огласен за виновен и му е изречена условна осуда во истата пресуда Судот определува дека утврдената казна затвор нема да се изврши доколку во времето за проверка обвинетиот не стори ново кривично дело.

Доколку осудениот во времето за проверка стори ново кривично дело, во тој случај јавниот обвинител до Судот што судел во прв степен ќе поднесе предлог за отповикување на условната осуда спрема осудениот.

Постапката за отповикување на условната осуда моѓе да ја спроведе и Судот што судел во прв степен по службена должност.Кога пред судот што судел во прв степен е поведена постапка за отповикување на условна осуда, судијата кој ќе биде определен за тоа ќе го испита осудениот ако е достапен и ќе ги спроведе потребните извиди заради утврдување на фактите и собирање на докази важни за одлуката.

Потоа претседателот на кривичниот совет (чл. 25 ст. 5 од ЗКП) ќе закаже седница на советот за која ќе ги извести тужителот, осудениот и оштетениот. Недоаѓањето на странките и на оштетениот, ако уредно се известени, не го спречува одржувањето на седницата на советот.

Ако судот утврди дека осудениот во времето за проверка сторил ново кривично дело ќе ја отповика условната осуда и ќе определи утврдената казна да се изврши. Ако судот најде дека нема основа за донесување на таква одлука, со решение ќе ја запре постапката за отповикување на условната осуда.

## Разграничување на прекршоците и кривичните дела, со кое се регулира појавата на семејното насилство

Казненото право во РМ, не инкриминира посебен вид на прекршоци од областа на семејното насилство. Сите недопуштени поведенија од областа на семејното насилство, доколку не се инкриминирани како посебно кривично дело, истите се третираат како сторен прекршок од страна на насилникот против нарушување јавен ред и мир. Негативна пракса - Министерството за внатрешни работи вакви барања за поведување на прекршочна постапка истовремено поднесува и против жртвата на семејно насилство, која негативна пракса во последно време се напушта.

ВИДИ АНЕКС 2: Обрасци од одлуки во кривични постапки за заштита од семејно насилство[4]:

- пресуда врз основа на признание на вина за сторено семејно насилство;
- решение со кое се изрекува мерка на безбедност (по стар ЗКП).

[4] Дел од пресудите се според стариот Закон за кривична постапка, додека дел се од новиот ЗКП.



# 6. КОРИСТЕНИ ЗАКОНСКИ АКТИ И ЛИТЕРАТУРА


1. Закон за семејство, Сл.Весник на Р.М. бр.153/2014

2. Кривичен законик

3. Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, бр.138/2014

4. Закон за кривична постапка, консолидиран текст, Сл.Весник на Р.М. бр.150/2010 и 100/2012

5. Водичот за психолошка помош и поддршка на жртвите на семејно насилство, Програма за работа на психолошко советувалиште за жртви на семејно насилство, 2010, Здружение ЕСЕ

6. Водич за постапување на професионалните структури при заштита од семејно насилство, 2008, Здружение на граѓани Акција Здруженска и Здружение ЕСЕ

7. Водич за постапување на професионалните структури при заштита од семејно насилство во казненоправниот систем на заштита, 2008, Здружение на граѓани Акција Здруженска и Здружение ЕСЕ



# 7. АНЕКСИ

## АНЕКС 1

Решение за изрекување на привремена мерка за заштита од семејно насилство 1

Решение за изрекување на привремена мерка за заштита од семејно насилство 2

## АНЕКС 2

Пресуда врз основа на признание на вина

Решение за изрекување на мерка за безбедност

# АНЕКС 1 | Решение за изрекување на привремена мерка за заштита од семејно насилство 1

1

ВПП2.

ОСНОВНИОТ СУД ВО ШТИП, како првостепен граѓански суд, преку судијата Лила Цветаноска, со записничар Лепа Белогаска, постапувајќи по предлогот за изрекување на привремена мерка за заштита од семерјно насилство на предлагач од , према противникот од , вредност денари на ден година, по одржаното рочиште во присуство на предлагачката, полномошникот на предлагачката адвокат од , а во отсуство на противникот го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

Предлогот на предлагач од , за изрекување на привремена мерка за заштита од семејно насилство СЕ УСВОЈУВА

На противникот од му се изрекува привремена мерка за заштита на предлагачката од од семејно насилство и тоа:

1. Му се забранува да се заканува дека ке стори семејно насилство,
2. Му се забранува психички да ја малтретира, вознемирува , телефонира, контактира предлагачката или на друг начин комуницира со член од семејството дирекно или индирекно,
3. Му се забранува да се приближува до живеалиштето на предлагачката на растојание поблиску од 100 метри ,
4. Му се забранува да и се приближува на малолетната до училиштето и на растојание од 100 метри ,
5. Му се наложува да плака придонес во издржување на семејството во износ од по денари месечно најдоцна до 5-тиот ден од месецот сметано од година до донесување на одлуката на судот во постапка за развод на брак
6. Се задолжува противникот да малолетната ја довери на чување, воспитување и делумно издржување на мајката.
7. Се определува отстранување на противникот од домот во кој живеат предлагачката и малолетната лоциран на ул. бр. во без оглед на сопственоста до донесување на одлуката на судот во постапка за развод на брак.

Определените привремени мерки од точка 1 до точ..7 да траат 12 месеци од денот на правосилноста на одлуката.

СЕ ЗАДОЛЖУВА противникот за трошоците кои се сторени во постапката по основ на правна помош да исплати на Министерството за правда износ од денари во рок од 15 дена сметано од денот на приемот на решението.

Предлагачката од се ослободува од плакање на судска такса за предлог и решението.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Предлагачката од преку полномошник адвокат , по основ на пружана бесплатна правна помош од Министерсатвото за правда поднесе предлог за изрекување на привремена мерка за заштита од семејно насилство према противникот од .

Постапувајќи по предлогот судот определи рочиште на кое уредно пристапија претставникот на ЈУ МЦСР од , предлагачката како и полномошникот на предлагачката адвокат , не

# АНЕКС 1 | Решение за изрекување на привремена мерка за заштита од семејно насилство 1

2

беше присутен противникот од кој уредно беше поканет а изостанокот не го оправда.

На одржаната усна тајна расправа предлагачката преку полномошникот остана при поднесениот предлог наведувајќи дека предлагачката е инвалидизирано лице кое се движи со помош на инвалидска количка. Со противникот склучиле брак на година во и во бракот имаат едно малолетно дете родена на година. Противникот за време траењето на брачната заедница секојдневно вршел и превземал дејствија на семејно насилство изразени преку закани, навреди и психичко малтретирање врз предлагачката која била лице со посебни потреби. Насилството достигнало кулминација во текот на месец Декември година и Јануари година кога на ден ........ година предлагачката ја напуштила брачната заедница и со своето малолетно дете била згрижена од страна на Градоначалникот на Општина во Хотел.Настанот бил пријавен во полиција.Противникот се заканувал на предлагачката дека ќе ја убие, а дејствија на насилство манифестирал и спрема малолетната , се однесувал насилно и по телефон а бидејќи предлагачката била беспомошна немало каде да биде згрижена поради состојбата во која се наоѓала предлага судот привремено да го исели противникот од домот и предлогот на предлагачката да го усвои.

Докази предложи.

Претставникот на ЈУ МЦСР во врска со поднесниот прелог изјави дека Центарот како орган бил запознаен бидејќи минатата година во месец Јули од страна на предлагачката бил пријавен противникот за семејно насилство кај нив при што од нивна страна истиот бил повикан, било разговарано а исто така и бил предупреден па односите помеѓу нив биле донекаде уредени па предлагачката иако сакала преку нив да поднесе предлог истиот го повлекла. Во текот на месец јануари година предлагачката повторно усно се обратила до нив и бидејќи не можела да остане во домот од страна на градоначалникот на Општина била згрижена и тогаш ги известила дека преку здружението била запознаена и дека предлогот за изрекување на привремена мерка ќе го поднесела преку полномошникот која ќе и пружала бесплатна правна помош, па од тие причини тие и не се јавувале како подносители на ваков предлог.

На рочиштето противникот не се јави иако уредно беше поканет а од страна на предлагачката како и присутните сведоци судот беше известен дека противникот пред почетокот на рочиштето бил присутен во судот и во присуство на сведоите повторно усно се заканил на предлагачката и си заминал без да се јави и да присуствува на рочиштето.

Во доказната постапка судот ги изведе предложените докази и тоа Изврши увид во писмено до МВР СВР ПС барање за податоци од предлагачката, увид во извод од Матичната книга на венчаните бр. од година на Управа за водење на матични книги , увид во извод од матичната книга на родените бр од година, на управа за водење на матичните книги , увид во потврда бр. од година на МВР , увид во тужбас до овој суд со прием на печат од година, ги сослуша сведоците ја сослуша предлагачката , па врз основа на чл.8 од ЗПП при грижлива оценка на секој доказ посебно и на сите во една целина ја утврди следната фактичка состојба:

Предлагачката и приотвникот стапиле во брак на година во , кој брак бил заведен во матичната книга на венчаните под тековен број за година. Во текот на бракот им се родило едно дете малолетната

# АНЕКС 1 | Решение за изрекување на привремена мерка за заштита од семејно насилство 1

3

на година .Предлагачката е инвалидизирано лице кое се движи со помош на инвалидска количка но и во таква состојба можела и се грижела за семејството, но заради однесувањето на противникот често доагало до конфликти во кои тој се однесувал грубо, и се обракал со вулгарни зборови,психички ја малтретирал со закани дека ке ја убие поради што предлагачката почнала да се плаши и да доживува стресови се почесто. Противникот покажувал насилство и грубо се однесувал и спрема нивната керка па навредите и заканите дека предлагачката ке ја убие , малолетната керка ке ја прател во дом а тој ке отидел во затвор ги искажувал и во нејзино присуство.

Предлагачката во Општина била учесник во проектот за општинско корисна работа за помош на слепи лица и лица со телесен инвалидитет па од страна на волонтерите во тој проект и тоа сведокот во текот на месец Декември година и била пружана помош во нивниот дом во средување на домашните работи и одржувањето на хигиената кога противникот без причина почнал да и вика на нивната керка, ја фрлил во еден кош од собата и со пластично шише почнал да ја удара по главата.Во тој момент сведокот се обидела да ја заштити малолетната и побарала да биде оставено детето на мира но противникот бил вознемирен и насилен па и рекол дека тоа не било нејзина работа а дека кога таа ке си заминела ке си го добиела своето предлагачката. По заминувањето на сведокот од домот веднаш се јавила во здружението и ги запознала дека во тоа семејство постоело семејно насилство. Во разговор со предлагачката дознала дека противникот покрај тоа што психички ја малтретирал и физички ја малтретирал и упатувал одредени закани.Бидејки предлагачката поднела тужба за развод на брак противникот по добивањето на истата еден ден кога го сретнал сведокот ја опоменал да не биде сведок во оваа ситуација , дека ке било лошо за сите кои биле вклучени во тој предмет при што таа ова нешто го пријавила во полиција, а пред почетокот на рочиштето повторно дошол во судот противникот и и упатил заканувачки зборови на предлагачката.

На ден година противникот повторно почнал да ја навредува предлагачката и да и се заканува поради што таа се обидела со разговор да ја реши ситуацијата мегутоа не можеле да најдат разбирање и наредниот ден дошла до Општина видно растревожена и вознемирена и кога ја видел сведокот кој исто така работел на проектот, ја повикал поразговарале и предлагачката му кажала за својот проблем со му ги покажала пораките кои и биле испратени од противникот, ке видела што ке и се случело на нејзе,дека керката ке ја прател во дом и дека тој ке завршел во затвор.

За оваа ситуација сведокот ги запознал неговите претпоставени а исто така го запознал и градоначалникот на општина , па и помогнале и ја згнужиле во хотелот една нок, ја пречекале малолетната им керка и ја однеле кај мајка и а наредниот ден се вратила во домот но и понатаму продолжило насилството спрема неа. По поднесувањето на предлогот кај сведокот отишол противникот му се заканувал дека ако сведочи тој ке станел убиец но случајот не го пријавил во полиција бидејки не го сватил сериозно а подоцна од неговите колешки во канцеларијата дознал дека тоа бил противникот. На ден година предлагачката поднела пријава до МВР против противникот за кривично дело загрозување на сигурноста.

Откако предлагачката го поднела предлогот противникот станал уште повозбуден и понасилен спрема предлагачката, барал од неа предлогот да го повлече а после одлагањето на рочиштето на ден година во домот кај предлагачката дошле нејзините пријатели и пред нив било се во ред а откако тие саи заминале ја затворил вратата и физички ја нападнал ја

# АНЕКС 1 | Решение за изрекување на привремена мерка за заштита од семејно насилство 1

4

ударил по рамото почнал да ја тегне за косата и и велел дека устата ке и ја наполнел со репот од косата и дека ке и ја раскрварел устата, сето тоа се случувало во присуство на нејзиното дете кое почнало да го смирува татко и и за да ја смири ситуацијата му рекла дека ке го повлече предлогот. Наредниот ден побарала помош од нивниот кум сведокот кој и помогнал и била сместена кај нејзините пријатели каде што останала пет дена а потоа била сместена во физикална терапија во но и таму престојот и бил ограничен на ден. Малолетната останала во домот со противникот нејзиниот татко кој не и дозволувал да се гледа со нејзината мајка а таа скришно од него се слушала со мајка и. Противникот продолжил да и ги праќа истите заканувачки пораки поради што и малолетната била доста вознемирена. Предлагачката освен станот во кој што живееле немала каде да оди а додека противникот има кука во каде што живееле и неговите родители.

Поради сета погоре наведена ситуација предлагачката побарала правна помош и го поднела предметниот предлог.

Тоа е фактичката состојба што ја утврди овој суд.

Предлогот на предлагачката е усвоен од следните причини:

Од сите изведени докази во текот на постапката судот утврди за неспорно дека навистина странките склучиле брак на ден година, дека во бракот имаат едно малолетно дете , дека предлагачката е инвалидизирано лице кое се движи со помош на инвалидска количка, Од изјавите на сведоците судот утврди за неспорно дека навистина предлагачката била како физички така и психички малтретирана од противникот, дека малтретирањето траело подолг временски период, дека семејсното насилство се случувало и во присуство на нивната керка кога и се случувало да и таа биде малтретирана, дека навистина на година предлагачката била згрижена од страна градоначалникот на Општина а подоцна кога побарала помош од сведокот и било помогнато и била сместена кај нејзините пријатели 5 дена. Неспорно е и тоа дека предлагачката потоа била сместена во физикална терапија ,каде што претстојува и до ден денес, а исто така неспорно е и тоа дека нивното малолетно дете останало во домот со нејзиниот татако противникот . Судот од сите изведени докази стекна убедување дека се исполнети условите и дека предлогот е основан па ги определи привремените мерки во смисол на чл.94-е ст.1 т.1,2,3,4, 7 и 11 од законот за семејство, при што се имаше во предвид дека оваа одлука е донесена согласно чл.279-д од законот за семејство и во врска со чл.94-з определено е времетраењето на определените привремени мерки од 12 месеци, за кои судот оцени дека се соодветни на потребата противникот да се стабилизира и изврши промени во однесувањето, со тоа што доколку се укаже потреба така изречените времени мерки може да бидат продолжени или на предлог на предлгачката да бидат запрени.

Со предлогот е однесено барање за ослободување од плакање судска такса па согласно чл.163 од ЗПП судот оцени дека барањето е основано со оглед на приложените докази во врска со семејно материјалната остојба на предлагачката па судот оцени дека плакањето на судските такси би ја довеле предлагачката во потешка материјална состојба, па согласно чл.164 од ЗПП, се одлучи како во став 5 од решението.

Полномошникот на предлагачката има пружано бесплатна правна помош согласно решението за одобрување на барање за бесплатна правна помош на Министерството за правда УП. од година, а врз основа на чл. 24 од Законот за бесплатна правна помош. На рочиштето полномошникот

# АНЕКС 1 | Решение за изрекување на привремена мерка за заштита од семејно насилство 1

5

бараше тие трошоци да бидат надоместени од страна на противникот на Министерство за правда и тоа во висина од 70 % од износот од денари од кои: денари за состав на барање до МВР СВР со 30 % паушал, денари за состав на барање за податоци, за состав на привремена мерка со 30 % паушал, денари за состав на полномошно со 30 % паушал, денри за застапување на ден година со паушал и часовнина, денари за застапување на д ен година, со паушал и часовнина и зголемување за започнат втори и трет час и денари за состав на трошковник со паушал или 70 % од тоа е денари со кој противникот е задолжен.

ОСНОВЕН СУД ШТИП, ВПП2 бр. од година.

Судија,
Лила Цветаноска с.р.

ПОУКА Незадоволната странка има право на жалба во рок од 3 по приемот на решението преку овој суд до Апелациониот суд Штип.

# АНЕКС 1 | Решение за изрекување на привремена мерка за заштита од семејно насилство 2

1

ИЗС.бр

Основниот суд во Штип, како првостепен суд, претставен од судијата Лила Цветаноска со записничар Лепа Белогаска, постапувајќи по барњето за изрекување привремена мерка за заштита од семејно насилство на предлагачот ЈУ Центар за социјална работа , према противникот од по одржанта главна, јавна и тајна расправа , во присуство на полномошникот на предлагачот дипломиран правник вработен кај предлагачот, противникот како и полномошникот на противникот адвокат од на ден година го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

Барањето за изрекување привремена мерка за заштита од семејно насилство на предлагачот . со кое предлага на лицето од ул. бр. , да му се изрече привремена мерка за заштита од семејно насилство и тоа:1.забрана да се заканува дека ке стори семејно насилство,2..забрана да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин комуницира со жртвата, 3. да го издржува семејството до разводот на бракот и привремената мерка да трае една година , СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

СЕ ЗАДОЛЖУВА предлагачот да му ги надомести трошоците во постапката на противникот во вкупен износ од денари во рок од 8 дена по правосилноста на решението.

**Образложение**

Предлагачот поднесе барање за изрекување привремена мерка за заштита од семејно насилство и предлага на лицето од ул. бр. да му се изрече привремена мерка за заштита од семејно насилство и тоа:1.забрана да се заканува дека ке стори семејно насилство, 2..забрана да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин комуницира со жртвата, 3. да го издржува семејството до разводот на бракот а привремената мерка да трае една година.

Во барањето наведува дека лицето од извршило дејствие на семејно насиолство, психичко и физичко (удирајки ја по целото тело со видни модринки) и сериозни закани по животот спрема лицето , сопруга на сторителот на семејното насиолство, жртва на семејното насилство. Кон барањето достави и докази.

На одржаното рочиште по барањето за изрекување привремена мерка за заштита од семејно насилство беше присутен полномошникот на предлагачот дипломиран правник вработен кај предлагачот, противникот од , полномошникот на противникот адвокат од како и жртва на семејното насилство.

Во излагањето на барањето за изрекување на привремена мерка за заштита од семејно насилство, полномошникот на предлагачот изјави дека останува во се кон барањето со предлогот за изрекување на привремена мерка и доказите доставени кон истото. Бара Судот да донесе решение предлогот да го усвои а на лицето да му се изрече привремената мерка како во предлогот. Привремената мерка да трае една година.

# АНЕКС 1 | Решение за изрекување на привремена мерка за заштита од семејно насилство 2

2

Во одговор на барањето за изрекување на привремена мерка за заштита о, семејно насилство полномошникот на противникот адвокат од изјави дека барањето е неосновано во целост, бара истото да биде одбиено как такво. Во конкретниот случај се работело само за нарушени брачни односи ко нешто ќе се решело во бракоразводна парница, противникот досега во својо живот немал одговарано ниту за прекршок а камоли за семејно насилство малтретирање, вознемирување итн. кое нешто се потврдувало и од фактот шт лекарското уверение издадено на име на наводно оштетената бил извадено десет дена по нарушените брачни односи. Тенденцијата на оштетенат била да го наруши угледот и авторитетот на противникот кое нешто можело да с утврди од тој доказ па како било можно за обично недоразбирање меѓу брачнит партнери да се оди на доктор после десет дена. Смета дека не постои семејн насилство бидејќи странките не живеат заедно а во однос на малтретирањето, вознемирувањето, телефонирањето, контактирањето и друго тоа го правела жртвата односно се заканувала за одредени побарувања. Докази предложи, трошоци побара.

Во доказната постапка судот изврши увид во предложените докази и тоа увид во пријава за извршено семејно насислство бр. од година, на Центар за социјална работа , увид во известување бр. од година на ЈУ центар за социјална работа , увид во предлог за изречување привремена мерка за заштита од семејно насилство бр. од година на ЈУ центар за социјални работи , увид во записник за извршен непосреден увид бр. од година на ЈУ центар за социјални работи , увид во извештај бр. од година на ЈУ центар за социјални работи , увид во наод и мислење на стручен тим бр. од година на ЈУ центар за социјални работи . увид во лекарско уверение од година на др. од , ја сослуша од во својство на сведок , го сослуша противникот во својство на странка, па ценејќи го секој доказ посебно и сите заедно согласно чл.8 од ЗПП, ја утврди следната фактичка состојба:

Странките биле брачни другари кои стапиле во брак на година и во текот на бракот им се родила сега малолетната керка која е на дестгодишна возраст. Во почетокот на брачната заедница бракот на странките поради различните ставови и сваќања им бил дисфункционален бидејќи покажувале несоодветна комуникација и неконструктивност во разрешување на меѓусебните конфликти и недоразбирања.

Во текот на месец јануари година настанала кавга помеѓу и така што одреден временски период имале расправии и на ден година била отсутна од домот околу три часа за кој што временски период мајката на му се јавила по телефон на дека нивното дете било вратено од училиште со висока температура. се вратил дома бил видно вознемирен, изнервиран и лут бидејќи не знаел каде се наоѓа неговата сопруга , а детето им било болно па кога се вратила дома ја дочекал на влезната врата и расправиите повторно продолжиле. Во тој момент ја фатил за десната рака и почнале да се туркаат бидејќи сакала да влезе дома се слизнала на патеката од претсобјето , а и рекол да се врати таму каде што и досега била. Во ваквата расправија нивното дете кое било дома и го гледала целиот настан почнала да плаче и по некое време кавгите престанале , а од телефонот на нејзината керка се јавила во полицијата при што истите во 16,30 часот дошле во нивниот дом. Кога излегла да ја отвори вратата на полицајците истата била

# АНЕКС 1 | Решение за изрекување на привремена мерка за заштита од семејно насилство 2

3

доста смирена, средена, немала видливи повреди а од страна на полицајците и било укажано доколку се случило нешто помеѓу нив таа може да отиде во полициската станица и да поднесе кривична пријава, а исто така им било укажано и на двајцата сопружници дека е потребно проблемот да си го решат помеѓу нив и доколку имаат потреба да поразговараат и со трето лице. После настанот во куќата кај нив дошле како како мајката на така и мајката на . Вечерта поминала мирно, а утредента кога заминувал на работа и укажал на дека е потребно секој кој што ке излегува од дома да се кажува и да знаат кој каде ке оди. Во наредните десет дена немало никакви случувања, а воопшто не излегувала од домот и покрај тоа што вратата не и била заклучена од сопругот бидејки се случувало и воопшто во текот на денот да не се видат а тој да се врати во доцните саати. За тој временски период спиеле во разделни соби така што немало никакви малтретирања од негова страна.

На ден година одлучила да се јави на лекар со цел да прибави лекарско уверение во кое што по нејзино кажување биле констатирани повреди и од страна на лекарот др. од било дадено мислење дека се работи за лесна телесна повреда. Во лекарското уверение сите констатирани повреди биле наведени меѓутоа со констатација дека се во заздравување и дека било од тепачка случена пред десет дена, а дека пациентката дошла кај неа за лекарско уверение. Тој ден кога отишла на лекар излегла од куќата без знаење на бидејки дуканот каде што тој работел бил на спротивната страна од излезот на куќата и немало можност да ја примети кога излегува од куќата. После четири дена од добивањето на лекарското уверение поточно на ден година отишла во Центарот за социјални работи во го пријавила настанот од година и преставници од Центарот истиот ден отишле во домот на и во врска со настанот. Во моментот на посетата од страна на претставници на центарот не бил дома бил на работа го повикале му било објаснето дека од страна на неговата сопруга против него била поднесена пријава за семејно насилство, му објасниле одредени правни работи, а на и било укажано дека може да ја напушти куќата бидејки таа била конечна во одлуката. За извршениот непосреден увид од страна на Центарот за социјални работи на ден година за пријавено семејно насилство бил составен записник бр. од година.Стручниот тим при Центарот за социјални работи во изготвил наод и мислење констатирале фактичка состојба претходно побарале од МВР-ПС известување за пријавена една поплака на ден година од страна на против сопругот од и во наодот и мислењето покрај другото и навеле дека здравствената состојба на жртвата во моментот на интервјуто била добра и немало видливи повреди, поради што изготвиле предлог мислење и заклучок да се достави предлог до судот за изрекување на привремена мерка за заштита од семејно насилство со која на сторителот ке му се забрани да малтретира, телефонира, вознемирува и контактира со жртвата, а истовремено и да го издржува семејството до разводот на брачната заедница.

На претставниците од Центарот за социјална работа настанот им го раскажала при што истите по превземените дејствија во врска со овој настан изготвиле извештај евидентиран под бр. од година

Од друга страна пак на ден година заедно со нивната керка го напуштила домот и отишла да живее кај нејзините родители каде што била до ден денес. По заминувањето од домот продолжил да контактира со нивната керка, се јавувал на телефонот на неговата керка и се гледале, а додека

# АНЕКС 1 | Решение за изрекување на привремена мерка за заштита од семејно насилство 2

4

определен период не излегувала од дома со цел да се стабилизира воопшт не го ни гледала ниту пак по телефон се слушале со . После некое врем поточно на ден година звонел на нејзиниот мобилен телефон тр пати меѓутоа таа не се јавила бидејќи била во кола, а кога престигнала дома та му се јавила и тогаш тој и упатил навредливи зборови. По кратко време повторн му се јавила и разговорот бил околу нивната керка. На година повторно се јавил да ја извести каде се наоѓат со нивната керка и тогаш побарал од нејзе д го повлече предлогот за изрекување на мерката. Бидејќи на ден годин бил роденденот на нивната керка тие двајца биле заедно за да го прослава роденденот а со нив била и пријателка на но тој ден воопшто немал никакво малтретирање на спрема туку разговорот се водел окол нивната керка. После два дена на година се јавил пак по телефон по половина час повторно се јавил но не му одговорила тој звонел н телефонот на керка му и пак не се јавила, а по неколку минути му се јавила и му кажала дека го снима разговорот. Наредниот ден отишла во Центарот г известила за заканите по телефон па на година се јавила во полицијата го пријавила и од нивна страна му била поднесена кривична пријава. Во наредните неколку јавувања од страна на воопшто немало никакви закани ниту пак вознемирување, а се до денес во моментите кога ја земал нивната керка за да се срекават и кога ја вракал била присутна и но тогаш помеѓу нив немало никакви случувања ниту навреди, ниту закани, ниту ја малтретирал или вознемирувал. Исто така кога се случувало да се сретнат на улица случајно никогаш ниту на било каков начин ја вознемирувал или ја навредувал. Исто така на од страна на и било дозволено да си ги земе нејзините лични ствари но и тогаш немало никакви малтретирања или вознемирувања од негова страна спрема неа. Од тогаш па се до денес помеѓу брачните другари нема никакви контакти ниту пак на било каков начин е малтретирана или пак вознемирувана од страна на . Тужба за развод нема поднесено ниту еден од брачните другари.

Тоа е фактичката состојба што ја утврди судот.

Барањето на подносителот со предлогот за изрекување привремена мерка за заштита од семејно насилство судот го одби како неосновано од следните причини:

Од изведените докази на главната расправа судот утврди за неспорно дека подносителот по поднесената пријава од страна на превзел определени мерки со тоа што го посетиле домот на и извршиле увид во истиот, изготвиле записник за извршен непосреден увид во кој јшто било наведено во кратки црти што се се случило по кажување на брачните другари. Неспорно е и тоа дека Центарот изготвил наод и мислење на стручен тим, изготвил извештај за превземените дејствија меѓутоа спорно е што настанот за кој што го пријавила случајот се случил на година , а истата го пријавила на ден година во кој што временски период по нејзино кажување не се случило ништо освен меѓусебната расправија на тој ден . Исто така спорно е што после десет дена се јавила на лекар со цел да прибави лекарско уверение во кое што по нејзино кажување дека се случила тепачка, од страна на др. бил извршен преглед констатирани повреди кои што биле во заздравување, а не побарала лекарска помош во денот кога се случил настанот или евентуално наредниот ден, имајќи во предвид дека во нејзината изјава истата изјавува дека во наредните десет дена вратата од куќата не и била заклучена, ретко се гледале со сопругот бидејќи доаѓал во доцните часови така што имала можност да побара лекарска помош и до колку истата била малтретирана

# АНЕКС 1 | Решение за изрекување на привремена мерка за заштита од семејно насилство 2

5

на било кој начин можела тоа веднаш да го стори пријавувајки го случајот во Центарот за социјални работи,во полициската станица со цел да му поднесе кривична пријава кое нешто истата го сторила после подолг временски период.

Од изјавата на судот утврди дека имало неколку телефонски разговори како од страната на спрема така и од страната на спрема а кој што разговори најчесто биле водени околу грижата за нивната керка, а истата таа во својата изјава точно ги наведува датите во деновите кога само се јавил и ја навредил. Исто така од изјавата на противникот судот ја утврди причината поради која се случил настанот, а потоа немало никакви расправии , вознемирувања и малтретирања спрема истата.

Судот е на мислење дека во конкретниот случај не постојат елементи на семејно насилство повеке од причини што подносителот на барањето достави докази во врска со превземените дејствија од нивна страна врз основа на кои што докази и судот утврди ваква фактичка состојба.

Од изјавите на брачните другари произлегува дека во неколку наврати имало одредени лица кои што присуствувале на нивните средби мегутоа подносителот на барањето не предложи ниту еден од нив да биде сослушан во својство на сведок како би го поткрепиле и потврдиле барањето за изрекување на оваа привремена мерка. Судот исто така утврди за неспорно дека во случајот станува збор за брачни недоразбирањеа и несогласување мегу странките, а ниту еден од нив до ден денес не поднел тужба за развод на брак. Судот исто така имаше во предвид дека од страна на МВР ПС иако била евидентирана една поплака истите како службени лица не доставиле до Центарот за социјални работи известување за превземени дејствија за семејното насилство во рок од 72 часа туку вакво известување побарале претставниците од центарот каде што било наведено дека било пријавено само една поплака мегутоа во известувањето никаде не стои дека истата се однесува за семејно насилство.

Во чл. 94-б од Законот за семејство (пречистен текст стои) се забранува секаков вид на насилство мегу членовите на семејството без оглед на пол и возраст. Под семејно насилство се подразбира малтретирање , навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психолошко или физичко насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв спрема брачниот другар....

Судот го задолжи подносителот да ги плати трошоците по постапката на противникот во износ од денари и тоа за едно застапување со паушал и часовнина износ од денари, за состав на полномошно износ од денари и за состав на трошковник износ од денари, а согласно чл. 148 од ЗПП и АТ.

Од сите тие причини се одлучи како во изреката на решението.

Основен суд Штип, ИЗС.бр. од година

Судија,
Лила Цветаноска с.р.

ПОУКА: Незадоволната странка има право на жалба во рок 8 дена по приемот на решението, преку овој суд до Апелациониот суд во Штип.

# АНЕКС 2 | Пресуда врз основа на признание на вина

**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС,** како првостепен кривичен суд, од судијата Габриела Гајдова, како судија поединец, со записничар Биљана Петровска, судски референт-Дактилограф, во кривичната постапка по Обвинителниот предлог V Ко.бр____ од _____ година на Основното јавно обвинителство Велес, против обвинетиот _______ од ______, за кривично дело Телесна повреда од чл.130 ст.2 в.в. ст.1 од КЗ, **на ден________,** по одржаната главна, јавна и усна расправа, во присуство на Јавен обвинител _______ и обвинетиот лично, ја донесе и јавно ја објави следната:

**П Р Е С У Д А**
**ВРЗ ОСНОВА НА ПРИЗНАНИЕ НА ВИНА**

**Обвинетиот:**

_________ од татко _____ и мајка_____, роден на _______ година во _____, каде и живее, на ул. бр., Македонец, Државјанин на РМ, писмен со завршено средно образование, студент, неженет невработен, досега неосудуван, постапка за друго кривично дело не се води се брани од слобода со ЕМБГ _____ .

**В И Н О В Е Н   Е**

**ЗАТОА ШТО:**

На ден ______ година, утрото околу 08,30 часот, на ул. Бр. во _____, при вршење семејно насилство, телесно ја повредил и здравјето и го нарушил на неговата мајка-оштетената ____________од ____, на начин што започнал вербална расправија со оштетената при тоа навредувајки ја со погрдни зборови и тоа курва, дебела, смрдена свиња, а потоа физички ја нападнал удирајки ја со раце по телото и главата од кои удари таа задобила телесна повреда и тоа нагмечување на меките делови на главата, а како последица на насилството од обвинетиот, на оштетената и се нарушило здравјето бидејки истата задобила посттрауматско стресно растројство.

Со опишаното дејствие, обвинетиот сторил кривично дело Телесна повреда од чл.130 ст.2 в.в. ст.1 од Кривичниот законик, па согласно тој член и членовите 3, 32, 33, 35, 39, 48, 49 и 50 од КЗ и членовите 102 и 105 од Законот за кривична постапка, **МУ СЕ УТВРДУВА** казна затвор во траење од 3 /три/ месеци, при што истовремено му се изрекува алтернативна мерка:

**У С Л О В Н А   О С У Д А**

Утврдената казна затвор во траење од **3 /три/ месеци** нема да се изврши доколку обвинетиот во рок од **1 /една/ година** по правосилноста на пресудата не стори ново кривично дело.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** обвинетиот да ги надомести трошоците на кривичната постапка и тоа на име паушал да плати сума во износ ______ денари, во рок од 15 дена од правосилноста на пресудата.

# АНЕКС 2 | Пресуда врз основа на признание на вина

**О б р а з л о ж е н и е**

Постапувајќи по Обвинителниот предлог V Ко.бр.____ од _____ година на Основно јавно обвинителство, против обвинетиот __________ од_____, за кривично дело Телесна повреда од чл.130 ст.2 в.в. ст.1 од КЗ, судот закажа и одржа главна, јавна и усна расправа.

По изнесувањето на содржината на Обвинителниот предлог, оштетената изјави дека не бара штета, а се придружува кон кривичниот прогон, а обвинетиот, поучен согласно чл.380 ст.1, 2 и 3 од ЗКП изјави дека кривичното дело што му се става на товар го признава во целост и истото го сторил на начин како што е опишано во обвинителниот предлог, а тоа го кажува без да биде под присила, закана или измама., дека јасно му е дека доколку судот го огласи за виновен со оглед дека ја признава вината, ќе му биде изречена соодветна санкција, јасно му е дека доколку оштетената бара штета ќе треба да ја надомести и јасно му е дека ќе биде задолжен да плати трошоци на постапката, како и дека признанието го дава доброволно, па согласно чл.381 ст.2 од ЗКП судот утврди дека обвинетиот признанието го дава доброволно и е свесен за последиците сврзани со трошоците на кривичната постапка.

Согласно чл.381 ст.3 од ЗКП, по признавањето вина, во доказна постапка ќе се изведат само оние докази што се однесуваат на одлуката за санкцијата,па судот ги изведе следните докази: прочита Наод и мислење на вешто лице Прим,.Др.___________, Одговор на барање на податоци од ________ година и Известие за семејно насилство од ________ година.

Од вака даденото признание на вина на обвинетиот и изведените докази судот ја утврди следната фактичка состојба:

На ден ________ година, утрото околу 08,30 часот, на ул. бр. во _____, при вршење семејно насилство, обвинетиот телесно ја повредил и здравјето и го нарушил на неговата мајка-оштетената ___________ од _____, на начин што започнал вербална расправија со оштетената при тоа навредувајќи ја со погрдни зборови и тоа курва, дебела, смрдена свиња, а потоа физички ја нападнал удирајќи ја со раце по телото и главата од кои удари таа задобила телесна повреда и тоа нагмечување на меките делови на главата, а како последица на насилството од обвинетиот, на оштетената и се нарушило здравјето бидејќи истата задобила посттрауматско стресно растројство.

Имајќи ја во предвид вака утврдената фактичка состојба, судот најде дека во дејствието на обвинетиот се содржани битните елементи на кривичното дело Телесна повреда од чл.130 ст.2 в.в. ст.1 од КЗ, поради што го огласи за виновен за ова кривично дело и му утврди казна затвор во траење од 3 месеци истовремено условувајќи му ја за време од една година.

При изборот на видот и висината на кривичната санкција, судот како отежнителни ги зеде околностите за степенот на противправност на кривичното дело и степенот на кривичната одговорност на обвинетиот, а за олеснителни ги зеде околностите за релативната младост на обвинетиот, коректниот однос кон судот, досегашната неосудуваност, неговата невработеност, фактот дека е студент, па судот сметаше дека спрема обвинетиот не е нужно да биде изречена казна и дека предупредувањето со закана од казна доволно ќе влијае врз обвинетиот во иднина да не врши вакви или слични кривични дела, а ќе се влијае и на околината во која истиот живее и се движи да не се вршат вакви или слични кривични дела.

Согласно чл.102 и 105 од ЗКП, судот го задолжи обвинетиот на судот да му плати трошоци сторени во текот на кривичната постапка на име паушал сума во износ ________ денари, во рок од 15 дена од правосилноста на пресудата.

# АНЕКС 2 | Пресуда врз основа на признание на вина

**ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС, К.бр.________ од ______ година**

**Записничар,**
**Билјана Петровска**

**Судија,**
**Габриела Гајдова**

**ПРАВНА ПОУКА:**Против ова пресуда дозволена е жалба во рок од 8 дена од приемот, преку овој суд до Апелационен суд Скопје.
Согласно чл.381 ст.4 од ЗКП, обвинетиот не може да поднесе жалба поради погрешно утврдена фактичка состојба.

**ДН:**ОЈО Велес, обвинет и оштетена.

# АНЕКС 2 | Решение за изрекување на мерка за безбедност

**ОСНОВНИОТ СУД ВЕЛЕС,** како првостепен кривичен суд, во совет составен од судијата Габриела Гајдова како Претседател на Советот, судијата Тања Милева и судиите поротници Мелпомени Џивалекова, Силвана Печкова и Ленче Аритинова како членови на советот, со записничар Лилјана Стојанова судски референт Дактилограф, постапувајќи по Предлогот за изрекување мерка на безбедност III.КО.бр._____ од ______ година на ОЈО Велес, против обвинетата __________ од _________, за кривично дело Убиство од чл.123 ст.2 т.2 од КЗ, преквалификувано во кривично дело Убиство од чл.123 ст.2 т.2 в.в со чл.12 ст.1 од КЗ и кривично дело Недозволено изработување, држење или тргување со оружје или распрскувачки материи од чл.386 ст.1 од КЗ, преквалификувано во кривично дело Недозволено изработување, држење или тргување со оружје или распрскувачки материи од чл. 396 ст.1 в.в со чл.12 ст.1 од КЗ, по одржаниот главен, јавен и усмен претрес во присуство на јавен обвинител ___________, обвинетата лично и бранителот на обвинетата поставен по службена должност адвокат __________ од _____, на ден _______ година го донесе и јавно го објави следното:

**Р ЕШ ЕНИЕ**

**Спрема обвиентата:**

________________ од татко _____ и мајка _____, родена на ________ година во ______________, живее во __________, без државјанство, писмена со завршено основно образование, домаќинка, мажена, досега неосудувана, постапка за друго кривично дело не се води, привремено сместена во _____________ до завршување на кривичната постапка по предметот К.бр.____ на Основен суд Велес со правосилна одлука

Врз основа на чл.63 од КЗ и чл.525 и 526 од ЗКП и се

**И З Р Е К У В А**
**Мерка Безбедност**

**ЗАДОЖИТЕЛНО ПСИХИЈАТРИСКО ЛЕКУВАЊЕ И ЧУВАЊЕ ВО ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА**

**ЗАТОА ШТО:**

На ден ______ година околу 15,30 часот кај мв._______ атар на с.______ при вршење семејно насилство, во состојба на непресметливост, со огнено оружје-пиштол Н.Н.марка со калибар 6,35 мм, кој неовластено го држела во нејзината куќа во _____, го лишила од живот нејзиниот син-оштетениот, сега покоен, ___________, на начин што најпрво околу 15,00 часот во куќата скршила шише со кое сакал да го повреди, а потоа заканувајќи се дека ќе го убие, влечејќи го за раката зедно со него излегла од домот, при што со себе во десниот џеб од платото, го носела и пиштолот, па двајцата се упатиле кон река Тополка и се движеле по десниот брег, сметано во правец на течението на реката, а потоа преминале на другата страна од реката, каде седнала да испуши цигара, при што репетираниот пиштол му го дала во рацете на оштетениот, а потоа му го земала и со пиштолот испукала во него, нанесувајќи му една устрелна огнострелна повреда, чиј влез е во пределот на левата страна на епигастриумот, на висина од 72 сантиметри од стапалото, минува низ мечовидниот продолжеток од градната коска, желудникот, црниот дроб, десниот бубрег, десната купола од дијафрагмата, десетото ребро од десната на градниот кош, при што проектилот се задржал во поткожното масно ткиво од десната страна на градниот кош на 3,5 сан, кон десно од задната средишна линија, на висина од 70

# АНЕКС 2 | Решение за изрекување на мерка за безбедност

сан, од стопалото, правејќи канал на движење со должина од 17 сантиметри, со правец од напред кон назад, од горе кон долу и лесно лево кон десно, па како резултат на наглото губење на крв од садовниот систем, настанало нарушување на системската циркулација со нарушување и престанок на функционирањето на важно виталните органи, поради што настапила смрт кај сега покојниот ___________.

Со опишаните дејствија обвиентата сторила кривично дело Убиство од чл.123 ст.2 т.2 в.в со чл.12 ст.1 од КЗ и кривично дело Недозволено изработување, држење или тргување со оружје или распрскувачки материи од чл. 396 ст.1 в.в со чл.12 ст.1 од КЗ.

Мерката за безбедност Задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа ќе се извршува во ЈЗУ Психијатриска болница Скопје-Скопје.

Согласно чл.243 ст.1 од ЗИС, здравствената установа во која ќе се извршува мерката на безбедност должна е најмалку два пати годишно да го известува судот за здравствената состојба на обвинетиот.

Согласно чл.247 од ЗИС трошоците на извршувањето на мерката на безбедност паѓаат на товар на буџетот на РМ, а се обезбедуваат во посебна ставка во буџетот на Минситерството за здравство.

Трошоците сторени во текот на кривичната псотапка во вкупен износ од _________ денари паѓаат на товар на обвинетата до колку се утврди дека истата е сопственик и располага со имот, а во спротивно, на буџетските средства на РМ.

Согласно чл.100-А од ЗКП, се одземаат три куршуми мало калибарски, еден дамски пиштол со фабрички број ЕТ  и една рамка, во корист на Државата, по правосилноста на решението.

Една кутија цигари Родео, еден упаљач жолта боја, 200,00 денари во апоени 2 х 100 и еден мобилен телефон марка Самсунг GT-B 3310 со ИМЕИ ________________ да се врати на обвинетата ___________ по праовсилноста на решението.

Еден мобилен телефон марка Самсунг GT -E 1170I со имеи _________ да се врати на __________ по правосилноста на решението.

**Образложение**

До Основен суд Велес поднесен е Предлог за изрекување на мерка на безбедност III.Коб.р._____ од _______ година на ОЈО Велес против обвинетата ____________ за кривично дело Убиство од чл.123 ст.2 т.2 од КЗ и кривично дело Недозволено изработување, држење или тргување со оружје или распрскувачки материи од чл.396 ст.1 од КЗ.

По поднесениот предлог судот закажа и одржа главен, јавен и усмен претрес на кој јавен обвинител ___________ изврши преквалификација на кривичните дела во кривично дело Убиство од чл.123 ст.2 т.2 вв. со чл.12 ст.1 од КЗ и кривично дело Недозволено изработување држење или тргување со оружје или распрскувачки материи од чл.396 ст.1 в.в со чл.12 ст.1 од КЗ.

На претресот судот ја испита обвинетата _______________, ги сослуша сведоците __________, __________, _____________ и _______________ и ги изведе

# АНЕКС 2 | Решение за изрекување на мерка за безбедност

писмените доакзи и тоа: прочита потврда за привремено одземени предмети од _______ година на ПО ____, потврда за привремено предавање предмети од _______ година на ПО _____, изврши увид во фотодокументација бр._____ на СВР ОКТ Велес, прочита записник за увид Кри.бр._____ година од _______ година на Основен суд Велес, прочита доставување на информации со детален преглед на дојдовни повици и детален преглед по барање дел бр.___________ од ________ година на Т-мобиле Македонија АД Скопје, вешт наод и мислење бр. ________ од ________ година на ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија Скопје, секционен протокол СП.бр. ___________ од ________ година на Институт за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија Скопје, извештај бр.____ на МВР ОКТ Скопје, извештај за мобилни апарати со прилог печатен материјал на 22 страници, рег.бр. ________ од ________година на МВР ОКТ Скопје и изврши увид во два мобилни телефони марка Самсунг едниот одземен од ________________, а другиот одземен од ________________.

Врз основа на вака изведените докази судот ценејќи го секој доказ поединачно и во корелацијата со останатите изведени доакзи, а по слободно судиско уверување ја утврди следната фактичка состојба:

На ден ________ година околу 15,30 часот кај мв. ________ плоча атар на с. ________ обвинетата, при вршење семејно насилство, во состојба на непресметливост, со огнено оружје-пиштол Н.Н.марка со калибар 6,35 мм, кој неовластено го држела во нејзината куќа во с. ________, го лишила од живот нејзиниот син-оштетениот, сега покоен, ________________, на начин што најпрво околу 15,00 часот во куќата скршила шише со кое сакал да го повреди, а потоа заканувајќи се дека ќе го убие, влечејќи го за раката зедно со него излегла од домот, при што со себе во десниот џеб од платото, го носела и пиштолот, па двајцата се упатиле кон река Тополка и се движеле по десниот брег, сметано во правец на течението на реката, а потоа преминале на другата страна од реката, каде седнала да испуши цигара, при што репетираниот пиштол му го дала во рацете на оштетениот, а потоа му го земала и со пиштолот испукала во него, нанесувајќи му една устрелна огнострелна повреда, чиј влез е во пределот на левата страна на епигастриумот, на висина од 72 сантиметри од стапалото, минува низ мечовидниот продолжеток од градната коска, желудникот, црниот дроб, десниот бубрег, десната купола од дијафрагмата, десетото ребро од десната на градниот кош, при што проектилот се задржал во поткожното масно ткиво од десната страна на градниот кош на 3,5 сан, кон десно од задната средишна линија, на висина од 70 сан, од стопалото, правејќи канал на движење со должина од 17 сантиметри, со правец од напред кон назад, од горе кон долу и лесно лево кон десно, па како резултат на наглото губење на крв од садовниот систем, настанало нарушување на системската циркулација со нарушување и престанок на функционирањето на важно виталните органи, поради што настапила смрт кај сега покојниот ________________.

Вавката фактичка состојба судот ја утврди од искасзот на обвинетата ________________ дека е родена во Скопје, а живеела со своите родители во с. ________, дека има уште двајца браќа и четири сестри, дека нејзините родители ја омажиле за лицето ________, со кого живеле заедно 2 години, но додека била бремена истиот ја избркал од дома и таа се вратила кај родителите, каде по 5 месеци го родила синот______, дека кога се родил синот, му се јавиле на _____ и го известиле дека му е роден син, но тој кажал дека нема син и не му е гајле и од тогаш воопшто не се јавил, дека пред 3 години со нејзина согласност и согласност на родителите се омажила во с. ________ со ________________, со кого стапиле во брак и се венчале во матичанта служба во с. ________, дека ________ знаел дека

# АНЕКС 2 | Решение за изрекување на мерка за безбедност

таа има дете-син од првиот брак, а и таа знаела дека ________ има деца од првиот брак, дека со сопругот ________ и сите деца живеле заедно, немале проблеми ниту меѓу нив ниту со децата кои биле вкупно 7, дека откако дошла во с. ________кога спиела и доаѓале гласови во главата со содржина „Стани, оди“ па кога ја отворала вратата немало никој, дека ________ ја однел во болница во Велес во нервно одделение кај др. ________________ која и дала апчиња, кои ги пиела, дека три дена пред да се случи настанот немала пиено апчиња, па на ________наеднаш испила три апчиња, и легнала да спие, дека и дошле гласовите „стани,оди си“ па станала, се облекла, го земала пиштолот кој стоел во орманот, а кој пиштол и го дал сопругот ________, дека пиштолот го ставила во десниот џеб од долгото палто од фармерка и се симнала во приземјето на куќата каде биле децата, дека им рекла дека ќе излезе од куќата и има намера да оди добнивата да се смири, дека била присутна сестрата на ________, која не и давлаа да оди и и викала да се врати, а и не и го дала нејзиното дете да го гушне, дека се изнервирала, па излегла од куќата и тргнала по патот за да оди кај нивата, дека со неа дошол и синот ________, кого во фатила за рака и тргнале на пат за кај нивата, дека дошле до едно место и таму се симнале до реката Тополка каде седнала и испушила една цигара, а потоа и уште една цигара, по што преку реката се префрлиле на другата страна, каде бил асвалтниот пат и дошле до еден голем камен, дека седнала на каменот, а синот ________ бил до неа на околу половина метар, дека синот ________ го видел пиштолот во џепот и ја прашал што е тоа, па го земал пиштолот од џепот, по што таа му го земала пиштолот од раката на ________, фатила еден дел од пиштолот и пиштолот испукал, дека детето паднало и имало крв, па го земала во раце му дала вода да пие од реката и го измила, а потоа детето го ставила со нозете на врат и почнала да се качува по камњата нагоре, се лизнала и паднала на камењата долу, па повторно се качила оставајќи ги влечалките кои и паднале од нозете и секачувала по камењата за да излезе на асфалтниот пат, дека излегла на патот, се слушнала со ________ и му кажала што напрвила, а тој и рекол дека ќе додјат со возило за да ги носат во болница, дека продолжила со трчање да се движи по патот за Велес, па на едно место не можејќи повеќе, застанала и чекала да дојдат со возилото, дека пиштолот го ставила во џепот, и таму бил се додека во ________ му го дала на деверот ________, а потоа бил предаден во полиција, дека додека била на десната страна од реката каде што седела и пушела цигара се слушнала по телефон на ________ во ________ и му рекла да ја остават на мира за да се смири оти повеќе не и се живеело, дека кога преминала на другата страна од реката, пак се слушнала со ________ и му го кажала истото, дека имала намера да се самоубие со пиштолот, дека сопругот ________ отишол во ________ на ________година, како и дека за пиштолот кој го имала, никој, па ни таа не поседувале дозвола за негово држење.

Од исказот на сведокот ________________се утврди дека се развел од првата сорпуга, која му оставила 5 малолетни деца и истите требало да ги одгледува сам, па бидејќи најмалото дете било на возраст од 1 година и четири месеци и барало нега од мајка прво го доверил на неговата внука од сестра да го гледа додека се снајде да си најде друга жена, дека распрашувајќи се, дознал дека во с. ________ имало некоја млада, разведена, со едно дете, па отишол со намера да ја види, а и таа него, па доколку се согласат родителите, да ја земе за жена, дека ова се случувало во ____ година, дека откако се виделе со обвинетата ________ и откако дошла во с. ________ и ја видела ситуацијата, се согласила и потоа тој заминал за ________ каде оди на привремена работа, велејќи и дека за кратко време ќе се врати, а таа добро да размисли па доколку се сложи на тие услови, кога ќе се врати ќе ја земе за жена, дека по една до две недели се вратил, отишол кај родителите на обвинетата, ја земал обвинетата и ја донел во с. ________ каде живеел со неговите деца, дека бил задоволен од обвинетата, дека повремено заминувал за ________ за

# АНЕКС 2 | Решение за изрекување на мерка за безбедност

да печали, дека се било во ред се до почетокот на месец август оваа година кога еден ден за верскиот празник Бајрам отишле во с. ________на гости и со нив ги земале заендичкото дете, детето од првиот брак на обвинетата и неговото дете од првиот брак кое било најмало, дека кај родителите на обвинетата останале два дена и третиот ден тој заминал, а обвинетата по нејзина волја останала, дека ден или два од како се вратил, му се јавил братот на обвинетата по телефон и му кажал дека ________ не е добра со здравјето, па веднаш да дојде во ________ за да видат што ќе прават со неа, дека кога отишол, ја затекнал обвинетата во многу лоша состојба, цела била згрчена, очите и биле ширум отворени ја вртела главата лево-десно, и само велела „каде е мајка ми, каде е мајка ми“, дека прво ја однеле кај некој оџа и навистина ________ била подобра, па си заминале за с. ________, дека ја однел во болница во Велес каде докторката ја прегледала и и рекла дека е психички вознемирена и и дала лекарства, по што заминале за селото, дека обвинетата лекарствата ги пиела редовно и здравствената состојба и се подобрила па тој решил да ја остави со децата и пак да замине за ________ на работа, дека на ________ заминал за ________ и се јавувал телефонски за да праша како е обвинетата и што прават децата, дека во првите денови му се јавувала обвиентата и децата и се било во ред за да еден ден-петок кога се слушнал со ________, претпладето се било во ред, а кога се јавил вечерта, наместо ________, му се јавил неговиот син ________ на возраст од 14 години и му кажал дека ________ не може да се јави бидејќи не е добра со здравјето, дека го удрила него претходно без причина, го избркала надвор, ја удрила и ќерката, ја избркала надвор, дека обвинетата е многу нервозна и го фрлала телефонот, дека тој му рекол да се врати назад, да на је задева обвинетата, туку таа да си легне и да ја остават да се смири, дека повторно ја побарал ________ по телефон, но таа не му се јавила туку му пуштила порака дека сите ги сака, да не се секира, дека моментално е нервозна и ќе се смири, дека тоа некако го смирило и така си легнал, дека утрото во саботата повторно се јавил и наместо обвинетата му се јавил синот кој му пренел дека ________ била многу нервозна, не сакала да се јави на телефон, влегла во купатилото и со ножици си ја сечела косата, па од купатилото излегла на брзина и влегла во фолијата во дворот и не сакала никој да пушти внатре, дека тој му рекол веднаш да оди кај неговата сестра во селото и да ја извести да дојде, а да ги викне и брат му и снаата од брат му, за да тие како повозрасни видат што се случува со ________ и да му кажат, дека по кратко време се јавил и од нив разбрал дека ________ е многу нервозна и не сака да се јави од фолијата, дека по извесно време му се јавил синот ги известил дека обвинетата излегла од фолијата, дека дошла дома, влегла во собата, дека скршила стаклено шише и со истото се заканувала дека ќе го заколе нејзиното дете од првиот брак ________, дека потоа двете внуки од брат и сестра и кој се повозрасни ја разубедувале да се откаже од намерата да го убие ________, дека таа не им дозволувала да пристапат кон неа заканувјќи им се дека ќе го заколе ________ и самата себе ќе се заколе ставајќи си го шишето околу врат, дека по извесно време му се јавиле и му кажале дека ________ заедно со ________ избегала од куќата и се упатила по патот од селото иако ја убедувале таа не сакала да се врати, дека тогаш и звонел на мобилен телефон и за среќа таа се јавила, па слушнал како на висок тон од таму му викала „________ речи им на децата да не идат по мене, да се вратат, тие немат ништо со мене, јас сум со ________ имам пиштол и со ________ ќе умреме заедно“, дека се обидел по телефон да ја разубеди да се врати но таа не го слушала, па се јавил во полиција и им кажал што ________ му кажала за да превземат мерки, дека се јавил на неговиот брат и сестра да одат по ________ за да не направи белја, дека тој повторно се јавил на ________ и таа на телефон му го дал да го слушне нејзиното дете ________, дека ________ му рекол дека е заедно со мајка му и дека заедно ќе умрат, а во подзадина ја слушнал и нејзе како му вика да му каже дека ќе

умрат заедно, дека ________ не кажувал на кое место се, дека по две три минути се јавил повтрно по телефон и ________ му рекла „________ го убив, гледам како умре, сега ќе се убијам и јас“ и му исклучила, дека повторно ________ му се јавила и почнала панично да вика „________, трчај, прати некој ________ ќе умре, што да правам сега“ дека тој ја прашал каде точно се наоѓат, но обвинетата само му кажала дека се наоѓаат во реката кај еден оглем камен, и го гледала патот над реката и бандера, дека по описот тој веднаш сфатил на кое место се наоѓаат, па се јавил во полиција и на брат му му кажал на кое место се наоѓаат, дека по кратко време му се јавиле дека ја нашле ________ испадната на патот во рацете со детето ________ кое било рането со пиштол, дека сеуште не било умрено, дека полицијата била известена и дека доаѓала на местото, дека брат му со возилото со ранетиот ________ тргнале кон ________, а со нив и била и ________ но по патот ________ починал., дека пред да се разболе обвинетата ________, ________ го треирала како и другите деца, а откако се разболела, забележал дека спрема ________ обвинетата се однесувала со омраза, дека ја запрашал зошто е сменета спрема ________, на што обвинетата му одговорила дека најверојатно е одраз на нејзиниот тежок живот што го имала со таткото на ________, како нејзин прв сопруг, кој што ја малтретирал додека биле кратко во брак, како и дека неговиот мобилен телефонски број е __________, а на обвинетата ________ мобилниот телефонски број е _________.

Од исказот на сведокот ___________ се утврди дека е сестра на сопругот на обвинетата ________, дека нејзиниот брат ______ се оженил со обвинетата ________ пред околу 4 години, дека кога обвинетата ________ се омажила за ________ со неа го донела и нејзиното дете од првиот брак по име ________ кој тогаш бил на возраст од околу 2 години, дека откако дошла во куќата на брат и обвинетата ________ се покажала како голема домаќинка, ги средила децата, ја средила куќата, работела и полска работа, дека бидејќи брат и работел во Италија и почесто бил отсутен таа често одела во куќата на обвинетата ________, а исто така и обвинетата одела кај неа дома, дека на ________брат и ______, си заминал назад во Италија, а обвинетата останала со децата и тие неколку дена обвиентата била кај нив на гости и се однесувала сосема нормално, се до ________ попладнето кога на телефон и се јавило едно од децата на брат и по име _____ кој бил на возраст од 14 години и ја викнал веднаш да одат кај нив дома бидејќи обвинетата ________ се заканувала дека ќе го земе ________ и ќе замине од куќата, дека ова многу ја изненадило, дека прво помислила дека е можно да обвинетата сака да оди кај татко и на посета, но по гласот на дететето почувствувала дека нешто друго се случува, па веднаш се облекла и отишла кај нив дома, дека таму ја затекнала обвинета облечена во мантил и за рака го држела ________, нејзиното дете од првиот брак, кое било на возраст од 6 години, и на нејзнино прашање каде се спремила да оди, обвинетата и викала „бегајте, бегајте “, дека бидејќи претходно биле блиски, тргнала кон обвинетата со намера да ја прегрне и да и каже обивнетата во што е проблемот, но обвинетата почнала да се повлеквуа наназад држејќи го ________ за рака и со другата рака подмавнувла велејќи „бегај, бегај, не ми се приближувај“, дека се обидела со зборови да ја убеди обвинетата да влезе во куќата и да и каже што ја мачи, но обвинетата повторно викала само „бегај, бегај,“ па со ________ влегла во една од собите, а таа тргнала по неа, дека не видела од каде, но обвинетата земала стаклено шише и со шишето во рака викала „бегајте“, а потоа го скршила шишето од зидот, половината од шишето и останало во рака, па истото му го ставила под вратот на ________, а неа и рекла„ бегај оти ќе го заколам“, дека тргнала кон детето, го фатила и го тргнала, но обвиентата го тргнала шишето од детето и го ставила на сопственият врат и и рекла „тргни се оти јас ќе се заколам“, дека детето и се истргнало од рацете и отишло кај обвинетата и ја прегрнало околу скутот со плачење, а обвинетата тогаш го фатила за рака ________ и и рекла да и ја отворат

вратата од собата која таа претходно ја затворила, дека кога видела дека не бива, се тргнала од вратата, обвинетата ја отворила вратата, излегла од куќата и тргнала низ дворот кон патот кој што водел од селото спрема селото ________, дека трчала по обвиентата, ја молела да се врати, но обвиентата воопшпто не ја слушала и со брзање одела по патот влечејќи го детето за рака, дека со оглед да е постара и болна жена не можела да трча по обвинетата, дека па преку мобилниот телефон му се јавила на брат и ______ и му кажала дека обвиентата заминала со ________ по патот спрема селото_______, дека не можела да трча по обвинетата, па да најде возило или пешки да оди по обвинетата и да види што е работата, дека брат и ______ наишол некоја кола на некој соселанец и дека тргнале по обвинетата, па дури вечерта кога се вратиле во селото разбрала дека обвинетата направила нешто со ________, дека наводно го пукала и дека ________ по патот починал, а _______ ја задржале во полицијата во______.

Од исказот на оштетениот ________________ се утврди дека е татко на обвинетата, дека обвинетата на 16-17 години се омажила во едно Светиниколско село ________, каде била нападната од деверот, па избегала кај соседите, од каде го повикала него и тој отишол и си ја земал, дека потоа обвинетата се омажила во с. ________, но и таму бракот не успеал поради големи недоразбирања, па иако обвинетата била бремена во 6-ти месец, сепак се вратила дома, дека кај нив се родил синот на ________, ________, дека кога ________ направил околу една година, ________ се омажила за ________ и кога отишла кај него си го земала и синот ________, дека кај ________ затекнала уште 5 деца на ________, дека со ________ имале и едно заедничко дете, дека се било во ред до празникот Рамазан кога дошле со ________ и три од седумте деца, кај нив на гости, дека ________ останала кај нив и тогаш добила напади, така што почнала да се затвора во соба, да вришти, се фаќала околу вратот како да сака да се удави, дека ја однеле кај некој оџа и ________ се смирила, па си заминала со ________ дома, дека ________ ја однел на лекар во Велес, лекарот и дал апчиња и обвинетата ги пиела истите, дека ________ заминал во Италија на работа, па тој и обвинетата се слушале, дека во петокот пред настанот му се јавила обвинетата и му рекла да и донесе некаква маст за раце, дека тоа било последен пат што се слушнале се до ден недела кога му се јавил сопругот на ________, сведокот ________ и му кажал дека претходниот ден обвинетата го земала детето ________, наводно пукала во него, го ранила и дека ________ на пат кон болница починал, дека веднаш отишол во с. ________ и од братот и сестрата на ________ дознал дека претходниот ден-сабота, обвинетата избегала со ________ кон реката под селото, се заканувала дека ќе го убие и пукала од пиштол, дека детето починало од повредата и дека обвинетата ја земала полицијата и е лишена од слобода, а ________ бил даден на обдукција во Скопје, како и дека не предјавува имотно правно барање.

Од исказот на сведокот ________________ се утврди дека на ден ________ година попладнето околу 16,00 часот додека работел на куќата која што му била во градба дотрчал кај него и________, брат на ________ и го замолил да ја земе колата да одат по патот кон с. ________ бидејќи сопругата на ________-обвинетата ________ со нејзиното дете од првиот брак тргнала со закана дека ќе го убие детето, па да видат во што е работа, дека веднаш со неговото возило и со ________ тргнале по патот кон с. ________ меѓутоа по пат не ја стасале ________, дека ________ телефонски се слушал со сопругот на обвинетата ________ кој претходно бил заминат за Италија и тој им кажувал каде од прилика заминала ________, дека под селото на околу 1 километар, до една бандера, ________ била испадната на патот, во рацете го држела детето ________, дека подзастанал со возилото за да види дали ќе бара помош и кога видел дека обвинетата плаче и бара помош го запрел возилото, испаднал надвор и заедно со ________ се договориле да ја стават

обвинетата во возилото и да се вратат кон Велес, да го однесат детето на лекар, бидејќи обвинетата викала дека детето е рането и умира, дека ја внеле обвинетата заедно со детето во колата на задното седиште, а ________ седнал напред, дека тргнале во полиција во ______, каде кажале дека обвинетата со пиштол пукала во детето и дека одат кон Велес, дека тој имал страв и стрес да не евентуално обвинетата ________ со пиштолот пука во нив, па му рекол на ________ да и рече на обвинетата ако може пиштолот да го даде, дека обивнетата го извадила од џебот и му го дала на ________, дека ________ сакал да го фрли пиштолот, но тој му рекол да не го фрла, да го остави во колата под шофершајбанта, кај шал таблата и откако ________ го оставил пиштолот, се ослободил па почнал побрзо да вози, дека кога стигнале до ________ ги пресретнала полицијата и брзата помош, дека полициајта го земала детето и го дала на медицинската екипа која го оставила на количка, му ја подигнала маицата и тогаш со ________ виделе дека детето има дупка во стомакот и дека веќе е мртво, дека полицијата го земала пиштолот од возилото каде што го оставил ________ бидејќи тие лично им кажале на полицијата за пиштолот,. а ________ ја внеле во полициската станица, па потоа ги викнале него и ________.

На вака дадениот исказ на сведокот ________________ се надоврзува и дава целосна слика за настанот Потврдата за привремено предавање предмети од ________ година од која се утврди дека од сведокот ______________ привремено биле одземени еден дамски питшол со фабричен број ЕТ и една рамка.

Од потврда за привремено одземени предмети од ________ година на ПО се утврди дека од обвинетата ________________ се одземени три куршуми малокалибарски, една кутија цигари Родео, еден упаљач (запалка жолта по боја) и 200,00 денари во апоени 2 x 100.

Од фотодокументација бр. ________ на СВР ОКТ Велес судот се стекна со визуелна престава за местото каде ________ со детето дошла до рекатa, седела на каменот и пушела цигара, местото каде што е најден отпушокот, местото каде што се префрлиле преку камењата на другиот брег, местото каде што седела мајката, местото каде што седело детето, односно наспроти неа било детето, местото каде што е најдена влечалката,изгледот на влечалката, местото каде што наредниот ден е пронајдена и другата влечалка во непосредна близина, местото када што се оставени влечките на обвинетата ________, местото каде што по брегот се упатиле кон патот, местото каде што обвинетата излегла на патот, местото каде што обвинетата по патот заминала кон градот и местото каде што седела крај патот.

Од записник за увид Кри.бр. ____ од ________ година на Основен суд Велес се утврди состојбата на местото на настанот.

Од доставување на информации со детелен преглед на дојдовни повици и детален преглед по барање дел.бр. ________ од ________ година на Т-Мобиле Македонија АД Скопје се утврди дека на ден ________ година обвинетата имала дојдовни повици од странство во 11:55:01 и разговорот траел 2 секунди, во 11:55:51 и разговорот траел 33 секунди, во 11:57:01 и разговорот траел 2 секунди, во 12:07:59 и разговорот траел 5 минути и 26 секунди, во 13:11:30 и разговорот траел 22 секунди, во 15:11:47 и разговорот траел 1 минута и 15 секунди, во 15:16:04 и разговорот траел 3 минути и 40 секунди, во 15:30:08 и разговорот траел 41 секунди, во 15:33:18 и разговорот траел 8 секунди, во 15:35:43 и разговорот траел 9 секунди, во 15:39:44 и разговорот траел 47 секунди, во 15:43:52 и разговорот траел 16 секунди, во 15:45:48 и разговорот траел 18 секунди, дека сведокот ________________ ја побарал обвинетата на мобилен телефон на ________ година во два наврати и тоа во 15:40:21 часот и 15:42:12 часот, но повикот нема време на траење што значи обвинетата не одговорила на истиот.

Од вешт наод и мислење бр. ________ од ________ година на ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија Скопје се утврди дека обвинетата ________

# АНЕКС 2 | Решение за изрекување на мерка за безбедност

_________ боледува од депресивно растројство со психотични елементи-растројство кое се карактеризира со присуство на емотивна тага и отсуство на било каква животна радост, дека депресивниот афект ја обојува и мисловната содржина-идеи на грешност, безвредност и самообвинување, на кој се надоврзува идејата за прекин за контакт со вистинскиот свет кој ги опкружува, што кулминира со суицидален акт, дека често пати во овој депресивен систем можат да бидат вклучени и најблиските и од алтруистички побуди да бидат вклучени во суицидалниот акт, со идеја за нивен спас од проблемите кои надоаѓаат и воедено се нерешливи, дека обвинетата _________ _________ темпоре криминис-во момент на сторувањето на кривичното дело не била во можност да го сфати значењето на делото и да управува со своите постапки, дека обвинетата _________________ темпоре криминис-делувала во состојба на непресметливост, па вештите лица на судот му предлагаат на обвинетата _________ да и се одреди мерка на безбедност по чл.63 од КЗ на РМ-задолжително лекување во психијатриска установа.

Од секционен протокол СП.бр. _________ од _________ година на Институт за судска медицина криминалистика и медицинска деонтологија Скопје, се утврди дека смрта на сега покојното дете ______________, на возраст од 5 години е насилна и настанала како резултат на крваречки шок, дека во текот на обдукцијата кај сега покојното дете констатирана била една устрелна огнострелна повереда чиј што е влез е во пределот на левата страна на епигаструмот, во висина од 72 сантиметри над стопалото, минува низ мечовидниот продолжеток од градната коска, желудникот, црниот дроб, десниот бубрег, десната купола од дијафрагмата, десетото ребро од десната страна на градниот кош и проектилот се нашол во поткожното масно ткиво од десната страна на градниот кош на 3,5 сан, кон десно од задната средишна линија, на висина од 70 сан од стопалото, дека каналот е во правец од напред кон назад, од горе кон долу и лесно од лево кон десно, дека каналот е со должина од 17 сан., дека во десната страна од градниот кош се нашле 200 ccмна темно црвена крв, а во стомачната празнина се нашле 500 ccм на темно црвена крв, дека како резултат на наглото губење на крв од садовниот систем настанало нарушување на систематската циркулација со нарушување и престанок на фунционирањето на важно виталните органи поради што настапила смрт кај сега покојното дете _________.

Од извештај бр. ____ на МВР ОКТ и извештај за мобилни апарати со прилог печатен материјалн 22 страници рег.бр. _________ од _________ година на МЗВР ОКТ , се утврди дека мобилен телефон Самсунг GT-B 3310 е на обвинетата _________ _________, а мобилен телефон Самсунг GT-E 1170 е на сведокот_____________.

Од увид во два мобилни телефони макра Самсунг едниот одземен од _________ _________, а другиот одземен од ____________ судот се стекна со визуелна престава за изгледот на одземените телефони.

При одлучувањето судот го ценеше исказот на сведокот ____________ во делот дека денот кога неговиот син ______ му се пожалил на телефон од односот на обвинетата, бил ______ година, а наредниот ден се случил кривично правниот настан, но истиот не го прифати од причина што од сите изведени докази, особено од Записникот за увид и Потврдите за привремено одземени предмети се утврди дека кривично правниот настан се случил на ден _________ година, а и самиот овој сведок наведува дека ______ му се пожалил на телефон од обвинетата во ден петок, а кривично правниот настан се случил наредниот ден, при што неспорно е дека петок било на ______ година, а на ______ година било сабота.

Од погоре наведеното судот утврди дека во дејствијата на обвинетата се содржани битните елементи на кривичните дела Убиство од чл.123 ст.2 т.2 в.в со чл.12 ст.1 од КЗ и Неовластено изработување, држење или тргување со оружје или распрскувачки материи од чл.396 ст.1 в.в со чл.12 ст.1 од КЗ, поради што судот

# АНЕКС 2 | Решение за изрекување на мерка за безбедност

имајки го особено во предвид вештачење од ЈЗУ Клиника за психијатрија Скопје, врз основа на чл.63 од КЗ и чл.525 и 526 од ЗКП на обвинетата и изрече мерка за безбедност Задолжтилно психиајтриско лекување и чување во здрасвтвена установа.

Мерката за безбедност Задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа ќе се извршува во ЈЗУ Психијатриска болница Скопје-Скопје.

Согласно чл.243 ст.1 од ЗИС, здравствената установа во која ќе се извршува мерката на безбедност должна е најмалку два пати годишно да го известува судот за здравствената состојба на обвинетиот.

Согласно чл.247 од ЗИС трошоците на извршувањето на мерката на безбедност паѓаат на товар на буџетот на РМ, а се обезбедуваат во посебна ставка во буџетот на Минситерството за здравство.

Трошоциите сторени во текот на кривичната псотапка во вкупен износ од _________ денари, а кои се однесуваат на награда за психијатриско вештачење во износ од _________ денари и награда за бранителот поставен по службена должност адвокат _______________ и тоа за две застапувања, едно во истрага и едно на главен претрес во износ од по _________ денари за едно застапување, паѓаат на товар на обвинетата до колку се утврди дека истата е сопственик и располага со имот, а во спротивно на буџетсктие средства на РМ.

Согласно чл.100-А од ЗКП, се одземаат три куршуми мало калибарски, еден дамски пиштол со фабрички број ЕТ _________ и една рамка, во корист на Државата, по правосилноста на решението.

Една кутија цигари Родео, еден упаљач жолта боја, 200,00 денари во апоени 2 х 100 и еден мобилен телефон марка Самсунг GT-B 3310 со имеи _________ да се врати на обвинетата _________ _________ по правосилноста на решението.

Еден мобилен телфон марка Самсунг GT -E 1170I со имеи _________ да се врати на ________________ по правосилноста на решението.

Одлучено во Основен суд Велес, _________ година.

Записничар,
Лилјана Сотјанвоа

Претседател на судот-судија,
Габриела Гајдова

ПРАВНА ПОУКА:
Против ова ршеение незадоволанта странка има право на жалба во рок од 8 дена од приемот на истото, преку овој суд до Апелациониот суд Скопје.

ДН:ОЈО, обвинет, бранител, надлежен орган за старателство и надлежен орган за одземање на деловна способност.

USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

JUDICIAL STRENGTHENING PROJECT

Овој прирачник е издаден со помош на Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Ставовите искажани во прирачникот не ги изразуваат ставовите на УСАИД или Владата на Соединетите Американски Држави.